Свети Филарет Московски

# ПРАВОСЛАВЕН КАТИХИЗИС

(електронска верзија)

*Со благослов на митрополитот*
*Кумановско-осоговски*
*Г. д-р Јосиф*

**Наслов на оригиналот:**
Пространный Православный Катихизис
Православной Кафолической Восточной Церкви

**Лектура:**
Петар Георгиевски

**Графички дизајн:**
Милан Јаковчевски

**Печати:**
Нипонграфик, Охрид




ИЗДАНИЕ НА ЕПАРХИСКИОТ ЦРКОВНО-ПРОСВЕТЕН
СОВЕТ НА КУМАНОВСКО-ОСОГОВСКАТА ЕПАРХИЈА

Свети Филарет Московски

# Православен катихизис

(електронска верзија)

Кумановско-осоговска епархија
Куманово, 2013

# Содржина

Вовед ........ 7
Прв дел: За верата ........ 29
Втор дел: За надежта ........ 119
Трет дел: За љубовта ........ 147
Заклучок ........ 189

# ВОВЕД

*Имај ги, како образец, здравите зборови, што си ги чул од мене, со вера и љубов во Исус Христос!* (2 Тим. 1, 13)

## Почетни концепти

**1. Што е тоа „православен катихизис“?**

Православен катихизис е поучување во православната, христијанска вера. Катихизисот му се дава на секој христијанин, за секој да може да достигне благоугодување на Бога и да добие спасение на душата.

**2. Што значи зборот катихизис?**

Зборот катихизис во превод од грчки јазик значи огласување, усно поучување, а, соодветно на неговата употреба во времето на апостолите со тој збор се означува првоначалното учење за православната христијанска вера, учење кое му е неопходно на секој христијанин (Лк. 1, 4; Дела. 18, 25).

**3. Што е неопходно за благоугодување на Бога и за спасение на нашите души?**

За благоугодување на Бога и за спасение на душата се неопходни, најнапред, познание на вистинскиот Бог и правилна вера во Него; а, како второ, живот во верата и правење добри дела.

**4. Зошто најнапред е неопходна вера?**

Верата е неопходна затоа што, како што сведочи Библијата: *без вера не е можно да Му се угоди на Бога* (Евр. 11, 6).

**5. Зошто освен вера се неопходни и живот според верата и добри дела?**

Животот според верата и добрите дела треба да се неразделни од верата затоа што, како што сведочи Светото Писмо: *верата без добри дела е мртва* (Јак. 2, 20).

**6. Што е всушност тоа што го нарекуваме вера?**

Според објаснувањето на светиот апостол Павле, верата е жива претстава за она, на кое се надеваме, и докажување на она, што не се гледа (Евр. 11, 1), односно таа е увереност во невидливото – како во видливо и, во посакуваното и очекуваното – како во вистинско, реално.

**7. Во што се состои разликата меѓу верата и знаењето?**

Разликата помеѓу знаењето и верата се состои во тоа што знаењето за свој предмет го има видливото и податливото, а верата – невидливото и недостигливото. Знаењето се темели на опит или на проучување на предметот, а верата – на доверба во свидетелот на вистината. Знаењето му припаѓа на умот, макар што може да дејствува и врз срцето; верата, пак, првенствено му припаѓа на срцето, иако таа се зачнува во мислите.

**8. Зошто во изучувањето на благочестието не ни е неопходна само вера, туку и знаење?**

Во учењето на благочестието не се бара само знаење, туку и вера, бидејќи главниот предмет на тоа учење е невидливиот и недостижен Бог и Божјата премудрост, која е сокриена во тајна. Затоа,

многу делови од тоа учење не можат да бидат опфатени со знаењето на разумот, но можат да бидат примени со вера. „Верата“, вели свети Кирил Ерусалимски, „е око, кое ја озарува секоја совест; таа му дава видение на човекот“. *Оти*, како што вели пророкот Исаија, *ако не верувате, нема да се додржите* (Ис. 7, 9) (*Петто огласително поучение*).

**9. Свети Кирил ја објаснува неопходноста од верата и на следниов начин:**

„Не само во нас, кои го носиме Христовото име, се почитува верата, туку и сето она што се извршува во светот, дури и од луѓето кои ѝ се туѓи на Црквата, се совршува со вера. Врз основа на верата се утврдува земјоделието, бидејќи ако некој не верува во тоа дека ќе собере плодови, тој нема да ги истрпи трудовите. Со вера се раководат морепловците кога ја доверуваат својата судбина на малечко дрвце, па непостојаното движење на брановите го претпочитаат и пред најтврдата земјена стихија, та се предаваат себеси на неизвесните надежи и имаат толку голема вера која за нив е понадежна од секое сидро“ (*Петто огласително поучение*).

## За Божјото откровение

**10. Кој е изворот на учењето за православната вера?**

Учењето на Православната Црква го црпиме од Божјото откровение.

**11. Што подразбираме кога говориме за Божјо откровение?**

Под „Божјо откровение“ се подразбира дека Самиот Бог им открил на луѓето дека можат правилно и спасително да веруваат во Него и достојно да Го почитуваат.

**12. Дали Божјото откровение им е дадено на сите?**

Бог им дава откровение на сите луѓе, затоа што тоа е неопходно и спасително, но со оглед на тоа што не сите луѓе се кадарни непосредно да го примат откровението од Бога, Тој избрал особени возвестители на Своето откровение, и тие го предавале на сите луѓе, кои сакале да го примат.

**13. Зошто не се способни сите луѓе да го примат Божјото откровение?**

Заради гревовната нечистотија и немоќта на духот и телото.

**14. Кои се возвестители на Божјото откровение?**

Возвестители на Божјото откровение се: Адам, Ное, Авраам, Мојсеј и другите пророци. Тие го примиле и проповедале зачетокот на Божјото откровение; но во полнота и во совршенство Божјото откровение на земјата го примил, и преку Своите ученици и апостоли го распространил по целата Вселена воплотениот Божји Син, нашиот Господ Исус Христос.

Во почетокот на своето Послание до Евреите апостолот Павле вели: *Бог, Кој во старо време, многупати и на многу начини им зборуваше на нашите отци преку пророците во последните дни им зборува пре-*

*ку Синот, Кого го постави за наследник на сѐ, преку Кого ги создаде и вековите* (Евр. 1, 1-2). Истиот апостол им пишува на Коринтјаните: *ја проповедаме Божјата премудрост, тајна сокриена, која Бог ја предодредил уште пред вековите за наша слава, која никој од господарите на овој свет не ја познал... нам, пак, ни го откри тоа Бог преку Својот Дух, зашто Духот испитува сѐ, па дури и Божјите длабини* (1 Кор. 2-7-8, 10). Во Евангелието евангелистот Јован пишува: *Бога никој никогаш не Го виде, единородниот Син, Кој е во крилото на Отецот – Он Го објави* (Јн. 1, 18). Самиот Исус Христос говори: *никој не Го познава Синот, освен Отецот; ниту Отецот Го познава некој освен Синот, и кому што сака Синот да Го открие* (Мт. 11, 27).

**15. Може ли човек да Го познава Бога без лично откровение?**

Човек може да Го познава Бога преку набљудувањето на светот кој е создаден од Бога, но тоа разбирање е несовршено и недоволно и може да служи само за подготовка во верата или на извесен начин да води кон познание на Бога од Неговото откровение.

Она, што е во Него невидливо, односно вечната Негова сила и Божество, се гледа уште од создавањето на светот (Рим. 1, 20).

Тој ги создаде сите народи за да се населат по целата земја, откако им определи одредени времиња и граници на нивните живеалишта за да Го бараат Бога, па да Го напипаат и најдат, бидејќи Тој не е далеку од ниеден од нас. Зашто во Него живееме, се движиме и постоиме (Дела 17, 26-28).

„Во верата во Бога претпостои помислата дека Бог постои, помисла која изникнува преку набљудување на создадените нешта. Внимателно набљудувајќи го Божјиот свет, спознаваме дека Бог е премудар, семоќен, благ; па така ги познаваме и сите Негови невидливи својства. На тој начин Го примаме како врховен Управител. А со оглед на тоа дека Бог е Творец на целиот свет, а ние сме дел од светот, следствено, Бог е и наш Создател. По ова познание надоаѓа верата, а зад верата доаѓа поклонувањето“ (свети Василиј Велики, *Послание 232*).

## За Светото предание и Светото писмо

**16. Како се распространува и чува Божјото откровение?**

Божјото откровение се распростира помеѓу луѓето и се сочувува во вистинската Црква на два начина: со посредство на Светото предание и на Светото писмо.

**17. Што е тоа што го нарекуваме Свето предание?**

Под поимот „Свето предание“ се подазбира она што луѓето кои искрено веруваат и Го почитуваат Бога преку слово и пример си го предаваат едни на други и тоа што претците им го предаваат на потомците: учењето на верата, Божјиот закон, Светите тајни и свештените обреди.

**18. Каде се чува Светото предание?**

Сите што вистински веруваат, соединети во Светото предание на верата, во целост и преку преемство, според Божјото устројство ја сочинуваат Црквата, која е верно хранилиште на Светото предание, или, според зборовите на светиот апостол Павле: Црква на живиот Бог, столбот и тврдината на вистината (1 Тим. 3, 15). Свети Иринеј пишува: „Не треба вистината која е лесно да се земе од Црквата, да ја бараме во други. Затоа што во неа, како во богата сокровишница, апостолите во полнота положиле сè што ѝ припаѓа на вистината, така што секој што сака може од неа да ја прими храната на животот. Таа е порта на животот“ (*Против ересите, кн. 3, глава 4*).

**19. Што е Свето писмо?**

Свето писмо се нарекуваат книгите, кои се напишани под раководство на Божјиот Дух преку осветени од Бога луѓе, наречени пророци и апостоли. Обично тие книги се нарекуваат со името Библија.

**20. Што значи зборот Библија?**

Зборот **библија** е грчки збор. Во превод значи **книги**. Со тој назив се истакнува дека светите книги се подостојни за внимание од сите останати книги.

**21. Што е подревно: Светото предание или Светото писмо?**

Најдревен и првоначален начин за распространување на Божјото откровение е Светото писмо. Од Адам до Мојсеј не постоеле свети книги. Самиот наш Господ Исус Христос Своето Божествено учење го востановил и им го предал на

учениците со Своето слово и пример, а не преку книга. На тој начин, од почетокот, и апостолите ја распространувале верата и ја утврдувале Христовата Црква. Неопходноста од Преданието е видлива и од тоа што со книгите не можат да се ползуваат сите, а со Преданието можат сите.

**22. Зошто, за која цел ни е дадено Светото писмо?**

Светото писмо ни е дадено за поточно и неизменливо да се сочува Божјото откровение. Во Светото писмо ги читаме зборовите на пророците и апостолите точно така како што би ги слушале кога со нив би живееле, без оглед на тоа што светите книги коишто ја сочинуваат Библијата се напишани неколку векови, или илјадалетија пред нашето време.

**23. Треба ли да го запазуваме Светото предание кога веќе ни е дадено Светото писмо?**

Да. Светото предание треба да го чуваме заедно со Божјото откровение и Светото писмо согласно на тоа како нѐ учи самото Свето писмо. Имено, апостолот Павле пишува: *И така, браќа, стојте и држете ги преданијата што ги научивте, било преку нашето слово, било преку вашето послание* (2 Сол. 2, 15).

**24. Како да се ползуваме со Светото предание во наше време?**

Преданието е неопходно и сега за раководство кон правилно разбирање на Светото писмо, за правилно извршување на Светите тајни и за сочувување на свештените обреди во чистотата на нивното првоначално воспоставување. Свети

Василиј Велики за тоа го вели следново: „Од догмите и учењата коишто ни се сочувани во Црквата некои ги имаме од писменото поучување, а некои сме ги примиле од апостолското предание, преку црковното преемство. И едните и другите имаат една и иста сила за благочестие, и на тоа нема да му противречи никој кој е макар и малку опитен во црковните основи. Бидејќи, доколку се одважиме да ги порекнуваме напишаните обичаи како нешто што нема голема важност, тогаш незабележливо ќе го повредиме Евангелието во најглавното или, уште повеќе од тоа, од проповедта на апостолите ќе оставиме само празно име. На пример, најнапред да си спомнеме за првото и најопшто: кој преку писание ги учел верните кои се надеваат во името на нашиот Господ Исус Христос да се осенуваат со образот на крстот? Кој од светиите оставил пишани слова за призивот за принесување на Евхаристискиот Леб и Чашата на Благословението? Бидејќи не се задоволуваме со тие слова кои ги напомнуваат апостолите или Евангелијата, туку и пред нив, и после нив произнесуваме и други, како слова кои имаат голема сила за Тајните кои ги примаме од непишаното учење. Исто така, според какво писмо ја благословуваме и водата на Крштението и елејот на Помазанието, па и самиот оној кој се крштева? Зарем не според премолченото и тајно Предание? И што уште? Со какво слово нѐ научиле за помазувањето со елеј? Од каде е и трикратното потопување на човекот, и сѐ останато што се однесува на Крштението; одрекувањето од сатаната и неговите паднати ангели, од какво писание е преземено? Зарем не од необнародли-

вото и неизречиво учење, коешто отците го сочувале во недостапно љубопитство и преку испитуваното молчание биле научени да ја сочуваат светињата на Тајните? Оти каква пристојност би можела преку писание да огласува за тоа што на некрстените не им е дозволено ниту да го погледнат?“ (*Правило 97, За Светиот Дух, Гл. 27*).

## За Светото писмо

**25. Кога се напишани книгите кои го сочинуваат Светото писмо?**

Светите книги се пишувани во различни времиња. Еден дел се напишани пред Рождеството Христово, а друг дел после него.

**26. Како се поделени книгите во Светото писмо?**

На два дела кои имаат посебни имиња. Светите книги кои се напишани пред Христовото Рождество се нарекуваат книги на Стариот завет, а оние кои се напишани после Христовото Рождество се нарекуваат книги на Новиот завет.

**27. Што се тоа Стар и Нов завет?**

Стариот и Новиот завет се, поинаку кажано, древниот и новиот сојуз на Бога со човекот.

**28. Во што се состои сржта на Стариот завет?**

Сржта на Стариот завет се состои во тоа што Бог ветил дека ќе им го даде на луѓето Спасителот и ги подготвувал за Негово примање.

**29. Како ги подготвувал Бог луѓето за примање на Спасителот?**

Бог ги подготвувал луѓето за примање на Спасителот преку откровение, пророштва и праслики.

**30. Во што е содржината на Новиот завет?**

Содржината на Новиот завет зборува за тоа дека Бог навистина им го дал на луѓето Божјиот Спасител, Единородниот Свој Син Исус Христос.

**31. Од колку книги се состои Новиот завет и како се викаат тие книги?**

Свети Кирил Ерусалимски, свети Атанасиј Велики и преподобен Јован Дамаскин како свети книги коишто го сочинуваат Стариот завет прифаќаат дваесет и две, соодветно на евреите (свети Атанасиј, *39-то празнично послание*; преподобен Јован Дамаскин, *Точно изложување на Православната вера, кн. 4, глава 17*).

**32. Пресметувањето на евреите**

е достојно за внимание затоа што, како што вели апостол Павле, ним им беа доверени Божји слова и новозаветната христијанска Црква ги прими Старозаветните свети книги од старозаветната еврејска Црква (Рим. 3, 2).

**33. Старозаветните книги**

Свети Кирил и свети Атанасиј ги набројуваат на следниот начин: 1. Книга Битие; 2. Излез; 3. Левит; 4. Броеви; 5. Повторени закони; 6. Книга на Исус Навин; 7. Книга на Судиите и припоената кон нив книга Рут; 8. Прва и втора книга Царства - како два дела на една книга; 9. Трета и четврта книга Царства; 10. Прва и втора книга Летописи

(Паралипоменон); 11. Прва и втора книга Ездра, при што втората на грчки е наречена Неемија; 12. Естир; 13. Книга Јов; 14. Псалтир; 15. Приказни Соломонови; 16. Еклисијаст; 17. Песна над песните; 18. Книга на пророкот Исаија; 19. Книга на пророкот Еремија; 20. Книга на пророкот Езекиј; 21. Книга на пророкот Даниил; 22. Книги на дванаесетте пророци.

**34. Во тој попис на Старозаветните книги не е споменато**

за книгата Премудрост на Исус, синот Сирахов, и за некои други книги затоа што нив ги нема во Библијата на еврејски јазик.

**35. Ние треба да ги прифаќаме тие последни книги.**

За нив Атанасиј Велики вели дека тие се назначени од светите отци за да бидат читани од членовите на Црквата.

**36. Како се делат книгите на Стариот завет?**

Според содржината Старозаветните книги можеме да ги разделиме на четири видови книги: 1) **законски книги**, кои ја сочинуваат главната основа на Стариот завет; 2) **историски**, кои првенствено ја содржат старозаветната историја на благочестието; **учителски** (**поучни**), кои го содржат учењето на благочестието; 4) **пророчки**, кои ги содржат пророштвата или претскажувањата за иднината, и особено за Исус Христос.

**37. Кои Старозаветни книги се законски?**

Законските книги се книгите напишани од пророкот Мојсеј и се пет на број: Битие, Излез,

Левит, Броеви, Повторени закони. Самиот Исус Христос на тие книги им го дава општото име – *Мојсеев закон* (Лк. 24, 44).

**38. Книгата Битие**

содржи опис за создавањето на светот и човекот, а исто така, ја содржи и историјата за востановувањето на благочестието во првите времиња од постоењето на човековиот род.

**39. Другите четири книги на Мојсеј**

ја содржат историјата на благочестието во времето на пророкот Мојсеј и на, преку него, дадениот Божји закон.

**40. Кои се историски книги на Стариот завет?**

**Историски** книги на Стариот завет се книгите: Исус Навин, Судии, Рут, Царства, Паралипоменон, Ездра, Неемија и Естир.

**41. Кои се поучни Старозаветни книги?**

**Поучни** книги се: книгата Јов, потоа Псалтирот и Соломоновите книги.

**42. Какво место зазема Псалтирот во Стариот завет?**

**Псалтирот**, покрај тоа што содржи учење за благочестието, содржи и укажувања за неговата историја и многу пророштва за Христос Спасителот. Таа е превосходно раководство кон молитва, прославување на Бога и затоа постојано се употребува во црковното богослужење.

**43. Кои Старозаветни книги се пророчки?**

**Пророчки** книги се книгите на пророците: Исаија, Еремија, Езекил, Даниил и книгите на

дванаесетте мали пророци.

**44. Колку книги има во Новиот завет?**

Во Новиот завет има дваесет и седум книги.

**45. Кои се Новозаветни законски книги?**

**Законски** книги, односно книгите кои првенствено ја составуваат основата на Новиот завет со право можат да се наречат *Еванѓелие*. Него го сочинуваат четирите книги на евангелистите: Матеј, Марко, Лука и Јован.

**46. Што значи зборот „Евангелие“?**

Зборот **Евангелие** е грчки збор и значи **благовестие**, односно добра и радосна вест.

**47. За што се говори во Евангелието?**

Книгите кои ги нарекуваме Евангелие благовествуваат за Божеството на нашиот Господ Исус Христос, за Неговото пришествие (доаѓање) на земјата, за Неговиот живот на земјата, за Неговите чуда и Неговото спасително учење и, на крај, за Неговата крсна смрт, славното Воскресение и Вознесение на небото.

**48. Зошто четирите евангелија го добиле тој назив?**

Тие книги се наречени Евангелие затоа што за луѓето не може да има подобра и порадосна вест, отколку веста за Божјиот Спасител и за вечното спасение. Затоа пред и по читањето на Евангелијата во црква го применуваме радосниот восклик: **Слава Ти Господи, слава Ти**!

**49. Која Новозаветна книга е историска?**

Помеѓу Новозаветните книги е и историската книга која е наречена *Дела на светите апостоли*.

**50.** Таа сведочи и говори за слегувањето на Светиот Дух врз апостолите и за распространувањето на христијанската Црква преку нив.

**51. Што значи зборот „апостол“?**

Зборот **апостол** значи **пратеник**. Со тоа име се нарекуваат избраните ученици на нашиот Господ Исус Христос, учениците кои Тој ги пратил за да го проповедаат Евангелието.

**52. Кои се поучни книги во Новиот завет?**

**Учителските** (**поучни**) книги на Новиот завет се седумте Соборни посланија: едно на свети Јаков, две на св. Петар, три на свети Јован и едно на Јуда, како и четиринаесетте посланија на апостолот Павле: кон римјаните, коринтјаните (две), галатјаните, ефесјаните, филипјаните, колосјаните, солуњаните – (две), Тимотеј (две), Тит, Филимон и Евреите.

**53. Која е пророчка Новозаветна книга?**

Меѓу книгите на Новиот завет спаѓа и една *пророчка* книга – *Апокалипсис*-от.

**54. Во превод од старогрчки јазик**

тој збор (апокалипсис) значи *Откровение*.

**55. Таа книга содржи таинствено изобразување**

на идната судбина на Христовата Црква и на целиот свет.

**56. Како треба да го читаме Светото писмо?**

При читањето на Светото писмо треба да се запази следново. Најнапред, неопходно е да го читаме со вера и почит, како Божјо слово и со молитва за негово разбирање; како второ, треба да

го читаме со чиста намера, за наше поучување во верата и побудување кон добри дела; а како трето, треба да го разбираме во согласност со толкувањата на Библијата кои ни се дадени од Православната Црква и нејзините свети отци.

**57. Што ни потврдува дека Светото писмо е навистина Божјо слово?**

Кога Црквата го предложува учењето на Божјото откровение и на Светото писмо на луѓето кои нив сè уште не ги дознале, тогаш, таа им ги покажува следниве знаци дека навистина станува збор за вистинско Божјо слово. *1.* Височината на тоа учење, која ни сведочи дека тоа не можело да биде изобразено од човековиот разум. *2.* Чистотата на тоа учење, која ни покажува дека тоа произлегло од најчистиот Божји ум. *3.* Пророштвата. *4.* Чудата. *5.* Многустраното дејство на тоа учење врз човековите срца, дејствување кое е својствено само за Божјата сила.

**58. Што подразбираме под пророштва?**

Пророштвата се знак на вистинското Божјо откровение, и тоа може да се разјасни со пример. Пророкот Исаија го претскажал Рождеството на Христос Спасителот од Дева, нешто што природниот разум на човекот не може ниту да го замисли, и неколку стотици години после тоа пророштво нашиот Господ Исус Христос се родил од Пресвета Дева Марија. Не можеме а да не видиме дека пророштвото било слово на севидливиот Бог и дека исполнувањето на пророштвата е дело на семоќниот Бог. Затоа и светиот евангелист Матеј, раскажувајќи за Христовото Рождество, го

наведува пророштвото на Исаија: *А сето тоа стана за да се исполни кажаното од Господа преку пророкот, кој вели: „И ете, девица ќе зачне во утробата своја и ќе роди Син, и ќе го наречат Емануил - што значи: со нас е Бог!"* (Мт. 1, 22-23).

**59. Што се чуда?**

Чудата се дела кои не можат да бидат направени на сила, ниту преку човековото знаење, неговите моќи, туку преку семоќната Божја сила. На пример – воскресение на мртов човек.

**60. Чудата се знак за вистинско Божјо слово.**

Оној што прави вистински чуда, тој дејствува со Божјата сила, па следствено на тоа му е угоден на Бога и е причестен од Божјиот Дух. А на таквиот човек му е својствено да ја говори само чистата вистина. И затоа, кога зборува преку Божјото име, тогаш преку него, без сомнение, говори Божјото Слово. Затоа Самиот наш Господ Исус Христос ги признава чудата за важно сведоштво на Своето праќање од Бог Отецот: *делата што Ми ги даде Отецот да ги вршам, самите тие дела, што ги извршувам Јас, сведочат за мене дека Ме пратил Отецот* (Јн. 5, 36).

**61. Какво е влијанието на христијанското учење?**

Моќното влијание на христијанското учење особено може да се види во примерот на дванаесетте апостоли, одбрани од сиромашни, необразовани луѓе, луѓе со ниска општествена положба. Сепак, со христијанското учење тие победиле и ги

покориле под Христос силните, мудрите, богатите; покориле цареви и царства.

## Состав на катихизисот

**62. На кои три делови може да се подели катихизисот?**

За правилно да го претставиме составот на катихетското учење за благочестието можеме, соодветно со книгата *Православна вероисповед*, одобрена од источните православни Патријарси, да ја земеме за основа мислата на апостолот Павле кој вели дека во основата на овдешниот живот на христијанинот треба да бидат ВЕРАТА, НАДЕЖТА и ЉУБОВТА. *А сега остануваат овие три работи: верата, надежта и љубовта* (1 Кор. 13, 13).

Значи, на христијанинот му се неопходни: како прво, учење за верата во Бога и во Светите тајни кои Тој ни ги открива; како второ, учење за надежта во Бога и за средствата за утврдување во неа; и, како трето, учење за љубовта кон Бога и кон сето она што Тој повелува да го љуби.

**63. На кој начин ни се открива патот кон верата?**

Црквата нѐ воведува во учењето за верата со посредство на Символот на верата.

**64. Како ни се објавува учењето за надежта?**

Раководство кон учење за надежта може да се најде во Господовите слова за блаженствата и во

Господовата молитва.

**65. Како ни се открива учењето за љубовта?**

Начелно учење за љубовта може да се најде во десетте заповеди на Божјиот закон, а исто така, и во Новиот завет (Мт. 5, 44-46; Мт. 10, 37; Мк. 12, 30-38; Лк. 7, 47; Лк. 11, 42; Јн. 13, 34-35; 1 Кор. 13, 1-9 и др.).

ПРВ ДЕЛ

# ЗА ВЕРАТА

## За Символот на верата воопштено и за неговото потекло

**66. Што е Символот на верата?**

Символот на верата е учење за тоа во што треба да веруваат христијаните. Тој е изложен во кратки, но точни зборови.

**67. Како гласи Символот на верата?**

*1. Верувам во Единиот Бог Отец, Седржител, Творец на небото и на земјата, и на сѐ видливо и невидливо;*

*2. И во Единиот Господ Исус Христос, Син Божји, Единороден, Кој е роден од Отецот пред сите векови; Светлина од Светлина, вистински Бог од вистинскиот Бог, роден, несотворен, единосуштен на Отецот, преку Кого сѐ станало;*

*3. Кој заради нас луѓето и заради нашето спасение слезе од небесата и се воплоти од Светиот Дух и Марија Дева и стана човек;*

*4. И Кој беше распнат заради нас во времето на Понтиј Пилат, и страдаше и беше погребен;*

*5. И Кој воскресна во третиот ден, според Писмото;*

*6. И Кој се вознесе на небесата и седи оддесно на Отецот;*

*7. И Кој пак ќе дојде со слава, за да им суди на*

*живите и на мртвите, и Неговото Царство не ќе има крај;*

*8. И во Светиот Дух, Господ Кој дава живот, Кој исходи од Отецот, Кој со Отецот и Синот е почитуван и славен, и Кој говорел преку пророците;*

*9. Во една, света, соборна и апостолска Црква;*

*10. Исповедам едно крштение за прошка на гревовите;*

*11. Го чекам воскресението на мртвите;*

*12. И животот во идниот век. Амин.*

**68. Кога и од кого е создаден Символот на верата?**

Учењето за верата кое ни е изложено во Символот на верата, нам ни е дадено на тој начин од светите отци на Првиот и Вториот вселенски собор.

**69. Што е тоа Вселенски собор?**

Вселенскиот собор е собор на пастири и учители на христијанската соборна Црква, кои, по можност, на Вселенски собор доаѓаат од целата Земја. Тој собор се свикува за утврдување на вистинитото учење и благочестивост помеѓу христијаните.

**70. Колку вкупно Вселенски собори се одржани?**

Вкупно се одржани седум Вселенски собори: I Никејски (325 год.); II Константинополски (381 год.); III Ефески (431 год.); IV Халкидонски (451 год.); V Константинополски (553 год.); VI Константинополски (680 год.); VII Никејски (787 год.).

**71. Од каде потекнува правилото на одржување на Вселенски собори?**

Правилото да се свикуваат Собори е основано врз примерот на апостолите кои свикале Собор во Ерусалим (Дела 15.). Освен тоа, како основа за свикување на Собори ни е и кажаното од Самиот Господ Исус Христос, Кој на дефинициите за Црквата им дал таква важност што оној кој ги нарушува се покажува како лишен од благодатта, како кривоверен. *Кажи ѝ на Црквата, па, ако и Црквата не ја послуша, тогаш нека ти биде тој како незнабожец и митник* (Мт. 18, 17). Начинот на кој Вселенската Црква ги искажува своите суштествени определеби е токму Вселенскиот собор.

**72. Зошто се свикани Првиот и Вториот вселенски собор?**

Првиот и Вториот вселенски собор на кои е составен Символот на верата, биле свикани заради следниве причини: првиот – за утврдување на вистинитото учење за Синот Божји, против лажното учење на Арий; а вториот – за утврдување на учењето за Светиот Дух, против лажното учење на Македониј.

**73. Колку правила (канони) се создадени на тие Собори?**

Првиот вселенски собор составил 20 правила (канони), а Вториот, пак, составил 7 правила (канони).

## За членовите на Символот на верата

**74. Од колку членови се состои Символот на верата?**

За подобро да се разбере вселенската смисла на верата, треба да се обрне внимание на неговото делење на дванаесет членови, или делови, и секој член да се разгледува одделно.

**75. За што се говори во секој од тие членови?**

Во првиот член од Символот на верата се говори за Бога, особено за првата Ипостас на Света Троица – за Бог како Отец и за Бог како Творец на светот. Во вториот член – за втората Ипостас на Светата Троица, за Господ Исус Христос, Синот Божји. Во третиот член – за **Воплотувањето** на Божјиот Син. Во четвртиот член – за **страдањето и смртта** на Исус Христос. Во петтиот член – за **Воскресението** на Исус Христос. Во шестиот член – за **Вознесението** на Исус Христос на небото. Во седмиот член – за **Второто пришествие** (повторното доаѓање) на Исус Христос на земјата. Во осмиот член – за **третата Ипостас** на Света Троица - Светиот Дух. Во деветтиот член – за **Крштението**, при што тука се подразбираат и останатите Свети тајни. Во единаесеттиот член – за идното (сеопшто) **Воскресение на мртвите**. Во дванаесеттиот член за **вечниот живот**.

## За првиот член од Символот на верата

**76. Што значи да се верува во Бога?**

Да се верува во Бога значи да се има жива увереност во Неговото битие, во Неговите својства и дејства и со целото срце да се прима словото на Неговото откровение за спасението на човековиот род.

**77. Од Светото писмо може да се дознае, од што треба да се состои верата во Бога.**

Апостолот Павле пишува дека *без вера не е можно да Му се угоди на Бога; бидејќи оние кои приоѓаат при Него треба да веруваат дека Он постои и дека ги наградува оние, што Го бараат* (Евр. 11, 6). Апостолот, дејството на верата во христијаните ја изобразува преку следната молитва за нив кон Бога: *да ви даде, по богатството на Својата слава, сила да се утврдите преку Неговиот Дух во внатрешниот човек, и преку верата Христос да се всели во срцата ваши* (Ефес. 3, 16-17).

**78. Кое дејство се остварува како резултат на верата во Бога?**

Најблиско и неопходно дејство на срдечната вера во Бога треба да биде исповедањето на самата вера.

**79. Што значи да се исповеда верата во Бога?**

Да се исповеда верата значи отворено да се признае дека се држиме до православната вера, и притоа, тоа го правиме со таква искреност и цврстина, што ниту прелести, ниту закани, ниту маченишта, ниту самата смрт не би можеле да нè натераат да се одречеме од верата во вистинскиот Бог, и во Господ наш Исус Христос.

**80. Дали е неопходно верата да се исповеда јавно?**

Апостолот Павле сведочи дека исповедањето на верата е неопходно за спасение: *бидејќи со срцето се верува за оправдание, а со устата се исповеда за спасение* (Рим. 10, 10).

**81. За спасение не е неопходно само да се верува,**

туку и да се исповеда православната вера, зашто доколку некој, за да го зачува својот времен живот или своите земни богатства се одрече од исповедањето на православната вера, тој со тоа би покажал дека нема вистинска вера во Бога Спасителот и во идниот блажен живот.

**82. Зошто во Симболот на верата се говори за вера „во Единиот Бог“?**

Во Симболот на верата не е кажано: верувам во Бога, туку постои додавката **во Единиот Бог** – за да се отфрли лажното учење на јазичниците, кои, почитувајќи ја тварта како бог, сметале дека постојат многу богови.

**83. Што говори Светото писмо за Божјото единство?**

Самите зборови на учењето на Светото писмо за Божјото единство се внесени во Симболот на верата од следниве зборови на апостол Павле: *друг Бог нема, освен Единиот. Зашто иако само по име има богови, било на небото, било на земјата, како што има многу богови и многу господа, сепак ние имаме само еден Бог Отец, од Кого е сè, и ние сме во Него, и еден Господ Исус Христос, преку Кого е сè и ние сме преку Него* (1 Кор. 8, 4-6).

**84. Можно ли е познание на Божјото битие?**

Ние не можеме да ја спознаеме самата Божја суштина. Таа е повисока од секое познание, не само на човекот, туку и на ангелите.

**85. За тоа во Светото писмо преку апостол Павле е речено**

дека Бог живее во непристапна Светлина,... *никој од луѓето не Го видел, ниту може да Го види* (1. Тим. 6, 16).

**86. Кои се Божјите својства?**

Следното поимање за суштината и суштествените Божји својства можеме да ги позајмиме од Божјото откровение: **Бог е вечен Дух, себлаг, сезнателен, сеправеден, семоќен, секадеприсутен, непроменлив, седоволен, себлажен**.

**87. Сето тоа може да се види од Светото писмо.**

Самиот Господ Исус Христос рекол: *Бог е Дух* (Јн. 4, 24). За Божјата вечност говори пророкот Давид: *Дури уште пред да се појават горите, и пред создавањето на земјата и на вселената, отсекогаш и за секогаш Ти постоиш* (Пс. 89, 2). Во Откровението се чита следново славословие кон Бога: *свет, свет, свет е Господ Бог Седржителот, Кој беше, Кој е и Кој ќе дојде*! (Откровение 4, 8). Апостолот Павле вели дека Евангелието е возвестено со *заповед од вечниот Бог* (Рим. 14, 25).

За Божјата благост Самиот Исус Христос кажал: *Никој не е благ освен Единиот Бог* (Мт. 19, 17). Апостол Јован вели: *Бог е љубов* (1 Јн. 4, 16). Пророкот Давид воспева: *Дарежлив и милостив е Господ,*

*долготрпелив и многумилостив. Добар е Господ спрема сите, и Неговите штедрости се во сите Негови дела* (Пс. 144, 8-9).

За Божјото сезнаење апостолот Јован пишува: *Бог е поголем од нашето срце и знае сè* (1 Јн. 3, 20). Апостолот Павле восклинува: *каква длабочина на богатството, премудроста и знаењето на Бога! Колку се неиспитани Неговите судови и неиспитливи Неговите патишта!* (Рим. 11, 33).

За Божјата праведност пророкот Давид пее: *Господ е праведен, ја сака правдата: лицето Негово ќе го гледаат праведниците* (Пс. 10, 7). Апостолот Павле вели дека Бог *секому ќе му даде според неговите дела и дека Бог не гледа на лице* (Рим. 2, 6; 2, 11).

За Божјата семоќност псалмопејачот вели: *Он рече и тие настанаа; Он заповеда и се создадоа* (Пс. 32, 9). Архангел Гаврил во Евангелието вели: *нема да остане во Бога ниеден збор без сила* (Лк. 1, 37).

Божјата сеприсутност пророкот Давид ја објаснува на следниов начин: *каде да одам од Твојот дух, и од лицето Твое каде да побегнам? Ако излезам на небото - Ти си таму; ќе слезам ли во пеколот, Ти си и тука. Ако ги земам крилјата рано в зори и се преселам на крајот од морето, - и таму ќе ме води Твојата рака, Твојата десница ќе ме држи. Па си реков: можеби темнина ќе ме покрие, но и ноќта е како светлина околу мене; но и темнината нема да биде темнина за Тебе; и ноќта за Тебе е светла како ден и темнината како светлина* (Пс. 138, 7-12).

Апостолот Јаков пишува дека *Бог е таткото на светлините, кај Кого нема промена, ниту трага од промена* (Јак. 1, 17).

Апостолот Павле вели дека Бог ниту *од човечки раце како да има потреба од нешто; зашто Тој, Самиот, им дава на сите живот, здив и сè* (Дела 17, 25). Тој Го именува Бога: *блажениот и единствен Владетел, Цар над царевите и Господар над господарите* (1 Тим. 6, 15).

**88. Зошто Светото писмо Му препишува на Бога телесни органи?**

Бог е Дух, макар што Светото писмо Му препишува телесни делови, на пример **срце, очи, уши, раце**. Светото писмо со тоа се приспособува кон обичниот човечки јазик, но вистинското значење на тие зборови треба да се сфати во духовна и повисока смисла, на пример, Божјото срце значи **благост** или **љубов**, Божјите очи и уши го означуваат Божјото **сегледање**, рацете – **семоќноста**.

**89. Каде пребива (живее) Бог?**

Бог е насекаде, но Неговото присуство е особено видливо на **небесата**, каде им е објавено во вечна слава на блажените; исто така, Неговото присуство е особено и во **храмот** каде тоа е благодатно и таинствено, благоговејно познатливо, чувствувано од верните, а понекогаш и објавено преку особени знаци.

Исус Христос вели: *зашто, каде се двајца или тројца собрани во Мое име, таму сум и Јас посреде нив* (Мт. 18, 20).

**90. Како да ги разбереме зборовите: „Верувам во Единиот Бог Отец“?**

Зборовите од Символот на верата: **Верувам во Единиот Бог Отец** е неопходно да ги примиме во смисла на однесување кон тајната за Света

Троица, затоа што Бог е еден по суштина, но троичен во Лица: Отец, Син и Свет Дух – Троица едносушна и неразделна.

**91. Дали и што ни говори Светото писмо за Света Троица?**

Да, за Света Троица се зборува во Светото писмо. Главни мисли за тоа во Новиот завет се следниве: *одете и научете ги сите народи, крштевајќи ги во името на Отецот и Синот и Светиот Дух* (Мт. 28, 19); *Троица се Кои сведочат на небесата, Отецот, Синот и Светиот Дух; и Троица се едно* (1Јн. 5, 7).

**92. За Света Троица се говори и во Стариот завет,**

но не така јасно. На пример, *Господовото Слово ги создаде небесата, и здивот на Неговата уста: целото нивно воинство* (Пс. 33, 6). *Свет! Свет! Свет е Господ над Воинствата! Сета земја е полна со Неговата слава!* (Ис. 6, 3).

**93. Можно ли е да се постигне Божјото Триединство?**

Бог е еден во Три Лица. Ние не можеме да ја постигнеме таа внатрешна тајна на Божеството, но веруваме во неа според сведоштвото на Божјите зборови: *Божјото не го знае никој, освен Божјиот Дух* (1. Кор. 2, 11).

**94. Какви се разликите меѓу Лицата во Света Троица?**

Меѓу лицата во Света Троица **разликата** е во тоа што Бог Отецот не се раѓа и не исходи од друго Лице; Синот Божји предвечно се раѓа од Отецот; Светиот Дух предвечно исходи од Отецот.

**95. Какво достоинство имаат Лицата во Света Троица?**

Трите Ипостаси или Лица на Пресвета Троица се со совршено еднакво Божествено достоинство Како што Отецот е вистински Бог, така и Синот е вистински Бог, и Светиот Дух е вистински Бог, но притоа, во Трите Ипостаси постои само Триипостасниот Бог.

**96. Зошто Бог се нарекува Седржител?**

Бог се нарекува Седржител затоа што сето она што постои се содржи во Неговата сила и во Неговата волја.

**97. Зошто Бога Го нарекуваме Творец?**

Зборовите од Символот на верата: Творец на небото и на земјата, на сѐ видливо и невидливо – говорат за тоа дека сѐ е создадено од Бога и ништо не може да постои без Него.

**98. Тие зборови се земени од Светото писмо.**

Книгата Битие почнува со зборовите: во почетокот Бог ги создаде небото и земјата. Апостол Павле за Исус Христос, Синот Божји вели: *зашто во Него е создадено сѐ што е на небесата и на земјата; видливо и невидливо, било престоли, или господства, или началства, или власти; сѐ е создадено преку Него и за Него.* (Кол. 1, 16).

**99. Што подразбираме под изразот невидливо?**

Во Символот на верата под името *невидливо* треба да се разбере невидливиот, или духовен свет, на кого му припаѓаат *ангелите*.

**100. Што се ангелите?**

**Ангелите** се бесплотни духови, обдарени со ум, волја и моќ.

**101. Што значи зборот ангел?**

Зборот **ангел** значи **весник, возгласител**.

**102. Тие се наречени така, затоа што Бог ги испраќа да ја возвестуваат Неговата волја.**

Така, на пример, архангел Гаврил бил пратен на Пресвета Дева Марија да ѝ го возвести зачнувањето на Спасителот.

**103. Кој е создаден порано: луѓето или ангелите?**

Невидливото е создадено пред видливото, и ангелите – пред луѓето (*Православна вероисповед*, дел. 1, прашање 18).

**104. Сведоштво за тоа може да се најде во Светото писмо.**

Во книгата Јов Самиот Бог го вели следново за создавањето на земјата: *Врз што се зацврстени нејзините основи? Кој ѝ го положи аголниот камен, кога ликуваа утринските ѕвезди, и кога сите Божји синови извикуваа од радост?* (Јов 38, 6-7).

**105. Што се тоа ангели чувари?**

Името ангел-чувар е земено од следниве зборови во Светото писмо: *ќе им заповеда на ангелите Свои за Тебе, да Те чуваат на сите патишта Твои* (Пс. 90, 11).

**106.** За секој од нас постои ангел-чувар. Во тоа нѐ уверуваат следниве зборови на Господ Исус Христос: *Гледајте да не презрете едно од овие мали, зашто, ви велам, нивните ангели на небесата секогаш*

*го гледаат лицето на Мојот Отец небесен* (Мт. 18, 10).

**107. Што се тоа демони?**

Не се сите ангели добри и благодатни. Постојат и **зли ангели** кои поинаку се нарекуваат ѓаволи (или бесови).

**108.** Тие се создадени добри, но станале лоши затоа што го нарушиле долгот за совршено потчинување на Бога, па така отпаднале од Него и паднале во самољубие, гордост и злоба. Според кажаното од апостол Јуда, тоа се *ангелите, кои не го зачуваа своето место, туку го оставија своето определено место* (Јуда 1, 6).

**109. Што значи зборот ѓавол?**

Зборот **ѓавол** значи **клеветник**, или **измамник**, **заводник**.

**110. Зошто злите ангели се нарекуваат ѓаволи?**

Злите ангели се нарекуваат ѓаволи, односно клеветници, или заводници, затоа што се обидуваат да измамуваат (да ја покажуваат својата лукавост во своите односи со луѓето, па, заведувајќи ги, им внушуваат лажни мисли и зли желби.

За тоа Исус Христос на неверните (во Него како Син Божји) јудеи им вели: *Вашиот татко е ѓаволот; и вие сакате да ги исполнувате желбите на својот татко; тој е човекоубиец од почетокот и не стои во вистината, зашто во него нема вистина. Кога зборува лага, говори од себе, зашто е лажго и татко на лагата* (Јн. 8, 44).

**111. Што ни говори Светото писмо за создавањето на човекот?**

Светото писмо во однос на создавањето на светот ни го откри тоа дека во почетокот Бог ги создал небото и земјата. Земјата била неоформена (или без облик, односно го немала изгледот кој нам ни е вообичаен) и пуста. Затоа, Бог постепено го создал (сето она што е на небото и на земјата). Во првиот ден – постоењето на светот. Во вториот ден – тврдината, или видливото небо. Во третиот: водата на земјата, почвата и растенијата. Во четвртиот: сонцето, месечината и ѕвездите. Во петтиот: рибите и птиците. Во шестиот четвороножните животни кои живеат на земјата, и, на крајот го создал човекот. Со човекот и се завршило создавањето, па, во седмиот ден Бог се одморил од Своите дела. Затоа седмиот ден е наречен *сабота*, што во превод од еврејски јазик значи мир, спокој, одмор (1 Мојс. 2, 2).

**112. Дали видливите созданија се создадени такви какви што изгледаат денес?**

Не. Видливите твари не се создадени такви какви што ги гледаме сега. При создавањето сѐ било *многу добро*, односно чисто, прекрасно и невино, бесштетно.

**113. Кои се особенитостите при создавањето на човекот?**

Бог Света Троица рекол: *Да создадеме човек според Нашиот образ и подобие* (1 Мојс. 1, 26). И го создаде Бог телото на првиот човек – *Адам* од земја; му вдахнал во лицето дух на живот; го вовел Адам во рајот; му дал храна, помеѓу останатите рајски плодови, плодови од дрвото на животот; а, на крајот, за време на Адамовиот сон му зел едно

ребро и од него ја создал првата жена – *Ева* (1 Мојс. 2, 21-22).

**114. Во што се состои Божјиот образ?**

Божјиот образ се состои, според објаснувањето на апостол Павле, *во правда и светост во вистината* (Ефес. 4, 24).

**115. Што е „здив на живот"?**

**Здив на живот** е душата. Таа е духовна и бесмртна.

**116. Што е рај?**

Зборот **рај** значи **градина**. Така е наречено прекрасното и преблажено живеалиште на првиот човек, кое е опишано во книгата Битие како подобно на градина.

**117. Како го разбираме рајот во кој пребивале првите луѓе?**

Рајот, во кој пребивале (живееле) првите луѓе бил сетилен за телото, како видливо блажено живеалиште, а за душата духовен, како состојба на благодатно општење со Бога и духовно созерцание на тварите (свети Григориј Богослов, *Слово* 38, 42; преп. Јован Дамаскин. *Богословие*, Кн. 2, глава 12, с. 3).

**118. Што е дрво на животот?**

**Дрвото на животот** е дрвото од кое, доколку човекот се хранел со неговите плодови, би бил секогаш здрав и бесмртен по тело.

**119. Зошто Ева е создадена од реброто на Адам?**

Ева е создадена од реброто на Адам за целиот човечки род, по своето произлегување, да биде

едно тело и за луѓето да бидат природно склони да се љубат и да се заштитуваат едни со други.

**120. Што е предназначението на човекот?**

Бог го создал човекот со назначение да Го познава, да Го љуби и да Го прославува Бога, па вечно да блаженствува.

**121. Што значат зборовите Божјо предопределение?**

Под **Божјо предопределение** во православното учење го подразбираме Божјото изволение, односно добрата Божја волја за предназначението на човекот.

**122.** Божјото предопределение за блаженството на човекот останува неизменливо дури и кога гледаме дека сега човекот не блаженствува. Тоа е затоа што Бог, според Своето предзнаење и бесконечно милосрдие, предопределил и за човекот кој се отклонил од патот на блаженството да открие нов пат до блаженството преку единородниот Свој Син Исус Христос. *Нè избра преку Него, уште пред светот да се создаде* – вели апостол Павле (Ефес. 1, 4).

**123. Какво е Божјото предопределение во однос кон луѓето воопшто и кон секој човек одделно?**

Бог благоволил на сите луѓе да им даде, и навистина им подарил благодат и правилни средства за достигнување на блаженството; и оној што доброволно ја прима даруваната од Него благодат, кој ги употребува спасителните средства кои му се подарени од Него, врви по патот на спасението што Тој му го покажал.

**124.** Словото Божјо за тоа го вели следново: *оние, кои ги позна порано, нив и ги определи (предопредели)* (Рим, 8, 29).

**125.** Во *Изложувањето на верата на источните православни патријарси* за тоа се вели: „Со оглед на тоа што Тој предвидел дека едни правилно ќе се ползуваат со својата слободна волја, а други лошо, затоа едните ги определил за слава, а другите ги осудил" (втор член).

**126. Што е тоа што го нарекуваме Божја промисла?**

Веднаш по создавањето на светот и човекот непосредно следи Божјото дејство во однос кон светот, а особено кон човекот. Тоа дејство се нарекува Божја промисла.

**127.** Божјата Промисла е непрестајно дејство на семоќноста, премудроста и благоста Божја, со кои Бог ги сочувува постоењето и силата на созданијата, ги води кон добри цели, го помага секое добро, а возникнувањето на злото кое возникнува преку отргнување од доброто го пресекува или го поправува и го обраќа кон добри последици.

**128. Што се говори во Светото писмо за Божјата промисла?**

Самиот Господ Исус Христос за Божјата промисла во Светото писмо вели: *Погледајте ги птиците небески; тие не сејат, ниту пак жнејат, ниту во амбар собираат; туку вашиот Отец ги храни. Зар не сте поскапи од нив* (Мт. 6, 26).

## За вториот член од Символот на верата

**129. Како треба да ги сфатиме имињата Исус, Христос и Син Божји?**

Имињата **Исус**, **Христос** и **Син Божји** треба да ги сфатиме на следниов начин: **Син Божји** се нарекува Второто Лице на Света Троица по Своето Божество. Божји Син е наречен **Исус**, кога се родил на земја како човек. **Христос** го нарекле Неговите пророци, кога сѐ уште се очекувало Неговото пришествие (доаѓање) на земјата.

**130. Што значи името Исус?**

Името **Исус** значи **Спасител**, и е дадено од архангелот Гаврил.

**131.** Тоа име му е дадено на Синот Божји при Неговото раѓање на земјата, затоа што Тој се родил за да ги **спаси** луѓето.

**132. Што значи името Христос?**

Името **Христос** значи **Помазаник**, и тоа потекнува од помазанието со свето миро, преку кое ни се даваат дарови на благодатта на Светиот Дух.

**133. Уште кои други луѓе биле нарекувани помазаници?**

Не се нарекува само Исус, Синот Божји Помазаник. Помазаници од дамнина ги нарекувале царевите, првосвештениците и пророците.

**134. Зошто Исус, Божјиот Син е наречен Помазаник?**

Исус, Синот Божји е наречен Помазаник затоа што преку неговата човечка природа безмерно се соопштени сите дарови на Светиот Дух.

На тој начин, Нему, во највисок степен, му прилега **однесувањето** на пророк, светоста на првосвештеник и моќта на **цар**.

**135. Што значи името Господ?**

Исус Христос се нарекува **Господ** во таа смисла што Тој е **вистински Бог**, затоа што името **Господ** е едно од Божјите имиња.

**136. Што говори Светото писмо за Божественоста на Исус Христос?**

Светото писмо за Божественоста на Исус Христос, Синот Божји, ни го вели следново: *во почетокот беше Словото, и Словото беше во Бога, и Бог беше Словото* (Јн. 1, 1).

**137. Зошто Исус Христос се нарекува Син Божји Единороден?**

Да, Исус Христос се нарекува Син Божји **Единороден**. Тоа значи дека единствено Тој е Син Божји, роден од Бог Отецот, и затоа Тој е една суштина со Бог Отецот и, следствено, без каква било споредба ги надминува сите свети ангели и свети луѓе, кои се нарекуваат Божји синови *по благодат* (Јн. 1, 12).

**138. Дали Светото писмо Го нарекува Исус Христос Единороден?**

Да, Светото писмо Го нарекува Исус Христос еднороден. На пример, во следните мисли на евангелистот Јован: *Словото стана тело и се всели во нас, полно со благодат и вистина; и ние ја видовме Неговата слава, слава како на Единороден од Отецот* (Јн. 1, 14); *Бог никогаш никој не Го видел; Единородниот Син, Кој е во крилото на Отецот - Он го објави* (Јн. 1, 18).

**139. Која е разликата помеѓу Исус Христос и другите две Лица во Света Троица?**

Во Символот на верата за Синот Божји е кажано и дека е *роден од Отецот*. Со тоа се укажува на тоа лично својство со кое Тој се разликува од другите Лица на Света Троица.

**140. Кога е роден Синот Божји?**

Кажано е дека Тој е роден **пред сите векови** за никој да не помисли дека имало време во кое Тој не постоел. Кажано на поинаков начин, со тоа се укажува дека Исус Христос е, исто така, вечен Син Божји како што е вечен Бог Отецот.

**141. Што значи фразата Светлина од Светлина?**

Во Символот на верата со зборовите **Светлина од Светлина** ни се дава пример преку кој во одреден степен се објаснува недостапното раѓање на Синот Божји од Отецот. Гледајќи кон сонцето, гледаме светлина; од таа светлина се раѓа светлина која е видлива во целото потсончевие (односно на нашата планета), но сета таа светлина е една светлина, неразделна светлина со една природа. Подобно на тоа, Бог Отецот е *вечна Светлина* (1 Јн. 1, 5); од Него се раѓа Божјиот Син, Кој, исто така, е вечна ***Светлина***; но Бог Отецот и Божјиот Син се единствена, вечна, неразделна Светлина, на едната Божествена природа.

**142. Што значи фразата Бог вистински од Бога вистински?**

Зборовите од Символот на верата **Бог вистински од Бога вистински** го имаат значењето

дека Синот Божји се нарекува Бог во иста смисла како што Бог се нарекува и Бог Отецот.

**143.** Тоа се зборови од Светото писмо и тие се земени од следнава мисла на апостол Јован Богослов: *знаеме дека Божјиот Син дојде и ни даде разбирање, за да Го познаеме Вистинскиот, а ние сме во Вистинскиот, во Неговиот Син Исус Христос. Тој е вистинскиот Бог и вечен живот* (1 Јн. 5, 20).

**144. Дали Синот е создаден?**

За Синот Божји во Симболот на верата е кажано и дека Тој е роден, а не создаден. Тоа е сторено за разобличување на Арија, кој нечестиво учел дека Синот Божји е создаден.

**145. Што значат зборовите едносуштен на Отецот?**

Зборовите **едносуштен на Отецот** значат дека Синот Божји е од една и иста суштина со Бог Отецот.

**146. Што говори Светото писмо за едносуштноста на Отецот и Синот?**

Во Светото писмо Самиот Исус Христос за Себе и за Бог Отецот вели вака: *Јас и Отецот едно сме* (Јн. 10, 30).

**147. Што значи: преку кого сѐ стана?**

Зборовите од Симболот на верата **преку кого сѐ стана** покажуваат дека Отецот сѐ создал преку Својот Син како Своја вечна премудрост и Свое вечно Слово. *Сѐ стана преку Него и без Него ништо не стана, што стана* (Јн. 1, 3).

## За третиот член на Символот на верата

**148. За кого се вели дека „Слезе од небесата“?**

**Слезе од небесата** – така е речено во Символот на верата за Синот Божји.

**149. Како може да се вели дека „Бог слезе од небесата“, кога Тој е сеприсутен?**

Навистина е речено: **Бог слезе од небесата**, иако како Бог Тој е сеприсутен. Како сеприсутен Тој е секогаш на небесата и секогаш на земјата; но на земјата претходно бил невидлив, а потоа се појавил во плот (тело), во таа смисла е кажано дека слегол од небесата.

**150.** За тоа во Светото писмо се говори со зборовите на Самиот Господ Исус Христос: *Никој не се искачи на небото, освен Синот Човечки, Кој слезе од небото и Кој пребива на небото* (Јн. 3, 13).

**151. Зошто Синот Божји слезе од небесата?**

**Заради нас луѓето и заради нашето спасение**, како што е речено во Символот на верата.

**152.** Речено е дека Синот Божји слезе од небото **заради нас луѓето**, во таа смисла што Тој дошол на земјата, не за еден определен народ и не за некои определени луѓе, туку за спасение на сите нас, за спасение на луѓето воопшто.

**153. Кого дојде да го спаси Синот Божји?**

Синот Божји дошол на земјата за да ги спаси **луѓето** од гревот, проклетството и смртта.

**154. Што е грев?**

Гревот е престапување на законот. *Гревот е беззаконие* (1 Јн. 3, 4).

**155. Од каде влегол гревот меѓу луѓето?**

Гревот влегол меѓу луѓето од ѓаволот. *Оној Кој прави грев, од ѓаволот е, зашто ѓаволот греши од почетокот* (1 Јн. 3, 8).

**156. Кога влегол гревот меѓу луѓето?**

Гревот преминал од ѓаволот во луѓето, кога ѓаволот ги измамил Ева и Адам и ги навел да ја нарушат Божјата заповед.

**157. Која заповед ја нарушил Адам?**

Бог во рајот му заповедал на Адам да не вкусува од плодовите на дрвото на познанието на доброто и злото и, притоа, му рекол дека само што ќе вкуси од нив ќе умре.

**158. Зошто вкусувањето од дрвото на познанието на доброто и злото станало смртоносно за човекот?**

Затоа што тоа вкусување било соединето со непослушание на Божјата волја. Така, непослушанието го одделило човекот од Бога и Неговата благодат, и го отуѓило од животот во Бога.

**159. Зошто рајското дрво го нарекувале дрво на познание на доброто и злото?**

Името кое го носи дрвото на познанието на доброто и злото соодветствува со самата суштина на тоа дрво, бидејќи човекот преку тоа дрво спознал преку својот опит каква добрина се содржи во послушанието кон Божјата волја, а какво зло во нејзиното спротивставување.

**160. Зошто било можно непослушанието**

**кон Божјата волја?**

Адам и Ева го послушале ѓаволот и наспроти Божјата волја. Бог, по Својата благост при создавањето на човекот му дал **волја**. Таа била природно расположена да Го љуби Бога, но притоа и **слободна**, а човекот ја **употребил** волјата за зло.

**161. Како ѓаволот ги опрелестил Адам и Ева?**

Ѓаволот ги измамил Адам и Ева на следниов начин. Ева во рајот ја видела змијата која ја уверила дека доколку луѓето вкусат од плодовите на дрвото на познанието на доброто и злото, тогаш ќе го спознаат доброто и злото и ќе бидат подобни на богови. Ева се измамила од тоа ветување и од убавината на плодовите и вкусила; Адам, пак, по нејзиниот пример, исто така, вкусил.

**162. Што произлегло од гревот на Адам?**

Од неговиот грев произлегле **проклетството** и **смртта**.

**163. Какво проклетство произлегло?**

Тоа проклетство е осудување со праведниот Божји суд на гревот, и на земното зло, кое произлегува поради гревот, како казна на луѓето. Бог му рекол на Адам: *земјата нека биде проклета поради тебе* (1 Мојс. 3, 17).

**164. Каква смрт произлегла од Адамовиот грев?**

Од гревот на Адам произлегла двојна смрт: телесна, тоа е онаа смрт кога телото се лишува од душата, којашто му дава живот, и духовна, кога душата се лишува од Божјата благодат, која го ожи-

вува со виш духовен живот.

**165. Како умира душата?**

Душата може да умре, но не така како што умира телото. Телото, кога умира, го губи чувството и се разрушува, а душата, кога умира преку гревот, се лишува од духовната светлина, од радоста и блаженството, но не се разрушува и не се уништува, туку останува во состојба на мрак, мака и страдање.

**166. Зошто умираат луѓето?**

Не умреле само првите луѓе, туку умираат сите, затоа што сите се родени од Адам, заразениот со грев, и сите и самите грешат. Како што од заразен извор тече заразен поток, така од родоначалникот кој е заразен со грев, па затоа е смртен, произлегува заразено со грев, и затоа смртно потомство.

**167.** Светото писмо за тоа го вели следново: гревот влезе во светот преку еден човек, а преку гревот влезе смртта, на таков начин и смртта премина на сите луѓе преку еден човек, зашто преку него *сите згрешија* (Рим. 5, 12).

**168. Дали на човекот му биле полезни плодовите на дрвото на животот после падот?**

Плодовите на дрвото на животот не му биле полезни на човекот после гревот: после гревот тој не можел да ги вкусува, затоа што бил прогонет од рајот.

**169. Дали меѓу луѓето останала надеж за спасение?**

Кога првите луѓе го исповедале својот грев пред Бога, тогаш Бог, по Своето милосрдие, им дал надеж за спасение.

**170. Во што се состоела таа надеж?**

Таа се состоела во тоа што Бог ветил дека *породот на жената ќе ја сотре главата на змијата* (1 Мојс. 3, 15).

**171. Што значи тоа ветување?**

Тоа значи дека Господ Исус Христос ќе го победи ѓаволот, кој ги измами луѓето, и ќе ги избави (спаси) од гревот, проклетството и смртта.

**172. Зошто Господ Исус Христос е наречен „семе на животот“?**

Господ Исус Христос е наречен *потомство на Жена*, затоа што се родил на земјата од Пресвета Дева Марија, без дејство на маж.

**173. Која е ползата за луѓето од тоа ветување?**

**Ползата** од тоа ветување била таква што луѓето можеле спасително да веруваат во Спасителот, Кој ќе дојде, подобно на начинот на кој ние веруваме во Дојдениот.

**174. Дали сите луѓе во древноста верувале во доаѓање на Спасителот?**

Мал број луѓе во древните времиња верувале во Спасителот, Кој ќе дојде; поголем дел од нив го заборавиле Божјото ветување за Спасителот.

**175. Дали Бог им го повторил на луѓето Своето ветување?**

Бог многупати го повторувал тоа ветување. На пример, на Авраам му дал ветување за Спасителот во следниве зборови: *од тебе ќе бидат благословени преку потомството твое сите народи на земјата* (1 Мојс. 22, 18). Тоа ветување му го повторил и на

пророкот Давид со следните зборови: *Јас ќе го воздигнам по тебе твоето семе... и ќе го утврдам престолот на царството негово засекогаш* (2 Цар. 7, 12-13).

**176. Што подразбираме под зборот „воплотение“?**

Со зборот **воплотение** се подразбира тоа дека Синот Божји врз Себе примил човечка плот, освен гревот, и станал човек, притоа не престанувајќи да биде Бог.

**177.** Зборот **воплотение** е позајмен од зборовите на евангелистот Јован: *Словото стана тело* (Јн. 1, 14).

**178. Зошто е речено дека Бог се воплоти?**

Во Символот на верата откако е кажано дека Бог се **воплоти**, додадено е дека Тој и се **вочовечи**. Тоа е направено за никој да не мисли дека Синот Божји примил само плот или тело, туку за во Него да признаат **совршен** Човек, Кој се состои од тело и душа.

**179.** За тоа постои сведоштво во Светото писмо. Апостол Павле пишува: *еден е Посредникот помеѓу Бога и луѓето - Човекот Христос Исус* (1 Тим. 2, 5).

**180. Колку природи постојат во Господ Исус Христос?**

Во Господ Исус Христос не постои само една природа. Во Него, неразделно и неслиено сопостојат **две природи**, Божја и човечка, и, соодветно на постоењето на две природи, сопостојат и две волји.

**181. А колку Лица постојат во Господ**

**Исус Христос?**

Не постојат две Лица, туку само **едно Лице**, Бог и Човек заедно, со еден збор – **Богочовек**.

**182. Што се вели во Светото писмо за Воплотувањето на Господ Исус Христос од Светиот Дух и Дева Марија?**

Во Светото писмо за Воплотувањето на Божјиот Син од Светиот Дух и Дева Марија ни говори евангелистот Лука, кој сведочи дека кога Дева Марија го прашала ангелот кој ѝ го возвести зачнувањето на Исус: *Како ќе биде тоа, кога јас не знам за маж?* – ангелот ѝ одговорил: *Светиот Дух ќе слезе на тебе и силата на Севишниот ќе те осени; па затоа роденото ќе биде свето и ќе се нарече Син Божји* (Лк. 1, 34-35).

**183. Која била Дева Марија?**

Света Дева Марија потекнувала од племето на Авраам и Давид, од родот од кој, според Божјото ветување, требало да се роди Спасителот. Таа била верена за Јосиф, кој бил од истото племе, за тој да ѝ биде чувар и пазител, оти таа Му била посветена на Бога односно била посветена вечно да пребива (живее) како Дева.

**184. Зошто ја нарекуваме Приснодева?**

Пресвета Марија навистина секогаш пребивала и пребива (живее) како Дева – пред раѓањето, за време на раѓањето и после раѓањето на Спасителот, и затоа ја нарекуваме Приснодева (Секогашдева).

**185. Зошто Дева Марија ја нарекуваме Богородица?**

Православната Црква ја почитува Пресвета Дева Марија со уште едно име – Богородица.

**186.** Тие имиња се земени од следните зборови на пророкот Исаија (7, 14) кои ги повторува и евангелистот Матеј: *И еше, девица ќе зачне во ушробаша своја и ќе роди Син, и ќе ѓо наречаш Емануил - шшо значи: со нас е Боѓ!* (1, 23). Праведната Елизавета, исто така, ја нарекува Пресветата Дева мајка на Господ: *ошкаде со мене ова, йри мене да дојде мајкаша на мојош Госйод?* (Лк. 1, 43). Тоа име (мајка на Господ) е еднакво на името Богородица.

**187.** Пресвета Дева Марија е наречена Богородица во следнава смисла: макар што Господ Исус Христос не се родил од неа според Своето Божество, кое е вечно, туку според Своето Човештво, сепак, таа достојно е наречена Богородица, зашто Родениот во самото зачнување и раѓање бил, како што и секогаш е – вистински Бог.

**188. Какво е достоинството на Пресвета Дева Марија?**

За високото достоинство на Пресвета Дева Марија треба да се расудува вака. Таа, како мајка на Господ, го надминува секое создадено суштество со својата благодат и приближување кон Бога, па следствено и со своето достоинство, и затоа Православната Црква ја смета за повисока од херувимите и серафимите.

**189.** Во врска со Рождеството на Господ Исус Христос од Пресвета Богородица треба да се забележи и дека тоа раѓање било совршено свето и сосема туѓо на гревот, тоа било безболно, иако како една од казните за Првородниот грев, Бог

определил децата да се раѓаат во маки (преподобен Јован Дамаскин, *Точно изложување на православната вера*, Кн. 4, гл. 14, с. 6).

**190. Преку кои знаци луѓето можеле да го познаат Рождеството на Божјиот Син?**

По Божјо провидение биле дадени многубројни знаци според кои луѓето можеле да го познаат родениот Спасител – тоа се многу точни претскажувања за разни околности околу Христовото Рождество и Неговиот земен живот. На пример, пророкот Исаија претскажал дека Спасителот ќе се роди од девица (Ис. 7, 14). Пророкот Михеј претскажал дека Спасителот ќе се роди во Витлеем, и тоа претскажување Јудеите го разбирале токму така уште пред да разберат за самиот настан на Христовото Рождество. (Мт. 2, 4-6).

**191. Дали луѓето дознале дека се родил Спасителот?**

Господ Исус Христос, како Спасител во времето во кое Тој се родил и живеел на земјата, Го спознале многумина и на различни начини. Источните мудреци го спознале преку ѕвездата која пред Неговото Рождество се појавила на Исток. Витлеемеските пастири дознале за Него од ангелите, кои им возвестиле дека во Давидовиот град ќе се роди Спасителот. Светите праведни Симеон и Ана преку особено откритие од Светиот Дух дознале за Него кога Тој, по исполнувањето на четириесет дена од раѓањето, бил донесен во храмот. Јован Крстител на реката Јордан во време на Крштението Го познал по Откровението, по слегувањето на Светиот Дух врз Него во вид на

гулаб и по гласот на Бог Отецот од небесата, Кој рекол: *Овој е Мојот возљубен Син, Кој е по Мојата волја!* (Мт. 3, 17). Сличен глас им проговорил и на апостолите Петар, Јаков и Јован во времето на Неговото Преображение на Таворската гора: *Овој е Мојот возљубен Син, во Кого е Мојата волја; Него послушајте Го!* (Мт. 17, 5). Освен тоа, навистина многумина го спознале Спасителот по неспоредливата (необичната) височина на Неговото учење и особено по чудата кои Тој ги извршувал.

**192. Какви особени чуда извршил Исус Христос?**

Господ Исус Христос извршил многубројни чудеса. Луѓе кои имале неизлечливи болести и кои биле обземени со бесови, ги исцелувал за еден момент – само со еден збор или со допир на рацете и преку нивно допирање до Неговите одежди. Во една ситуација Тој со пет, а во друга со седум лебови во пустината нахранил неколку илјади луѓе. Одел по вода и со зборови скротувал бури. Воскреснувал мртви: го воскреснал синот на наинската вдовица, ќерката на Јаир, како и праведниот Лазар – и тоа дури четири дена по неговата смрт.

**193. Како Христос го изврши нашето спасение?**

Со оглед на тоа што Божјиот Син се воплотил за нашето спасение, Тој го извршил нашето спасение преку Своето учење, Својот живот, Својата смрт и Своето Воскресение.

**194. Какво беше учењето на Спасителот?**

Христовото учење се објавило како Евангелие на Божјото Царство, или, поинаку кажано, како

учење за спасението и вечното блаженство – истото учење кое и сега се возгласува во Православната Црква (Мк. 1, 14-15).

**195. Како, под кој услов, Христовото учење е спасително за нас?**

Христовото учење за нас е спасоносно кога го примаме со целото наше срце и кога постапуваме согласно на него. Лажното слово на ѓаволот, примено од првите луѓе, го создало во нив семето на гревот и смртта. А, напротив, вистинитото Христово слово, кое е усрдно примено од христијаните, во нив станува семе на свет и бесмртен живот. Тие, по зборовите на апостолот Петар се *новородени не од распадливо семе, туку од нераспадливото живо и вечно Божјо слово* (1 Птр. 1, 23).

**196. Кога животот на Исус Христос е спасителен за нас?**

Животот на Исус Христос за нас е спасоносен тогаш кога го подражаваме (кога се обидуваме да живееме како што живеел Самиот Христос). Затоа што Тој вели: *Кој Ми служи Мене, нека врви по Мене, и каде што сум Јас, таму ќе биде и Мојот слуга* (Јн. 12, 26).

## За четвртиот член на Символот на верата

**197. Зошто бил распнат Господ Исус Христос?**

Господ Исус Христос бил **распнат**, иако сето Негово учење и сите Негови дела требало во секого

да предизвикаат раѓање на вера и љубов кон Него. Тоа се случило затоа што јудејските старешини и книжници го мразеле бидејќи Тој ги разобличувал нивните лажни учења и нивниот беззаконски живот, и Му завидувале зашто народот Го уважувал поради Неговите учења и чуда, повеќе отколку што ги уважувал нив, па затоа Го клеветеле и Го осудиле на смрт.

**198. Кога бил распнат Господ Исус Христос?**

Во Символот е кажано дека Исус Христос бил распнат во времето на **Понтиј Пилат**. Тој податок ни е даден за точно да се означи времето во кое Христос бил распнат.

**199.** Понтиј Пилат бил римски управник на Јудеја, територија која тогаш била покорена од римјаните.

**200.** Тој факт е достоен за забележување затоа што преку него станува очевидно исполнението на Јакововото пророштво: *Нема да недостасува кнез од Јуда, и водач од бедрата негови, се дури не дојде Оној, Кому му припаѓа власта, и Он е надеж на народите* (1 Мојс. 49, 10).

**201. Зошто во Символот на верата се вели дека Христос страдал?**

Во Символот на верата не е само кажано дека Исус Христос бил распнат, туку е додадено и дека Тој **страдал**, за да се покаже дека Неговото распетие не било само привидно страдање и смрт, како што велеле некои лажни учители, туку било вистинско страдање и вистинска смрт.

**202. Зошто се вели дека бил погребен?**

Споменато е и тоа дека Исус бил погребен. Тој факт, исто така, се однесува на уверувањето дека Тој навистина умрел и воскреснал, затоа што Неговите непријатели дури и ставиле стража пред Неговиот гроб и истиот го запечатиле.

**203. Како можел да страда и да умре Господ Исус Христос кога е Бог?**

Исус Христос страдал и умрел, притоа бивајќи вистински Бог. Но, Тој не страдал и умрел со Божествената, туку со Човечката природа и не затоа што не можел да ги избегне страдањата, туку затоа што посакал да пострада. Тој Самиот кажал: *Јас душата своја си ја полагам за да ја примам пак. Никој не ми ја одзема, туку Јас Сам од Себе ја давам. Имам власт да ја дадам и власт имам пак да ја примам* (Јн. 10, 17-18).

**204. Зошто се вели дека бил распнат за нас?**

Кажано е дека Исус Христос е распнат за нас во таа смисла што Тој со Својата крсна смрт нè избавил од гревот, проклетството и смртта.

**205.** За тоа Светото писмо го вели следново:

За избавувањето од гревот: *во Христос имаме откуп преку Неговата крв, прошка на гревовите по богатството на Неговата благодат* (Ефес. 1, 7).

За избавувањето од проклетството: *Христос нè откупи од проклетството на Законот, откако стана проклетство за нас* (Гал. 3, 13).

За избавувањето од смртта: *бидејќи се учесници во телото и крвта, та и Тој зеде еднакво учество во тоа, за преку смртта да го победи оној, што ја има власта над смртта, односно ѓаволот и да ги избави*

*оние што од страв пред смртта преку целиот живот беа подложни на ропство* (Евр. 2, 14-15).

**206. Како крсната смрт нè избавува од гревот и смртта?**

За да можеме полесно да веруваме во таа тајна, Божјото слово нè вразумува во неа, во мерата во која можеме да го поимиме тоа, преку споредба на Исус Христос со Адам. Адам природно е глава на сето човештво, кое е едно со него по природното потекло од него. Исус Христос, во Кого Божеството се соединило со човештвото, благодатно станал нова, семоќна Глава на луѓето кои Тој ги соединува со Себе преку верата. Затоа, како што преку Адам потпаднавме под власт на гревот, проклетството и смртта, така преку Исус Христос се избавивме од гревот, проклетството и смртта. Неговите доброволни страдања и крсна смрт, како смрт на Оној Кој беше безгрешен и Богочовек, за нас станаа бесконечна вредност и достоинство, а се и совршено задоволување на Божјата правда, според која Бог заради нашите гревови нè осуди на смрт, и се безмерна заслуга која Нему Му даде право, а без притоа да дојде до оскорбение на правосудноста, да ни даде нам, грешниците, прошка на гревовите и благодат за победа над гревот и смртта.

*Тајната, сокриена од векови и родови, а сега откриена на Неговите светии на кои Бог посака да им покаже какво богатство на слава има во таа тајна на незнабошците, односно дека Христос, надежта на славата, е во нас* (Кол. 1, 26-27).

*Бидејќи, ако со престапувањето на еден смртта*

*царува преку едниот, тоа многу повеќе оние, што ја примија благодатта и дарот изобилно, ќе царуваат во животот преку Единиот Исус Христос* (Рим. 5, 17).

*Сега нема никакво осудување за оние кои се во Исус Христос и живеат не по телото, а по Духот, бидејќи Законот на Духот, кој дава живот во Исус Христос, ме ослободи од законот на гревот и на смртта. Она, што Законот не можеше да го направи, бидејќи беше ослабен поради телото, го изврши Бог, испраќајќи Го Синот Свој во тело, слично на телото на гревот, и поради гревот Тој го осуди гревот во телото, за да се оправда Законот во нас, кои живееме не по телото, туку по Духот* (Рим. 8, 1-4).

**207. Дали Спасителот пострада за сите луѓе?**

Господ Исус Христос пострада за сите нас: од Своја страна Тој Себеси се принесе како жртва точно за сите и на сите им ја врати благодатта и спасението. Но со тоа се ползуваат оние меѓу нас кои од своја страна доброволно примаат учество во Неговите страдања, *грижејќи се својата смрт да биде слична на Неговата* (Фил. 3, 10).

**208. Како ние учествуваме во Христовите страдања и смрт?**

Во страдањата и смртта на Исус Христос учествуваме преку посредство на живата срдечна вера, преку посредство на Тајните во кои е сокриена и запечатена силата на спасителните страдања и смрт на Исус Христос и, на крај, преку распнување на нашата плот и нејзините страсти и похоти.

Апостол Павле вели: *преку законот умрев за законот, за да живеам за Бог. Со Христос бев распнат;*

*и јас веќе не живеам, туку Христос живее во мене, а животот што сега го живеам во телото, го живеам преку вера во Божјиот Син, Кој ме засака и Се предаде Себеси за мене* (Гал. 2, 19-20). *Зар не знаете дека сите ние што се крстивме во Исус Христос, во Неговата смрт се крстивме* (Рим. 6, 3). *Оти, кога ќе го јадете овој леб и кога ќе ја пиете оваа чаша, вие ќе ја објавувате смртта на Господа, додека Тој не дојде* (1 Кор. 11, 26). *Оние кои се Христови го распнаа своето тело со неговите страсти и похоти* (Гал. 5, 24).

**209. Како можеме да ја распнеме својата плот и нејзините страсти и похоти?**

Нашата плот со нејзините страсти и похоти можеме да ја распнеме преку воздржание од нив, како и преку дејства кои им се противположни на страстите. На пример, кога гневот нè побудува да му злословиме на непријателот и да му правиме зло, ние, сепак, ќе ѝ се спротивставуваме на таа желба; спомнувајќи си како Исус Христос на крстот се молеше за Своите непријатели, па така да се молиме и ние за нашите, и на таков начин ќе ја распнеме страста на гневот.

## За петтиот член од Символот на верата

**210. Зошто се спасителни за нас страдањата и смртта на Исус Христос?**

Господ Исус Христос го објавил првиот доказ за тоа дека Неговите страдања и смрт се спасителни за луѓето со тоа што Тој воскреснал и поставил основа и за нашето блажено воскресе-

ние. *Христос воскресна од мртвите и со тоа стана првина за умрените* (1 Кор. 15, 20).

**211. Во каква состојба пребивал Господ Исус Христос по својата смрт, а пред Воскресението?**

За таа состојба во која бил Исус Христос после Својата смрт и до Воскресението се говори во следното црковно песнопение: „Во гробот со тело, во адот со душа, како Бог, во рајот со разбојникот, и на престолот си бил Христе, со Отецот и Духот, сè исполнувајќи, и бивајќи Неопфатлив“.

**212. Што подразбираме под зборот ад?**

Зборот „ад“ во превод од грчки јазик значи место кое е лишено од светлина. Во христијанското учење под тој поим се подразбира духовна темнина, односно состојба на душите кои преку гревот се оттргнати од Божјото лицезрение и од светлината и блаженството коишто се добиваат тогаш кога човек се наоѓа во состојбата на лицезрение на Бог. (Јуда 1, 6; *Осмогласник*, глас. 5, стихири 2, 4).

**213. Зошто Христос слегол во адот?**

Господ Исус Христос слегол во адот за и таму да ја проповеда победата над смртта и да ги ослободи душите кои со вера го очекувале Неговото доаѓање.

**214.** За тоа во Светото писмо стои следново сведоштво: *и Христос умре за гревовите еднаш засекогаш, Праведниот за неправедните, за да може да нè одведе кај Бог; убиен во телото, но оживеан во духот; во кој отиде и им проповедаше на духовите* (1 Птр. 3, 18-19).

**215. Од каде се земени зборовите: „Воскресна во третиот ден според Писмото“?**

Тие зборови од Символот на верата се земени од Посланието до Коринтјаните: *Ви го предадов најнапред она, што го бев и примил, дека Христос умре за нашите гревови, според Писмата; дека Тој беше погребен и дека на третиот ден воскресна, според Писмата* (1 Кор. 15, 3-4).

**216. Што значат зборовите „според Писмото“?**

Зборовите „според Писмото“ означуваат дека Исус Христос умре и воскресна токму така, како што е за тоа напишано во книгите на Стариот завет.

**217.** На пример, во 53-та глава од книгата на пророк Исаија во многу подробни црти се опишани страдањата и смртта на Исус Христос: *Тој беше изнаранет за нашите гревови и мачен заради нашите беззаконија; казната за нашиот мир падна врз Него, а преку Неговите рани ние се излекувавме* (Ис. 53, 5). За Христовото воскресение апостол Петар ги наведува зборовите на 15-от псалм: *зашто нема да ја оставиш мојата душа во адот, ниту ќе дозволиш Твојот светец да види распаѓање* (Дела 2, 27).

**218. Постои ли сведоштво во Светото писмо за тоа дека Спасителот треба да воскресне во третиот ден?**

Во книгите на Стариот завет има показател и за тоа дека на Исус Христос Му прилега да воскресне токму во третиот ден. Пророчки пример за тоа ни е претставен кај пророкот Јона: *и Јона остана во утробата на тој кит три дена и три ноќи* (Јона 2, 1).

**219. Како луѓето дознале дека Исус Христос воскресна?**

Луѓето дознале дека Исус Христос воскресна на следниов начин: Воините кои го чувале Неговиот гроб со ужас дознале за тоа, затоа што ангелот Господов го отргнал каменот, под кого бил сокриен Неговиот гроб, и притоа се случил голем земјотрес. Ангелите така им возвестиле за Христовото Воскресение на Марија Магдалена и на некои други. Самиот Исус Христос, во самиот ден на Своето Воскресение им се појавил на мнозина: мироносиците, на апостолот Петар, на двата ученика по патот за Емаус, и, на крајот, на сите апостоли кои се наоѓале во домот, чии двери биле затворени. Потоа, Тој многукратно им се јавувал во тек на четириесет денови; а во еден од тие денови им се појавил на повеќе од петстотини верни, истовремено (1. Кор. 15, 6).

**220. Зошто Господ Исус Христос по Своето Воскресение им се јавувал на апостолите во текот на четириесет денови?**

Исус Христос по Своето Воскресение им се јавувал на апостолите во текот на четириесет денови затоа што во тоа време Тој продолжувал да ги поучува во тајните на Божјото Царство (Дела 1, 3).

## За шестиот член од Симболот на верата

**221. Од каде е земен описот во кој во Символот на верата ни е кажано за Вознесението**

**на Господа?**

Указанието за Вознесението Господово во шестиот член на Симболот на верата е земено од следниве зборови изречени во Светото писмо: *Слегнатиот е Истиот, Кој се издигна повисоко од сите небеса, за да се исполни сè* (Ефес. 4, 10); *имаме таков Првосвештеник, Кој седна од десната страна на престолот на величието на небесата* (Евр. 8, 1).

**222. Со која од своите природи Христос се вознесе на небесата, со Божествената или Човечката?**

Исус Христос се вознесе на небесата со Своето човештво, а со Своето Божество Тој секогаш пребивал и пребива на небесата.

**223. Како треба да ги разбереме зборовите дека Господ Исус Христос седи оддесно на Отецот?**

Речено е дека Исус Христос седи оддесно на Бог Отецот, но Бог, всушност, е Сеприсутен. Кога велиме дека седнал оддесно на Отецот, тоа треба да се разбере во духовна смисла, односно дека Исус Христос има подеднаква моќ и слава со Бог Отецот.

## За седмиот член од Симболот на верата

**224. Што ни говори Светото писмо за идното Христово Пришествие (повторно Доаѓање)?**

Светото писмо на следниот начин ни говори

за идното Христово Пришествие: *Овој Исус Кој од вас се вознесе на небото, ќе дојде така како што Го видовте да оди на небото* (Дела 1, 11). Тоа на апостолите им го рекле ангелите во времето на Господовото Вознесение.

**225. Како ни говори Светото писмо за идниот Суд?**

За идниот Суд Светото писмо вели вака: *доаѓа часот кога сите, кои се во гробовите, ќе го чујат гласот на Синот Божји, и ќе излезат: оние кои правеле добро - ќе воскреснат за живот, а кои правеле зло, ќе воскреснат за осудување* (Јн. 5, 28-29). Тоа се зборови на Самиот Спасител Христос.

**226. Што ни говори Библијата за бесконечното Христово Царство?**

Светото писмо вака говори за Неговото бесконечно (Вечно) Царство: *Тој ќе биде голем и ќе се нарече Син на Севишниот; и ќе Му го даде Господ Бог престолот на Неговиот татко Давид; и ќе царува над домот Јаковов секогаш, и Царството Негово нема да има крај* (Лк. 1, 32-33). Овие зборови на ангелот се упатени кон Богородица.

**227. Дали Второто пришествие ќе се разликува од Првото?**

Идното Христово пришествие во голема мера ќе се разликува од Првото. Тогаш Тој дојде да пострада за нас оддавајќи се на целосно понижување, а во Второто приштествие *ќе дојде Синот Човечки во Својата слава и сите свети ангели со Него* (Мт. 25, 31).

**228. Дали Тој ќе им суди на сите луѓе?**

Тој ќе им суди на сите луѓе, без исключок.

**229. Како ќе ни суди?**

Ќе ни суди така што совеста на секој човек ќе се открие пред сите и не само што ќе се откријат сите дела што ги направил во текот на својот живот на земјата, туку и сите кажани зборови, сите тајни желби и помисли. *Ќе дојде Господ, Кој ќе ги изнесе на видело тајните на мракот и ќе ги објави намерите на срцата; и тогаш пофалбата на секого ќе му биде од Бога* (1 Кор. 4-5).

**230. Дали сите наши мисли ќе подлежат на Судот?**

Тој без сомнение ќе нѐ осуди и за лошите зборови или мисли, доколку не ги елиминираме преку покајание, вера и правилен живот, *И ви велам, дека за секој лош збор, што ќе го изговорат луѓето, ќе одговараат на судниот ден* (Мт. 12, 36).

**231. Кога ќе се случи тој Суд?**

Времето во кое Господ Исус Христос ќе дојде да суди е неизвесно, но треба да живееме така што секогаш да сме подготвени за него.

*Господ не го забавува ветувањето, како што некои мислат, туку е трпелив спрема вас, зашто не сака некој да загине, туку сите да дојдат до покајание. А Господовиот ден ќе дојде како крадец во ноќта* (2 Птр. 3, 9-10).

*Бидете будни и не спијте, затоа што не го знаете ниту денот ниту часот во кој ќе пријде Синот човечки* (Мт. 25, 13).

**232. Дали постојат знаци на Второто Христово пришествие?**

Во Божјото слово ни се откриени некои знаци

за приближување на Христовото пришествие. Имено, тие се: намалување на верата и љубовта помеѓу луѓето, намножување на пороците и сиромаштијата, проповедање на Евангелието на сите народи, пришествие на антихристот (спореди Мт. 24 глава).

**233. Кој е антихрист?**

**Антихрист** е противникот на Христос, кој ќе се обиде да го истреби христијанството, но сам ќе погине на ужасен начин (2 Сол. 2, 8).

**234. Што е Христовото Царство?**

**Царството Христово** е, најнапред, целиот свет; како второ тоа се сите верни на земјата; како трето, сите блажени (односно праведни, светии) на небесата. Првото го нарекуваме царство на природата, второто – царство на благодатта, а третото – **Царство на славата**.

**235. На кое од царствата се однесуваат зборовите „нема да има крај“?**

Зборовите од Символот за тоа дека Христовото Царство **нема да има крај**, се однесуваат на Царството на славата.

## За осмиот член од Символот на верата

**236. Во која смисла Светиот Дух е наречен Господ?**

Светиот Дух се нарекува Господ во истата смисла во којашто Господ се нарекува и Синот Божји, односно Светиот Дух е, исто така, вистински Бог.

**237.** За тоа ни сведочи Светото писмо со зборовите кои ги изрекол апостол Петар во изобличувањето на Ананиј: *зошто сатаната го исполни твоето срце да Го измамиш Светиот Дух*? И понатаму: *ти не ги измами луѓето, туку Бог!* (Дела 5, 3-4).

**238. Зошто Светиот Дух е наречен Животворец?**

Светиот Дух се нарекува Животворец, и тоа треба да се разбере така што Тој заедно со Бог Отецот и Синот на сè создадено му дава живот, а особено им дава духовен живот на луѓето. *Ако некој не се роди од вода и Дух, не може да влезе во Царството Божјо* (Јн. 3, 5).

**239. Што знаеме за произлегувањето на Светиот Дух?**

За тоа дека Светиот Дух *произлегува од Отецот*, знаеме од следниве зборови на Самиот Господ Исус Христос: *А кога ќе дојде Утешителот, Кого што ќе ви Го испратам Јас од Отецот, Духот на вистината, Кој излегува од Отецот, Тој ќе сведочи за Мене* (Јн. 15, 26).

**240. Дали може да постои и поинакво учење за произлегувањето на Светиот Дух?**

Учењето за произлегувањето на Светиот Дух од Отецот не може да подлежи на никаква промена или дополнување. Како прво, затоа што Православната Црква во тоа учење ги повторува зборовите на Самиот Исус Христос; а Неговите зборови, без сомнение, се доволно и совршено изразување на вистината. Како второ, затоа што Вториот вселенски собор, чиј главен предмет било утврдувањето на вистинското учење за Светиот

Дух, без сомнеж, задоволително го изложил тоа учење во Симболот на верата; и Католичната црква тоа го признала толку решително што Третиот вселенски собор со своето седмо правило забранил да се составува нов Симбол на верата, па затоа преподобниот Јован Дамаскин пишува: „Светиот Дух треба да се нарекува Оној Кој од Отецот произлегува, па затоа може да се нарекува и Дух на Отецот, но никако не треба да се вели дека произлегува и од Синот, иако го нарекуваме и Дух на Синот“ (*Точно изложување на православната вера*, кн.1 гл.11. С. 4).

**241. Каков степен на почитување му прилега на Светиот Дух?**

На Светиот Дух му прилега **подеднакво поклонување и прославување заедно со Отецот и Синот**. Тоа е јасно од таму што Исус Христос *повелел да се крсти во името на Отецот и Синот и Светиот Дух* (Мт. 28, 19).

**242. Зошто е речено дека „Светиот Дух говорел преку пророците“?**

Да, во Симболот на верата е кажано дека Светиот Дух говорел преку пророците. Тоа е кажано за разобличување на одредени лажни учења, кои веleле дека книгите на Стариот завет не се напишани од Светиот Дух.

**243.** Светото писмо ни сведочи за тоа дека преку пророците говорел токму Светиот Дух. Апостол Петар пишува: *зашто никогаш ниту едно пророштво не потекнува од човечка волја, туку луѓе поттикнати од Светиот Дух зборувале од Бога* (2 Птр. 1, 21).

**244. Дали Светиот Дух говорел и преку апостолите?**

Светиот Дух говорел и преку апостолите, според зборовите на апостол Петар: *Ним им беше откриено дека не си служеа себеси, туку вам, со овие нешта што сега ви ги објавија преку оние кои ви го проповедаа Евангелието преку Светиот Дух Кој беше испратен од небото* (1 Птр. 1, 12).

**245. Зошто апостолите не се споменати во Символот на верата?**

Затоа што во времето на неговото составување никој не се сомневал во боговдахновеноста на апостолите.

**246. Како Светиот Дух им се открил на луѓето?**

Светиот Дух им се открил на луѓето на особен начин. Тој слегол врз апостолите во вид на огнени јазици во педесеттиот ден по Христовото Воскресение.

**247. Дали Тој се открива и денес?**

Светиот Дух и сега им се објавува на сите вистински христијани. *Не знаете ли вие дека сте храм Божји, и Духот Божји живее во вас?* (1 Кор. 3, 16).

**248. Како можеме да станеме причесници на Светиот Дух?**

Ние можеме да бидеме причесници на Светиот Дух преку усрдна молитва и преку учество во Светите тајни. *Ако вие, бидејќи лукави, умеете да давате добри дарови на чедата свои, колку повеќе небесниот Отец ќе им даде Дух Свет на оние, што Му бараат?* (Лк. 11, 13). *Кога се јави добротата и*

*човекољубието на нашиот Спасител, Бог, Тој нè спаси, но не според извршените од нас праведни дела, туку по Својата милост, и преку Бањата на препородување - и обновата од Светиот Дух, Кого изобилно го излеа на нас преку Исус Христос, нашиот Спасител* (Тит, 3, 4-6).

**249. Кои се главните дарови на Светиот Дух?**

Светиот пророк Исаија укажува на седумте дарови на Светиот Дух: дух на стравот од Бога, дух на познание, дух на сила, дух на совет, дух на разум, дух на мудрост, дух Господен, или дар на благочестие и вдахновение од највисок степен (Ис. 11, 1-3).

## За деветиот член од Символот на верата

**250. Што е Црквата?**

**Црквата** е од Бога востановена заедница на луѓе кои се соединети во православната вера, Законот Божји, свештеноначалството и Светите тајни.

**251. Што значи да се верува во Црквата?**

**Да се верува** во Црквата значи со вера и љубов (благоговејно) да се почитува вистинската Христова Црква, и да му се потчинуваме на нејзиното учење и на нејзините заповеди со увереност дека во неа пребива, спасително дејствува, учи, и управува благодатта, која се излива од нејзината единствана вечна глава – Господ Исус Христос.

**252. Како може Црквата да биде предмет на верата?**

Црквата која е видлива е предмет на верата, оти верата, според апостолот Павле е увереност во невидливото. Како прво, макар што Црквата е видлива, невидлива е од неа усвоената и осветената од луѓето Божја благодат, која е, всушност, премет на верата во Црквата. Како второ, иако Црквата е видлива, бидејќи постои на земјата и кон неа припаѓаат сите православни христијани, кои живеат на земјата, сепак, таа е истовремено и невидлива, затоа што е и на небесата и кон неа припаѓаат сите кои се починати во вистинска вера и во светост.

**253. Од каде знаеме дека Црквата истовремено пребива (постои) и на небото и на земјата?**

Поимот за тоа дека Црквата истовремено и пребива на земјата и е небесна, се утврдува преку следните зборови на апостол Павле, упатени кон христијаните: *Вие, пак, пристапивте кон планината Сион и кон градот на живиот Бог, небесниот Ерусалим, и кон десетина илјади ангели, кон соборот и Црквата на првородените, кои се напишани на небесата, и кон Бог, Судијата на сите, и кон духовите на праведниците, што достигнаа совршенство, и кон Исус, Посредникот на Новиот завет* (Евр. 12, 22-24).

**254. Како се уверуваме за постоењето на благодатта во вистинската Црква?**

Ние сме уверени во пребивањето на Божјата благодат во вистинската Црква, најнапред, преку тоа што нејзината Глава, Богочовекот Исус Христос,

е исполнет со благодат и вистина, и затоа што Тој Своето Тело, односно Црквата, ја наполнил со благодат и вистина (Јн. 1, 14-17); како второ, преку тоа што Исус Христос им Го ветил на апостолите Својот Свет Дух, за да биде вечно со нив, и за, согласно на тоа ветување, Светиот Дух да ги поставува пастирите на Црквата (Јн. 14-16). Апостол Павле за Исус Христос вели дека Бог Отецот *Го постави како глава на сите во Црквата, која е Неговото тело* (Ефес. 1, 22-23). Истиот апостол на пастирите на Црквата им вели: *Внимавајте на себе и на целото стадо, во кое Светиот Дух ве постави за надгледувачи, за да бидете пастири на Божјата Црква, која Тој ја откупи со Својата крв* (Дела 20, 28).

**255. Што ни е сведоштво за тоа дека благодатта вечно ќе пребива во Црквата?**

Дека Божјата благодат пребива и ќе пребива во Црквата до скончанието на вековите, нè уверува следната мисла на Самиот Господ Исус Христос и Неговите апостоли: *ќе ја изградам црквата Своја, и вратите на пеколот нема да ја надвладеат* (Мт. 16, 18); *Нему нека е слава во Црквата преку Исус Христос во сите родови и за сите векови. Амин!* (Ефес. 3, 21).

**256. Зошто Црквата се нарекува една?**

Црквата е една затоа што е едно духовно тело, има една Глава – Христос и е одуховена од Единиот Дух Божји. *Едно тело сте и еден Дух, како што сте и повикани кон една надеж на вашиот повик. Еден е Господ, една е верата, едно е крштавањето, еден е Бог и Отецот на сите* (Ефес. 4, 4-6).

**257. Кој е Исус Христос во однос кон Црквата?**

Исус Христос е единствена Глава на едната Црква. Апостол Павле пишува за Црквата како за *Божја зграда... никој не може да постави друга основа, освен положената, кој е Исус Христос* (1 Кор. 3, 9-11). Затоа за Црквата како Тело Христово не може да има друга Глава, освен Господ Исус Христос. Црквата, која треба да постои меѓу сите народи до крајот на вековите има потреба и од Главата на секогашпребивачкиот во неа, а таков е само Господ Исус Христос. Затоа и апостолите не се нарекуваат поинаку туку *служители на Црквата* (1 Кол 1, 24-25).

**258. Каква должност ни наложува единственоста на Црквата?**

Единството на Црквата ни наложува должност да го сочувуваме *единството на Духот преку врските на мирот* (Ефес. 4, 3).

**259. Како се однесува единственоста на Црквата кон постоењето на многубројни помесни Православни Цркви?**

Црквата е една, макар што постојат многу Цркви кои се одделни и самостојни, на пример: Ерусалимската, Антиохиската, Александриската, Константинополската, Руската. Тоа се помесни Цркви кои се дел од Едната Вселенска (Соборна) Црква. Самостојноста на нивното видливо устројство не ги попречува да бидат духовно велики членови на едното тело на Вселенската Црква, да имаат единствена Глава – Христос и еден дух на вера и благодат. Тоа единство се изразува видливо, со подеднакво исповедање на верата и со општење во молитвите и во Светите тајни.

**260. Дали е иста Црквата која пребива на небесата со Црквата која постои на земјата?**

Без сомнение постои единство помеѓу Црквата која пребива на земјата и небесната Црква. Тоа единство е видливо како во нивните односи кон единствената Глава, нашиот Господ Исус Христос, така и во заемнотo општење помеѓу едната и втората.

**261. Како општи земната Црква со небесната Црква?**

Средство за општење на Црквата која пребива на земјата со Небесната Црква е молитвата која е принесена со вера и љубов. Верните, кои припаѓаат на Црквата, кои се подвизуваат на земјата, принесувајќи Му молитва на Бога, истовремено ги призиваат на помош светите, кои припаѓаат на небесната Црква; и светите, кои се наоѓаат на повисоки степени на приближување кон Бога, со своите посреднички молитви ги очистуваат, укрепуваат и принесуваат кон Бога молитвите на верните кои живеат на земјата, а според Божјата волја благодатно и благотворно дејствуваат на нив, или преку невидлива сила, или преку своите јавувања, или на некој поинаков начин.

**262. На што е втемелено молитвеното призивање на светитие во Православната Црква?**

Правилото на Црквата, која пребива на земјата, да ги призива во молитва светиите на небесната Црква се темели на Светото предание, чии почетоци се видливи и во Светото писмо. На пример, кога пророкот Давид повикува во молитвата:

*Господи, Боже на Авраам, Исак и Израел, нашите прет-ци* (1 Лет. 29, 18). Токму така и сега Православната Црква го призива Христос, Вистинскиот наш Бог, преку молитвите на Неговата Пречиста Мајка и на сите светии. Свети Кирил Ерусалимски во толкувањето на Божествената Литургија вели: Ги спомнуваме претходно починатите, најнапред партијарсите, пророците, апостолите, мачениците, за преку нивните молитви и застапништво Бог да го прими нашето молење (*Тајноводствено поучение*, 5, гл. 9).

Свети Василиј Велики во Словото за денот на светите Четириесет маченици говори: „Оној кој скорбее прибегнува кон четириесетте, оној кој се весели и тој таму питекнува: првиот за да најде разрешение (да добие ослободување) од своите скорби, вториот, пак, за да се сочуваат во него благодатите. Овде гледаме како благочестива жена се грижи за чедата кои се молат, за мажот кој заминал на пат, а за болниот здравје проси. Кон мачениците се упатени вашите прозби“.

**263.** За посредничката **молитва на светиите** кои се на небесата постои сведоштво во Светото писмо. Светиот евангелист Јован во Откровението на небесата виде *ангел со златна кадилница и застана пред жртвеникот; и му се даде многу темјан, та со молитвите на сите светии да го постави на златниот жртвеник, што беше пред престолот. Димот од темјанот со молитвите на светиите се издига од раката на ангелот пред Бога.* (Откровение 8, 3-4).

**264. Дали во Светото писмо постојат сведоштва за појавувањата на светиите од небесата?**

За благотворните **јавувања на светиите** од небото постои свидетелство во Светото писмо. Светиот евангелист Матеј говори дека после крсната смрт на нашиот Господ Исус Христос *многу тела на упокоени светии воскреснаа па кога излегоа од гробовите, по воскресението Негово, влегоа во светиот град и се јавија на мнозина* (Мт. 27, 52-53). Со оглед на тоа што толку важно чудо не можело да биде без важна цел, треба да се смета дека воскреснатите светии се јавиле за да возвестуваат за слегувањето на Исус Христос во адот и за Неговото победоносно воскресение и таа проповед содејствува на преминот во тогаш откриената новозаветна Црква на оној кој се родил во старозаветната Црква.

**265. Од каде знаеме дека светиите после смртта можат да прават чуда?**

Со следните сведоштва се утврдуваме во верата за тоа дека светиите, по своето претставување (односно по преминот: смртта на христијанинот се нарекува премин во вечниот Живот), чудодејствуваат на еден или на друг начин. Четвртата книга Царства сведочи дека од допирањето на коските на пророкот Елисеј воскреснал мртовец (4 Цар. 13, 21).

Апостолот Павле не само што самиот непосредно извршувал исцеление и чудеса, туку чуда се извршувале и во негово отсуство, преку шамивчињата коишто верните ги земале од неговото тело (Дела 19, 12). Преку тој пример гледаме дека светиите и по своето кончание подеднакво можат благотворно да дејствуваат преку земни средства или предмети, кои преку нив примиле осветување.

Светиот Григориј Богослов во своето *Прво разобличувачко слово кон Јулијан* вели: „Не си се посрамил од жртвите, заклани за Христа, ниту пак си се исплашил од великите подвижници: Јован, Петар, Павле, Јаков, Стефан, Лука, Андреј, Текла и останатите, кои пред и по нив пострадале за вистината од оган, и железо, и ѕверови, и мачители, и во вистинска беда и на сето тоа усрдно се спротивставиле, небаре се наоѓале во туѓи тела и бестелесност. Заради што? За ниту со еден збор да не го предадат благочестието. Затоа ним со право им се посветени големи почести и торжества. Од нив и демони се прогонуваат и болести се излекуваат, преку нивните јавувања и преку нивните пророштва. Подеднаква сила на душите на светиите имаат и нивните мошти, кога се допирливи или почитувани. Нивните капки крв, пак, тие мали знаци на страдањето, дејствуваат исто како и телата“ (*Собрани дела* т. 1. С. 90).

Преподобниот Јован Дамаскин пишува: „Моштите на светиите, како спасителни извори, ни ги дарува нам Владиката Христос, од нив истекуваат многуразлични благодејанија“. А како објаснување на тоа, тој забележува: „Оти со посредство на умот и во нивните тела се всели Бог“ (*Точно изложување на Православната вера*, Кн. 4, Гл. 15, С. 3-4).

**266. Зошто ја нарекуваме Црквата света?**

Црквата е света затоа што е осветена од Господ Исус Христос преку Неговите страдања, преку Неговото учење, преку Неговата молитва и преку Светите тајни. *Христос ја возљуби Црквата и се предаде Себеси за неа; за да ја освети, очистувајќи ја*

*со водна бања преку словото; та да ја претстави пред Себе како славна Црква, која нема оскрвение, или порок, или нешто слично, туку да биде света и непорочна.* (Ефес. 5, 25-27). Во молитвата кон Бог Отецот за верните Господ Исус Христос рече: *Освети ги со Својата вистина. Твоето слово е вистина... И за нив Јас се посветувам, та и тие да бидат осветени преку вестината* (Јн. 17, 17; 17, 19).

**267. Како може Црквата да биде света кога во неа има грешници?**

Црквата е света, макар што во неа се и оние кои согрешиле и кои грешат. Оние кои согрешиле, но потем се очистуваат себеси преку вистинско покајание, не ѝ попречуваат на Црквата да биде света, а непокајаните грешници, или преку видливото дејство на црковната власт, или преку невидливото дејство на Божјиот суд, како мртви членови се отсекуваат од телото на Црквата, и на таков начин таа и во тоа однесување на грешниците се сочувува света. *Исфрлете го лошиот помеѓу вас* (1 Кор. 5, 13). *Но Божјата цврста основа стои непоколебливо, имајќи го овој печат: „Ги позна Господ Своите“ и „Да отстапи од неправдата секој, што го произнесува името Господово!“* (2 Тим. 2, 19).

**268. Зошто Црквата ја нарекуваме соборна?**

Црквата се нарекува соборна, или, што е исто, католична, односно вселенска, затоа што не се ограничува од никакво место, ниту време, ниту народ, туку во себе ги содржи оние што праведно и вистински веруваат на сите места, во сите времиња и меѓу сите народи. Апостол Павле вели:

*благовестието постои по сиот свет и е плодоносно и расте* (според Кол. 1, 5-6) и вели дека во Христовата Црква *нема ниту Елини, ни Јудејци, ни обрезание и необрезание, ни верварин, ни скит, ни роб, ни слободен, а сѐ и во сѐ е Христос* (Кол. 3, 11), *оние кои се од верата, благословени се со Авраам кој веруваше* (Гал. 3, 9).

**269. Каква важна надмоќност има Црквата?**

Важната надмоќ, супериорност на Соборната Православна Црква се состои во тоа што неа ѝ припаѓаат високи ветувања дека *вратата адска нема да ѝ одолее*, дека Господ *ќе биде со неа до крајот на времето*, дека во неа ќе биде *словото Божјо за Христа Исуса во сите векови*, дека, следствено, таа никогаш не може ниту да отпадне од верата, ниту да погреши во вистината на верата, или да падне во заблуда. „Несомнено исповедаме како цврста вистина, дека Католичната Православна Црква не може да погреши или да се заблуди и да изрече лага наместо вистина, оти Светиот Дух, Кој секогаш дејствува преку отците и учителите на Црквата кои верно ѝ служат, ја сочувуваат од секаква заблуда" (*Послание на Источните патријарси за православната вера*, чл. 12).

**270. Дали за спасение е неопходно припаѓање на Православната Црква?**

Православната Црква ги содржи во себе сите кои се во светот и кои вистински веруваат. Бидејќи Господ Исус Христос, според кажаното на апостолот Павле е Глава на Црквата и Тој е Спасител на нејзиното тело, па за да се учествува во делото на спасението (заедно со Него) неопходно

е да бидеме членови на Неговото тело, односно членови на Соборната Црква (Ефес. 5, 23). Апостол Петар пишува дека **крштението** нѐ спасува според образот на Ноевиот ковчег. Сите кои се спасиле од сесветскиот потоп, се спасиле единствено во **Ноевиот ковчег**. Така, сите кои го наоѓаат вечното спасение го наоѓаат во единствената Католична Црква.

**271. Зошто нашата Црква се нарекува „Источна“?**

Следните мисли и воспомненија е неопходно да ги соединиме со името Источна Црква. Во рајот, создаден на Исток, била создадена првата Црква на безгрешните прародители; и таму, по гревопаѓањето, е положена нова основа на Црквата на оние кои се спасуваат во ветувањето за Спасителот. На Исток, во земјата јудејска, нашиот Господ Исус Христос, го совршил делото на нашето спасение, положил зачеток на Својата Христијанска Црква. Оттука, таа се распространила по целата Вселена; и до сега православната католична вселенска вера е утврдена на седумте Вселенски собори и својата првоначална чистота неизменливо ја сочувува во древните Источни Цркви и во Црквите коишто се во единомислие со Источните Цркви, каква што е, по благоста Божја и Руската Црква.

**272. Зошто нашата Црква се нарекува „Апостолска“?**

Црквата се нарекува **апостолска** затоа што таа преку ракополагањето на свештени лица непрекинато и неизменливо од времето на

апостолите го сочувува и учењето и преемството на даровите на Светиот Дух. Во таа смисла Црквата се нарекува и **Православна** или **Правоверна**. *Вие веќе не сте туѓи и придојдени, туку сте им сожители на светиите и свои на Бога, оти се утврдивте на темелите поставени од апостолите и пророците, имајќи Го како аголен камен на темелот Самиот Исус Христос* (Ефес. 2, 19-20).

**273.** Кога Символот на верата ја нарекува Црквата апостолска, тој нè учи цврсто да се држиме до учењата и преданијата на апостолите и да го избегнуваме она учење и оние учители кои не се засновани на учењето на апстолите. Апостол Павле вели: *Така, браќа, стојте и држете ги преданијата, што ги научивте било преку нашето слово, било преку вашето послание* (2 Сол. 2, 15). *Бегај од човек еретик, откако еднаш или вторпат го советуваш* (Тит 3, 10). *Оти има и множина непокорни, празнословци и измамници, а особено меѓу обрезаните, на кои треба да им се затвори устата: тие растураат цели домови, учејќи на она што не треба, поради одвратна печалба* (Тит 1, 10-11). *Ако (некој) и Црквата не ја послуша, тогаш нека ти биде тој како незнабожец и митник* (Мт. 18, 17).

**274.** Во Црквата постои установа преку која се зачувува преемеството на апостолското служење – тоа е црковната **ерархија**, односно **свештеноначалие**.

**275. Од каде го црпи своето начело ерархијата во Православната Црква?**

Ерархијата во Православна Црква го зема своето начело од Самиот Исус Христос и од времето на слегувањето на Светиот Дух врз апостоли-

те, и од таа доба непрестајно продолжува преку преемствено ракоположение во Светата тајна Свештенство. *Тој постави едни за апостоли, други за пророци, трети за евангелисти, четврти за пастири и учители, за усовршување на светиите во делото на служењето, за изградување на Христовото тело* (Ефес. 4, 11-12).

**276. Кој црковен авторитет може да дејствува во име на целата Православна Црква?**

Свештеноначалие кое може да дејствува во име на целата Католична (Соборна) Црква е Вселенскиот собор.

**277. Кому му се потчинети главните делови на Вселенската Црква?**

Главните делови на Вселенската Црква им се потчинети на православните патријарси и архиепископи.

**278. Кому му се потчинети црковните области и градови?**

Помали православни области и градови им се потчинети на митрополитите и епископите.

**279. Од кои извори знаеме во што се состои потчинувањето на Црквата?**

За да ја исполниме должноста за почитување на Црквата, неопходно е да знаеме што таа бара од своите чеда. А тоа можеме да го дознаеме од Светото писмо, од правилата на светите апостоли, од светите Вселенски и Помесни собори, од светите отци и од црковните установи.

## За десеттиот член од Симболот на верата

**280. Зошто во Символот на верата се споменува Крштението?**

Во Символот на верата се споменува Крштението затоа што верата се запечатува со Крштението и со останатите Свети тајни.

**281. Што е тоа Света тајна?**

Света тајна е свештено дејствие преку кое на таинствен начин врз човекот дејствува Божја благодат, односно спасителна Божја сила.

**282. Колку Свети тајни постојат?**

Постојат седум Свети тајни: 1. Крштение; 2. Миропомазание; 3. Причест; 4. Покајание; 5. Свештенство; 6. Брак и 7. Елеосвештување.

**283. Каква духовна сила има секоја од тие Свети тајни?**

Секоја од Светите тајни има своја духовна сила. 1. Во Крштението човекот на таинствен начин се раѓа во духовен живот. 2. Преку Миропомазанието прима благодат која содејствува во духовниот раст и која укрепува. 3. Со Причеста (човекот) се храни духовно. 4. Преку Покајанието се лечи од духовни болести, односно од гревовите. 5. Во Свештенството прима благодат духовно да раѓа и воспитува други преку учењето и Светите тајни. 6. Во Бракот прима благодат која го осветува сопружништвото, природното раѓање и воспитувањето на децата. 7. Во Елеосветување се лечи од телесни болести со посредство на исцеление од духовните болести.

**284. Зошто во Символот на верата не се споменати сите седум Свети тајни?**

Во Символот на верата не се споменати сите Свети тајни, туку единствено Крштението, затоа што во тоа време во однос кон Крштението постоел сомнеж за тоа дали некои луѓе (на пример еретиците) треба да се крштеваат по вторпат. Било неопходно тој спор да се реши, што и е сторено во Символот на верата, преку кого исповедаме **едно Крштение**.

## За Крштението

**285. Што е Крштение?**

**Крштението** е Света тајна во која оној што верува преку трократното потопување во вода со призивање на Бог Отецот и Синот и Светиот Дух умира за плотскиот, гревовен живот и преку Светиот Дух се враќа во духовен, свет живот. *Ако некој не се роди од вода и Дух, не може да влезе во Божјото Царство* (Јн. 3, 5).

**286. Каде Крштението го има својот почеток?**

Крштението започнало на следниот начин. На реката Јордан, пророкот и претеча на Спасителот, *Јован крштеваше со крштевање за покајание, велејќи му на народот да верува во Оној Кој ќе дојде по него, односно во Христос Исус* (Дела 19, 4). Потоа Исус Христос со Својот пример го освети Крштението, така што и Самиот беше крстен од Јован. На крајот, по Своето Воскресение, Тој на апостолите им даде торжествена заповед: *Одете и научете ги*

*сите народи, крштевајќи ги во името на Отецот, и Синот, и Светиот Дух* (Мт. 28, 19).

**287. Што е главно во Светата тајна Крштение?**

Најважното во Светата тајна Крштение е трикратното потопување во вода, проследено со произнесување на следниве зборови: „Се крштева работ Божји (па се кажува името) во името на Отецот. Амин. И Синот. Амин. И Светиот Дух. Амин“.

**288. Што се бара од оној што сака да го прими Крштението?**

Од оној што сака да го прими Крштението се бараат покајание и вера. Затоа, пред чинот на Крштението се чита Символот на верата. *Покајте се! И секој од вас нека се крсти во името на Исус Христос за простувањето на вашите гревови, и ќе го примите дарот на Светиот Дух* (Дела 2, 38). *Кој ќе поверува и се крсти, ќе биде спасен; а кој не поверува, ќе биде осуден* (Мк. 16, 16).

**289. На која основа се крштеваат новороденчињата?**

Бебињата се крштеваат според верата на нивните родители и кумови, кои притоа се обврзани да ги научат на верата, кога новокрстените ќе стапат во возраст кога ќе можат да ја разбираат.

**290. Дали во Светото писмо има доказ дека младенчињата треба да се крстат?**

Од Светото писмо може да се докаже дека треба да се крштеваат токму бебиња. Во времето на Стариот завет обрезанието се извршувало над бебенца стари осум дена, но во Новиот завет наместо обрезание се извршува Крштение, следстве-

но на тоа, Крштението треба да се извршува над бебиња.

**291. Од каде знаеме дека Крштението го заменило обрезанието?**

Тоа дека Крштението се извршува наместо обрезание е очигледно од следните зборови на апостолот Павле, упатени кон верните: *во Него* (во Христос) *сте и обрезани преку неракотворно обрезание, откако го соблековте гревовното тело на плотта преку обрезанието Христово, откако се погребавте во Него во крштевањето* (Кол. 2, 11-12).

**292.Зошто при Крштението се неопходни кумови?**

При Крштението има кумови, кои се тука, за да гарантираат пред Црквата за верата на оној што се крштева, и по Крштението да го примат под своја грижа со цел да го утврдат во верата (св. Дионисиј Ареопагит, *За Црковната ерархија*, гл. 2).

**293. Зошто над оној што се крштева се чита заколнување?**

Над оној што се крштева се извршува заколнување за да се оттргне од него ѓаволот, кој од времето на Адамовиот грев има достапност до луѓето и одредена власт над нив, како над свои робови и слуги. Апостолот Павле вели дека сите луѓе кои се надвор од благодатта *според животот на овој свет, согласно со кнезот на воздухот, односно на духот, кој сега дејствува во синовите на неверието* (Ефес. 2, 2).

**294. Во што се состои силата на заколнувањето?**

Силата на заколнувањето се состои во името

на Исус Христос, Кого Го призиваме со молитва и вера. Господ Исус Христос на верните им го дал следново ветување: *со Моето име ќе истеруваат бесови; ќе говорат нови јазици* (Мк. 16, 17).

**295. Каква сила има осенувањето со крстот?**

Осенување со крстот, со движењето на рацете, ја има истата сила која ја има и името на Исус Христос Рапнатиот, кога е со вера произнесено преку движење на усните.

**296. Од кога започнало осенувањето со крстот?**

Употребувањето на крсното осенување својот почеток го има во апостолко време (свети Дионисиј Ареопагит, *За црковната ерархија*, гл. 2 и 5; Тертулијан *За венците*, гл. 3; *За Воскресението*, гл. 8).

**297. Какво значење има облекувањето на белата одежда по Крштението?**

Белата одежда во која по Крштението се облекуваат новокрстените ја означува чистотата на душата и на христијанскиот живот.

**298. Зошто над оној што се крштева се положува крст?**

Врз крстениот се полага крст за непрестано напоменување на Христовата заповед и со цел видливо да се укаже на неа: *Ако некој сака да врви по Мене, нека се одрече од себе, нека го земе својот крст и нека оди по Мене* (Мт. 16, 24).

**299. Што значи одењето околу купелот со светилник во рацете?**

Одењето на крстениот околу купелот со

светилникот ја означува духовната радост, соединета со духовно просветување.

**300. Зошто во Символот на верата се вели дека Крштението е едно?**

Во Символот на верата е заповедано да се признава едно Крштение. Тоа треба да се разбере во смисла и значење дека Крштението е неповторливо.

**301. Зошто Крштението не се повторува?**

Крштението не се повторува затоа што тоа е духовно раѓање: човекот се раѓа еднаш, па затоа еднаш и се крштева.

**302. Дали оние што грешат после Крштението носат еднаква вина како некрстените?**

Оние што грешат откако над нив ќе биде извршена Светата тајна Крштение се повиновни за своите гревови од мерата во којашто некрстените се виновни за своите. Тоа е така затоа што крстените имале особена помош од Бога за извршување на добри дела, и истата ја отфрлиле. *Зашто ако се оттргнаа од световната расипаност оние со вистинското познавање на Господ и Спасителот Исус Христос и се заплеткуваат во неа и се надвладеани, тогаш ова последново им е полошо од првото* (2 Птр. 2, 20).

**303. Дали можат да бидат простени гревовите после Крштението?**

Да, оние што грешат после Крштението имаат средство за да примат прошка на гревовите. Тоа е покајанието.

## За Миропомазанието

**304. Што е Миропомазание?**

**Миропомазанието** е Тајна во која на верниот при помазание со осветено миро на делови од телото, а во името на Светиот Дух, му се подаруваат дарови на Светиот Дух, кои го враќаат во духовниот живот и го укрепуваат во него.

**305. Што се говори за таа Света тајна во Светото писмо?**

За внатрешното дејство на таа Света тајна во Светото писмо, односно од страна на апостолот Јован се вели: *А вие имате помазание од Светиот и знаете сè... во вас останува помазанието што го примивте од Него и немате потреба некој да ве поучува, туку како што Неговото помазание ве поучува за сè, и е вистинито и не е лага, и како што Тој ве научи, така останете во Него* (1 Јн. 2, 20; 2, 27). На сличен начин и во ист дух и апостол Павле вели: *Бог е Оној, Кој нè утврди со вас во Христа и нè помаза; Тој и нè запечати и ни даде залог на Духот во срцата наши*. (2 Кор. 1, 21-22). Оттука се земени зборовите кои се произнесуваат при Миропомазанието: **печат на дарот на Светиот Дух**.

**306.** Што се однесува до напомените во Светото писмо за надворешното дејство на Миропомазанието, може да се мисли дека зборовите на апостолот Јован се однесуваат и кон видливото помазание; но попознато е дека апостолите за откривање на даровите на Светиот Дух кај крстените, употребувале ракополагање (Дела 8, 14-17). Преемниците на апостолите, пак, наместо

тоа, започнале да употребуваат миропомазание, за што пример веројатно било помазанието кое се употребувало во времето на Стариот завет (2 Мојс. 30, 25; Царс. 1, 39; Свети Дионисиј Ареопагит, *За Црковнаӣа ерархија*, гл. 4).

**307. Во што се состои особеноста на светото миро?**

Право да го осветуваат светото миро имаат највисоките степени на свештената ерархија, односно епископите кои се преемници на апостолите, кои пак, го извршувале ракополагањето за слегување на даровите на Светиот Дух.

**308. Што значи помазувањето на делови од телото со светото миро?**

Помазанието на челото означува осветување на умот, односно на мислите.

**309.** Помазанието на градите – осветување на срцето, односно на желбите.

**310.** Помазанието на очите, ушите и усните – осветување на чувствата.

**311.** Помазанието на рацете и нозете – осветување на делата и на целокупното однесување на христијанинот.

## За Причеста

**312. Што е тоа Света тајна Причест?**

Причеста е Света тајна во која верниот, во вид на леб и вино ги вкусува самото Тело и Крв Христови за добивање на вечен Живот.

**313. Како е востановена таа Света тајна?**

Таа Света тајна е востановена на следниов начин: Господ Исус Христос пред самото Свое страдање ја извршил за првпат, на тој начин првично претставувајќи во неа живо изобразување на Своите спасителни страдања. Причестувајќи ги апостолите Тој им дал заповед секогаш да ја извршуваат таа Света тајна.

**314. Какво место има таа Света тајна во православното богослужење?**

За Светата тајна Причест, во однос на христијанското богослужење, треба да се забележи дека таа го содржи главниот и суштествен дел на христијанското богослужение.

**315. Во кое богослужење се извршува Светата тајна Причест?**

Богослужбата на која се извршува Светата тајна Причест се нарекува Литургија.

**316. Што значи зборот Литургија?**

Зборот **Литургија** значи **заедничко служење**. Иако постојат голем број заеднички служења во Црквата, сепак особениот назив „Литургија“ е усвоен токму за богослужењето на кое се извршува Светата тајна Причест.

**317. Каде треба да се извршува Литургијата?**

За местото во кое се извршува Литургијата треба да се забележи следново: таа бездруго треба да биде извршувана во **храм** (**црква**), во кој **трпезата** (престолот) или, во крајна мера, наместо трпезата, **антиминсот**, врз кого се извршува Светата тајна треба да биде осветен од архиереј.

**318. Зошто храмот уште се нарекува и црква?**

Храмот се нарекува црква, затоа што во него за молитви и Свети тајни се собираат верните кои ја сочинуваат Црквата.

**319. Зошто трпезата се нарекува и престол?**

Трапезата на која се извршува Светата тајна Причест се нарекува престол, затоа што на неа, како Цар, таинствено присуствува Господ Исус Христос.

**320. Кој е општиот редослед за извршување на Литургијата?**

Основниот **поредок** во Литургијата се состои во тоа што: како прво - се подготвуваат материјалните елементи за Светата тајна, како второ - верните се приготвуваат за примање на Светата тајна, и на крајот - таа се извршува.

**321. Како се нарекува делот од Литургијата во кој се подготвуваат материјалните елементи за извршување на таа Света тајна?**

Делот од Литургијата во кого се подготвуваат материјалните елементи за Светата Тајна, се нарекува **проскомидија.**

**322. Што значи зборот „проскомидија“?**

Зборот **проскомидија** значи **принос, предложение**.

**323. Зошто првиот дел од Литургијата се нарекува „проскомидија“?**

Првиот дел од Литургијата се нарекува така во соодветственост на обичајот на древните

христијани во црква да принесуваат леб и вино за извршување на Тајната. Поради таа причина тој леб се нарекува **просфора**, што значи **принесување**.

**324. Во што се состои смислата на проскомидијата?**

Проскомидијата како дел од Литургијата се состои во спомнување на пророштвата и праобразите, а, делумно, и во спомнување на самите настани, кои се однесуваат на Рождеството и страдањето на Исус Христос. Притоа, од просфората се зема дел кој е неопходен за извршување на Светата тајна; а исто така, се употребува и неопходен дел на вино, кој соедниет со вода се влева во свештениот сад. Притоа, свештенослужителот ја споменува целата Црква: прославените (канонизирани) светии, се моли за живите и за мртвите, за властите и за оние кои, според својата вера и со усрдност принесуваат просфори, или приноси.

**325. Каков е лебот што се користи за проскомидија?**

Лебот за Причеста треба да биде таков каков што бара самото име леб, како што бара светоста на Светата тајна и како што тоа ни го дава примерот на Господ Исус Христос и апостолите, односно треба да биде квасен, пченичен леб.

**326. Зошто за причест се употребува еден леб?**

Тоа што за Причеста, според прописот, се употребува еден леб значи, според објаснувањето на апостолот, *дека лебот е само еден, едно тело сме ние многуте, зашто сите се причестуваме од еден леб* (1 Кор. 10, 17).

**327. Зошто лебот што се приготвува за Причест се нарекува агнец?**

Лебот што е приготвен за Причест се нарекува агнец, затоа што е образ на страдалниот Исус Христос, подобно на тоа како што во Стариот завет се изобразувал Неговиот Пасхален агнец.

**328. Што е тоа пасхален агнец?**

Пасхален агнец е агнецот кого Израилот, по Божјо повеление, го колел и јадел во спомен на избавувањето од погибел во Египет.

**329. Зошто виното што се користи во Светата тајна Причест се соединува со вода?**

Виното за Светата тајна Причест се соединува со вода затоа што тоа свештенодејствие се извршува според образот на Христовите страдања, а во време на страдањата од раната која Му била нанесена на Христос во Неговото ребро потекле **крв** и **вода**.

**330. Како се нарекува делот од Литургијата во кој верните се подготвуваат да ја примат Светата тајна Причест?**

Оној дел од Литургијата во кој верните се подготвуваат за Светата тајна, древните христијани го нарекувале Литургија на огласените. Тоа име било дадено затоа што се допуштало во тој дел од Литургијата да присуствуваат и да слушаат, не само крстените кои потоа се причестувале, туку и огласените, односно оние што се подготвувале за Крштението, како и оние што биле во состојба на покајание за тежок грев, па следствено не им било допуштено да пристапат кон Причеста.

**331. Како започнува тој дел на Литургијата?**

Тој дел на Литургијата започнува со благословување, или прославување на Царството на Пресвета Троица.

**332. Од што се состои Литургијата на огласените?**

Тој дел на Литургијата се состои од молитви, песнопенија, читање на Апостолот и на Евангелието.

**333. Како завршува Литургијата на огласените?**

Литургијата на огласените се завршува со повеланието, заповедта, која се упатува кон огласените за да излезат од црквата.

**334. Што е Литургија на верните?**

Оној дел од Литургијата, во кој се извршува Светата тајна Причест се нарекува Литургија на верните, затоа што единствено верните, односно оние што го примиле Крштението, имаат право да учествуваат на тој дел од богослужбата.

**335. Кое е најважното дејство на Литургијата на верните?**

Најважно дејство на тој дел од Литургијата е произнесувањето на словата кои ги кажал Исус Христос при воспоставувањето на Евхаристијата: *примете, јадете: ова е Моето Тело... пијте од неа сите, ова е Мојата Крв на Новиот завет* (Мт. 26, 26-28); и потоа – призивот на Светиот Дух и благословувањето на Даровите, односно принесувањето на лебот и виното.

**336. Во што е смислата на тоа дејство?**

Тоа е особено важно затоа што при тоа дејство лебот и виното се претвораат, односно се **пресуштествуваат**, во вистинско Тело Христово и во вистинска Крв Христова.

**337. Како да го разбираме зборот „пресуштествување“?**

За зборот **пресуштествување** во *Изложувањето на верата од Источните патријарси* е речено дека со зборот **пресуштествување** не се објаснува на каков начин лебот и виното се преобразуваат во Тело и Крв Господови, бидејќи тоа не може да го спознае никој, освен Бог; туку се укажува само тоа дека вистински, и според материјалност прав леб се преобразува во самото вистинско Тело на Господ, а виното во самата Крв на Господ Исус Христос.

Налик на тоа преподобниот Јован Дамаскин за Светите и пречисти Тајни Господови пишува: „Телото е навистина соединето со Божеството, кое беше восприменo од Пресветата Дева. Но тоа не се случува така што вознесеното Тело слегува од небесата, туку лебот и виното се претвораат во Тело и Крв Божји.“

**338. Како да се пристапува на Светата тајна Причест?**

Секој што сака да пристапи кон Светата тајна Причест треба да ја открие пред Бога својата совест и да ја исчисти со покајание од гревот за што нè оспособуваат постот и молитвата. *Но, човекот да се испита самиот себе и потоа да јаде од овој леб и да пие од оваа чаша. Зашто, оној кој јаде и пие*

*недостојно, тој го јаде и пие своето осудување, бидејќи не го разликува телото Господово* (1 Кор. 11, 28-29).

**339. Што се случува со нас во моментот на причестувањето?**

Оној што се причестува со Телото и Крвта на Христос на најтесен начин се соединува со Самиот Исус Христос и во него станува причестен со вечниот Живот. *Кој јаде од Моето Тело и пие од Мојата Крв, ќе биде во Мене и Јас во него* (Јн. 6, 56). *Кој го јаде Моето Тело и ја пие Мојата Крв, има живот вечен и Јас ќе го воскреснам во последниот ден* (Јн. 6, 54).

**340. Колку често треба да се причестуваме со Светите дарови?**

За тоа колку често треба да ѝ пристапуваме на Причеста, треба да се забележи дека древните христијани се причестувале секоја недела; Црквата со мајчински глас нѐ поттикнува да се исповедувме пред духовниот отец и да се причестуваме со Телото и Крвта на Христос, стремејќи се кон благоговеен живот, барем четирипати во годината, или секој месец, а, задолжително, еднаш годишно (*Православно исповедање*, д. 1, прашање 90.).

**341. На каков начин учествуваат оние кои не се причестуваат со Светите тајни?**

Оние кои само присуствуваат на Божествената Литургија, а не ѝ пристапуваат на Причеста, можат и треба да учествуваат во Литургијата преку молитва, вера и особено преку непрестајно напоменување на нашиот Господ Исус Христос, Кој повела: *ова да го правите во Мое име* (Лк. 22, 19).

**342. Што значи входот (влезот) со Евангелието за време на Литургијата?**

Во времето во кое на Литургијата се прави вход со Евангелието, се извршува споменување на Господ Исус Христос, Кој се појави за да го проповеда Евангелието. Затоа и за време на читањето на Евангелието треба да имаме големо внимание и да стоиме со вера и љубов, како да сме Го виделе и слушнале Самиот Исус Христос.

**343. Како треба да се разбере входот со приготвените Дарови?**

Во времето на Литургијата во кое се извршува входот со приготвените Дарови во олтарот, треба да си го спомнуваме одењето на Исус Христос на доброволно страдање, како жртва на колење, иако повеќе од дванаесет легиони (односно големо множенство) на ангели биле спремни да Го сочуваат како свој Цар. Царот на оние кои царствуваат и Господ на оние кои господарствуваат доаѓа на колење (*Литургија во Велика сабота*).

**344. Што треба да имаме на ум за време на извршувањето на оваа Света тајна?**

Во времето на извршувањето на таа Света тајна и во времето на причествување на свештенослужителите во олтарот треба да си ја спомнуваме Тајната вечера на Самиот наш Господ Исус Христос со апостолите, да ги споменуваме Неговото страдање, смрт и погребение.

**345. Што значат откривањето на завесата, отворањето на царските двери и појавувањето на Светите дарови?**

Со откривањето на завесите, отворањето на

царските двери и појавата на Светите дарови се означува појавувањето на Самиот наш Господ Исус Христос после Неговто Воскресение.

**346. Што значи последната појава на Светите дарови пред народот?**

Со последното појавување на Светите дарови пред народот, по што тие се скриваат се изобразува Вознесението на Господ Исус Христос на небото.

**347. Дали оваа Света тајна ќе пребива секогаш во вистинската Црква?**

Извршувањето и примањето на Светата тајна Причест во вистиската Христијанска Црква бездруго продолжува секогаш, до самото Второ Христово доаѓање, според зборовите на апостол Павле: *Оти, кога ќе го јадете овој леб и кога ќе ја пиете оваа чаша, вие ќе ја објавувате смртта на Господа, додека Он не дојде* (1 Кор. 11, 26).

## За Покајанието

**348. Што е Покајание?**

Покајанието е Света тајна во која оној што на видлив начин ги исповеда своите гревови, просејќи прошка преку свештеник, невидливо добива разрешување, простување на гревовите од Самиот наш Господ Исус Христос.

**349. Кога настанала оваа Света тајна?**

Таа Света тајна својот почеток го наоѓа кај свети Јован Крстител. Имено, на оние кои

одеа при него, тој им *проповедаше покајно крштевање за простување на гревовите*, па затоа сите пристапувале при него *исповедајќи ги своите гревови* (Мк. 1, 4-5). Господ Исус Христос им ветил власт на апостолите да разрешуваат гревови кога рекол: *сè што ќе сврзете на земјата, ќе биде сврзано и на небото; и сè што ќе разврзете на земјата, ќе биде разврзано и на небото* (Мт. 18, 18). По Своето Воскресение Тој навистина им ја дал таа власт, кога рекол: *Примете Свет Дух. На оние на кои ќе му ги простите гревовите, ќе им се простат, а на оние на кои ќе им ги задржите, ќе им се задржат* (Јн. 20, 22-23).

**350. Што се бара од оној што се кае?**

Од оној што се кае се бара сокрушение и покајание за своите гревови, јасна и искрена намера да го поправи својот живот, потоа вера во Христос и надеж за Неговото милосрдие. *Бидејќи скорбеењето по Бога предизвикува неопходно покајание за спасение, а световната мака доведува до смрт* (2 Кор. 7, 10). *Кога, пак, грешникот ќе се поврати од гревот свој и ќе почне да врши суд и правда, заради тоа тој ќе остане жив* (Езе. 33, 19). *Сите пророци сведочат за Него дека секој кој верува во Него добива простување на гревовите преку Неговото име* (Дела 10, 43).

**351. Кои средства можат да го помогнат појавувањето на Покајанието?**

Постојат и подготвителни и помагателни средства за покајание – тоа се постот и молитвата.

**352. Какви средства се употребуваат во Црквата за оние што се каат?**

Светата Црква употребува особено средство за очистување и смирување на совеста на грешни-

кот што се кае, имено - епитимија.

**353. Што значи зборот „епитимија“?**

Зборот **епитимија** во превод значи **казна** (2 Кор. 2, 6). Под тоа име, по неопходност, на оној што се кае му се препишуваат некакви особени благочестиви должности и одредени лишувања; нивната цел е ослободување од неправдите на гревот и надминување на гревовната навика. Така, на пример, постот им е наложен на сите, а за тешките гревови е наложено одлачување од Причест на определено време.

## За Свештенството

**354. Што е Свештенство?**

Свештенството е Света тајна во која Светиот Дух го поставува оној кој е правилно избран преку епископско ракополагање да извршува Свети тајни и да го пасе стадото Христово. *И така секој човек нека нѐ смета нас за служители Христови и управници на тајните Божји* (1 Кор. 4, 1). *Внимавајте на себе и на целото стадо, во кое Светиот Дух ве постави за надгледувачи, за да бидете пастири на Божјата Црква, која Тој ја откупи со Својата Крв* (Дела 20, 28).

**355. Што значи „да се пасе Црквата“?**

**Да се пасе Црквата**, значи да се поучуваат луѓето во верата, благочестието и добрите дела.

**356. Колку се на број степените на Свештенство?**

Постојат три **степени** на Свештенство: **епископ**, **презвитер** и **ѓакон**.

**357. Каква е разликата во степените на Свештенството?**

Разликата меѓу нив е во тоа што ѓаконот сослужува при Светите тајни (но не ги извршува); презвитерот ги извршува Светите тајни, притоа наоѓајќи се во подчинетост на епископот; а епископот не само што ги извршува Светите тајни, туку има власт преку ракополагање и на други да им го дава благодатниот дар, за и тие да ги извршуваат. За епископската власт апостол Павле му пишува на Тит: *Затоа те оставив во Крит, за да го довршиш несвршеното и во сите градови да поставиш презвитери, како што ти бев наречал* (Тит 1, 5), и на Тимотеј: *Раце на никого не полагај пребрзо* (1 Тим. 5, 22).

## За Светата тајна Брак

**358. Што е бракот според учењето на Црквата?**

Бракот е Света тајна во која при слободно ветување пред свештеникот и пред Црквата од страна на младоженецот и невестата за нивната сопружничка верност се благословува нивниот сопружнички сојуз, во образ на духовниот сојуз на Христос со Црквата, и им се испраќа благодат на еднодушност за благословено раѓање и христијанско воспитување на децата.

**359. Зошто Бракот е Света тајна?**

Дека Бракот е Света тајна е видливо од следните зборови на апостол Павле: *Поради тоа човекот ќе го остави таткa си и мајката своја, и ќе се придружи кон жената своја, та обајцата ќе бидат една плот. Оваа тајна е голема. Јас ви зборувам за Христа и за Црквата* (Ефес. 5, 31-32).

**360. Дали е задолжително сите да стапуваат во Брак?**

Не, не е задолжително сите да стапуваат во Брак. Девственоста е подобра од сопружништвото, се разбира доколку некој може во чистота да ја сочува. Токму затоа Господ Исус Христос рекол: *Не сите ги разбираат тие зборови, а само оние, на кои им е дадено... Кој може да прими, нека прими* (Мт. 19, 11-12). И апостол Павле вели: *А на неженетите и на вдовиците им велам: добро ќе им биде, ако останат како јас. Но,ако не можат да се воздржат, нека се женат и мажат, бидејќи е подобро да се женат и мажат, отколку да се возбудуваат... Неженетиот се грижи за Господовите работи, - како да Му угоди на Господа; а женетиот се грижи за световните работи - како да ѝ угоди на жената... Оној, кој ја омажува својата девојка, добро прави; а оној, што не ја мажи, подобро прави* (1 Кор. 7, 8-9; 7, 32-33; 7, 38).

## За Елеосвештенството

**361. Што е тоа Елеосвештенство?**

**Елеосвештенството** е Света тајна во која

преку помазание на телото на болниот со елеј се призива Божјата благодат, која ги исцелува душевните и телесни немоќи.

**362. Каде таа Света тајна го има својот почеток?**

Таа Света тајна својот почеток го наоѓа кај апостолите кои, примајќи власт од Исус Христос *многумина болни помазуваа со елеј, и лекуваа* (Мк. 6, 13). Апостолите ја предале таа Света тајна на свештенослужителите на Црквата, што се гледа од следните зборови на апостол Јаков: *Боледува ли некој меѓу вас? Нека ги повика старешините на црквата, тие нека се помолат над него и нека го помазат со миро во името на Господа, а молитвата со вера, ќе го исцели болниот и Господ ќе го крене, и ако направил гревови, ќе му бидат простени* (Јак. 5, 14-15).

## За единаесеттиот член од Символот на верата

**363. Што подразбираме под воскресение на мртвите?**

Воскресението на мртвите, кое, согласно на Символот на верата го очекуваме, е дејство на Божјата семоќ преку која сите тела на починатите луѓе повторно соединувајќи се со нивните души, ќе оживеат и ќе бидат духовни и бесмртни. *Се сее тело душевно - воскреснува тело духовно* (1 Кор. 15, 44). *Зашто распадливото треба да се облече во нераспадливо, а смртното - да се облече во бесмртно* (1

Кор. 15, 53).

**364. Може ли телото да воскресне?**

Телото кое истлејува во земјата и се распаѓа, ќе воскресне со оглед на тоа што Бог во почетокот од земјата создал тело и истото може да го обнови, иако тоа се распаднало во земјата. Апостол Павле тоа го објаснува преку пример на посеано зрно кое истлејува (се распаѓа) во земја, но од кое, потоа израснува трева или дрво: *тоа што го сееш, нема да оживее, ако не умре* (1 Кор. 15, 36).

**365. Дали ќе воскреснат сите?**

Сите умрени ќе воскреснат, а на оние кои во времето на сеопштото воскресение ќе останат живи, сегашните груби тела за миг ќе им се променат и ќе станат духовни и бесмртни. *Сите нема да умреме, но сите ќе се измениме. Одеднаш, во еден миг, при последната труба; ќе затруби, и мртвите ќе воскреснат нераспадливи, а ние ќе се измениме* (1 Кор. 15, 51-52).

**366. Кога ќе се случи воскресението на мртвите?**

Воскресението на мртвите ќе се изврши на крајот на овој видлив свет.

**367. Како ќе се заврши видливиот свет?**

Овој тленлив, распадлив свет ќе се заврши на тој начин што ќе се преобрази во нетлеен. *И самата твар ќе се ослободи од ропството на распаѓањето при славното ослободување на синовите Божји.* (Рим. 8, 21). *Очекуваме нови небеса и нова земја, каде суштествува праведноста* (2 Птр. 3, 13).

**368. Со посредство на што ќе се преобрази**

**светот?**

Светот ќе се пробрази со посредство на оган. *А сегашните небеса и земјата, со истото слово се запазени и се чуваат за оган до денот на судот и погибелта на безбожните луѓе* (2 Птр. 3, 7).

**369. Во каква состојба пребиваат душите на умрените до сеопштото Воскресение?**

Тие живеат во следнава состојба: душите на праведниците во светлина, покој и предназначение на вечното блаженство, а душите на грешните – во сосема спротивна состојба.

**370. Дали душите на починатите праведници пребиваат во полно блаженство?**

Душите на праведните не добиваат полно блаженство веднаш по смртта, затоа што е назначено целосната награда за своите дела секој човек да ја прими по воскресението на телото и по Последниот Божји суд. Апостол Павле вели: *понатаму ме очекува венецот на правдата, што ќе ми го даде во оној ден Господ, праведниот Судија; но не само мене, туку и на сите кои се радуваат на Неговото доаѓање* (2 Тим. 4, 8). И уште: *зашто сите ние треба да се јавиме пред Христовиот суд. Та секој да прими што заслужил, според она што го извршил во телото свое, било добро или зло* (2 Кор. 5, 10).

**371. Од каде знаеме дека душите на праведните живеат во состојба на почеток на целосното блаженство?**

Пред Последниот суд на праведните им се дава зачеток на блаженството, согласно на сведоштвото на Самиот Господ Исус Христос, Кој во парабола (приказна) вели дека праведниот

Лазар веднаш по смртта бил однесен во крилото Авраамово (Лк. 16, 22).

**372. Во што се состои тоа блаженство?**

Тоа блаженството е соединето со лицезрение на Самиот Исус Христос. Особено така се случува со светиите, како што ни посочува апостол Павле: *сакам да умрам и да бидам со Христос, бидејќи тоа е многу подобро* (Флп. 1, 23).

**373. Во што е надежта на душите на верните кои не успеале да принесат плодови на покајание?**

За душите кои умреле со вера, но кои не успеале да принесат плодови достојни за покајание, треба да забележиме дека за достигнување на блаженото воскресение можат да им помогнат молитвите кои ние ги вознесуваме за нив, а особено оние кои се соединети со принесување на Бескрвната жртва на Телото и Крвта Христови, а исто така, можат да им помогнат и добрите дела кои ние би ги извршувале во нивно сеќавање.

**374.** Тоа учење се темели на постојаното (непроменето, непрекинато) Предание на Православната Католична (Соборна) Црква, чиј почеток го гледаме уште во Старозаветната црква. Јуда Макавејски принел жртва за умрените воини (2 Мак. 12, 43). Молитвата за починатите е секогаш неизбежен дел од Божествената Литургија, почнувајќи од Литургијата на апостол Јаков. Свети Кирил Ерусалимски вели: „Преголема ќе биде ползата за душите, за кои молитва се вознесува во времето во кое се извршува светата и страшна Жртва“

(*Тајноводствено поучување*, 5, гл. 9). Свети Василиј Велики во молитвите на Педесетница вели, дека Господ соизволува да прима од нас молитвени умилостувања и жртви „за оние кои се во Адот“ со надеж за нивен „мир, прошка и слобода“.

## За дванаесетиот член од Симболот на верата

**375. Што е живот во идниот век?**

Животот во идниот век е животот што ќе се оствари по воскресението на мртвите и по сеопштиот Христов суд.

**376. Каков ќе биде животот во идниот век?**

Тој живот за верните, кои Го љубат Бога и прават добро, ќе биде толку блажен, што ние сега тоа блаженство воопшто не можеме да си го претставиме. *Сè уште не ни се открив што ќе бидеме* (1 Јн. 3, 2). *Знам еден човек во Христа ... кој беше земен и однесен во рајот и дека чул неискажливи зборови, коишто човек не може да ги искаже* (2 Кор. 12, 2 и 12, 4).

**377. Во што се состои блаженството на животот во идниот век?**

Таквото блаженство следи од созерцанието на Бога во Светлина и во слава и од соединувањето со Него. *Сега гледам нејасно како во огледало, а тогаш - лице в лице; сега знам нешто, а тогаш ќе знам како што сум познат* (1 Кор. 13, 12). *Тогаш праведниците ќе светат како сонце во Царството на нивниот Отец. Кој има уши да слуша, нека чуе* (Мт.

13. 43). *За да биде Бог сè во сè* (1 Кор. 15, 28).

**378. Дали телото ќе учествува во тоа блаженство?**

И телото, исто така, ќе учествува во блаженството на душата. Тоа ќе биде прославено со Божја светлина, подобно на телото на Исус Христос за време на Неговото Преображение на Тавор. *и како што го носиме обликот на земниот, така ќе го носиме и образот на Небесниот* (односно на нашиот Господ Исус Христос) (1 Кор. 15, 49).

**379. Дали тоа блаженство ќе биде подеднакво за сите?**

Не, сите нема да бидат подеднакво блажени. Ќе постојат различни степени на блаженство во зависност од тоа, како кој овде, на земјата, се подвизувал во верата, љубовта и добрите дела. *Еден е болскотот на сонцето; друг е болскотот на месечината, поинаков е, пак, на ѕвездите; па и ѕвезда од ѕвезда се разликува. Такво е и воскресението на мртвите* (1 Кор. 15, 41-42).

**380. Што ќе се случи со неверниците и беззакониците?**

Неверниците и безакониците ќе бидат предадени на вечна смрт, или, поинаку кажано, на вечен оган, вечно мачење, заедно со ѓаволите. *И оној којшто не беше запишан во книгата на животот, беше фрлен во огненото езеро* (Откровение 20, 15). *Тоа е втора смрт* (Откровение 20, 14). *Одете од Мене, проклети, во вечен оган, приготвен за ѓаволот и неговите ангели* (Мт. 25, 41). *И тие ќе отидат во вечна мака, а праведниците - во живот вечен* (Мт. 25, 46). *Подобро е за тебе со едно око да влезеш во Царството Божјо, отколку да имаш*

*две очи и да бидеш фрлен во геената огнена, каде што нивниот црв не гине, и огнот не изгаснува* (Мк. 9, 47-48).

**381. Дали Бог ја сака погибелта на грешниците?**

Така строго ќе се постапи со грешниците, не затоа што Бог сака тие да загинат, туку самите тие духовно загинуваат затоа што *не ја примиле љубовта на вистината за своето спасение* (за да се спасат) (2 Сол. 2, 10).

**382. Дали знаењата за крајот на светот му помагаат на човекот?**

Размислувањата за смртта, за Воскресението, за Последниот суд, за вечното блаженство, и за вечните маки, нам ни помагаат да се воздржиме од гревови и да се ослободиме од пристрасноста кон земните нешта; нѐ утешуваат при лишеноста од земни блага; нѐ поттикнуваат да ја зачуваме чистотата на душата и телото, да живееме за Бога и за вечноста, и на таков начин да го достигнеме вечното спасение.

ВТОР ДЕЛ

# ЗА НАДЕЖТА

## Поимот „христијанска надеж“, неговата основа и неговите средства

**383. Што значи поимот христијанска надеж?**

Христијанската надеж е успокојување на срцето во Бога со увереност дека Тој непрестајно се грижи за нашето спасение и ни го дарува ветеното блаженство.

**384. Врз што се заснова христијанската надеж?**

Христијанската надеж се темели на тоа дека Господ Исус Христос е нашата надеж (Тим. 1, 1). *Утврдете ја вашата надеж целосно во благодатта која ќе ви биде донесена при откровението на Исус Христос* (1 Птр. 1, 13).

**385. Како да стекнеме христијанска надеж?**

Средства за добивање на спасителната надеж се: молитвата, вистинското учење за блаженството и вистинското следење на тоа учење.

## За молитвата

**386. Дали во Светото писмо наоѓаме све-**

**доштво за тоа дека молитвата е средство за стекнување надеж?**

Од Божјото слово имаме сведоштво за тоа дека молитвата е средство за добивање на спасителна надеж. Самиот Господ Исус Христос со молитвата ја соединува надежта да се добие она што го посакуваме: *што и да посакате од Отецот во Мое име, ќе ви го направам, за да се прослави Отецот преку Синот* (Јн. 14, 13).

**387. Што е молитва?**

**Молитвата** е вознесување на умот и срцето кон Бога. Тоа вознесение се остварува преку благоговејни слова на човекот кон Бога.

**388. Што треба да правиме додека се молиме?**

Христијанинот, вознесувајќи ги умот и срцето кон Бога, треба да го прави следново. Најнапред, да Го **прославува** заради Неговото Божествено совршенство, како второ, да Му **благодари**, поради Неговите благодејанија, и, како трето, да ги **проси** од Него своите потреби. Затоа, постојат три главни начини на молитвословија: **славословие**, **благодарење**, **прозба** (**измолување**).

**389. Можеме ли да се молиме без да употребуваме зборови?**

Можеме да се молиме и без слова – со умот и срцето. Пример за тоа ни е пророкот Мојсеј, кој така се молеше пред преминот на Црвеното море (2 Мојс. 14, 13).

**390. Со какви називи можеме да ја именуваме молитвата?**

Молитвата која се принесува без зборови ја нарекуваат **духовна**, или **умна и срцева** - со еден збор **внатрешна** молитва, додека, спротивно на тоа, молитвата која се произнесува со зборови и се спроведува со други знаци на вера и љубов, се нарекува **усна - надворешна** молитва.

**391. Дали може да постои само надворешна молитва, без содејство на внатрешна?**

Може да се случи да се појави и надворешна молитва, без внатрешна. Имено тоа се случува кога некој произнесува молитвени слова без внимание и без срдечност.

**392. Дали молитвата која е всушност само надворешна може да биде доволна?**

Исклучиво со надворешна молитва не само што не може да се добие благодат, туку таа, без соучество на внатрешната молитва Го разјарува Бога. Бог покажува негодување кон таквата молитва: *Овој народ се приближува до мене со устата своја и со усните Ме почитува, а срцето негово стои далеку од Мене; но напразно Ме почитува, оти проповеда човечки повелби* (Мт. 15, 8-9).

**393. Дали е доволна само внатрешната молитва?**

Дали има смисла да се прашува: доволна ли му е на човек само душата без телото? За тоа е сосема бесполезно воопшто и да се говори, бидејќи Бог благоволил да го создаде човекот од душа и тело. Па така, бесполезно е да прашуваме и дали на човек му е доволна само внатрешна молитва, без содејство на надворешна. Имајќи душа и тело, треба да Го прославуваме Бога во нашите тела и

во нашите души, кои се Божји, така како што е природно, за од изобилието на срцето да говорат усните. Нашиот Господ Исус Христос бил духовен во најголем степен; но и Тој Својата духовна молитва ја манифестирал и со зборови, и со движења на телото: понекогаш, на пример, со подигнување на очите кон небесата, а понекогаш со приклонување на колената и лицето кон земјата (1 Кор. 6, 20; Мт. 12, 34: 26, 39; Јн. 17, 1; Лк. 22, 41).

## За Господовата молитва

**394. Дали има одредена молитва која претставува образец за сите молитви?**

Постои една таква молитва која може да биде општа христијанска молитва и образец за сите молитви. Тоа е Господовата молитва.

**395. Што е Господовата молитва?**

Господовата молитва е молитвата на која нашиот Господ Исус Христос ги научил апостолите и која тие им ја предале на сите верни.

**396. Како гласи Господовата молитва?**

Таа гласи вака: *Оче наш, Кој си на небесата. Да се свети името Твое, да пријде Царството Твое, да биде волјата Твоја, како на небесата така и на земјата. Лебот наш натсуштен дај ни го денес; и прости ни ги долговите наши како што и ние им ги проштеваме на нашите должници, и не нè воведувај во искушение, но избави нè од лукавиот. Зашто Твое е Царството и силата и славата, сега и секогаш и во вечни векови. Амин* (Мт. 6, 9, 13).

**397. Како може да се подели Господовата молитва со цел да можеме подобро да ја разгледаме?**

За подобро да ја разгледаме Господовата молитва, можеме да ја разделиме на: **призив**, **седум прозби** и **славословие**.

## За призивот

**398. Како тоа ние се осмелуваме Бог да го наречеме Отец?**

Бог се осмелуваме да го нарекуваме Отец поради верата во Исус Христос и заради благодатта на повторното раѓање. *А на сите што Го примија - на сите што веруваа во Неговото име - им даде можност да станат синови Божји, кои не од крв, ни од похот машка, а од Бога се родија* (Јн. 1, 12-13).

**399. Треба ли секогаш да велиме „Оче наш"?**

Да. Секогаш треба да велиме Оче наш, па макар и кога се молиме сами.

**400.** Тоа е затоа што, според христијанското братољубие, треба да го призиваме Бог и од Него да просиме благодат не само за себе, туку за сите.

**401. Зошто велиме „Кој си на небесата"?**

Во призивот треба да велиме *Кој си на небесата* со цел, на тој начин, почнувајќи ја молитвата да оставиме сè земно и распадлливо и да ги вознесеме умот и срцето кон Небесното,

Вечното, Божественото.

## За првата прозба

**402. Ја исповедаме ли светоста на Божјото име?**

Божјото име е свето, и без сомнеж, свето само по себе. *Свето е Неговото име* (Лк. 1, 49).

**403. Како може името Божјо „да се свети“?**

Тоа може да свети во луѓето, односно Неговата вечна светост може да се појави во нив.

**404. На кој начин се остварува тоа светење на Божјото име?**

Тоа се случува на следниов начин. Како прво, кога, имајќи го во мислите и во срцето Божјото име, живееме така како што бара Неговата светост и со таков живот Го прославуваме Бога; како второ, кога гледајќи го нашиот добар живот и другите почнуваат да Го прославуваат Бога. *Така треба да свети пред луѓето и вашата светлина, за да ги видат вашите добри дела и да го прослават вашиот Отец небесен* (Мт. 5, 16).

## За втората прозба

**405. За какво Царство се говори во Господовата молитва?**

Во втората прозба на Господовата молитва се

говори за Божјото Царство, односно за благодатното Царство, кое, според апостолот Павле е *правда и мир и радост во Светиот Дух* (Рим. 14, 17).

**406. Дали тоа Царство веќе дошло?**

Тоа Царство за некои сè уште не дошло во цела сила, а за некои, пак, воопшто не дошло, оти *гревот сè уште царува во вашето смртно тело, и им се покорувате на телесите наслади* (Рим. 6, 12).

**407. Како доаѓа тоа Царство?**

Тоа доаѓа скриено и на внатрешен начин. Царството Божјо нема да дојде забележливо... *Зашто Царството Божјо е внатре во вас* (Лк. 17, 20-21).

**408. Може ли да се измолува, односно да се бара Царството на славата?**

Христијанинот под името Божјо Царство може да го измолува Царството на славата, односно совршеното блаженство на верните. *Сакам да умрам и да бидам со Христа, бидејќи тоа е многу подобро* (Флп. 1, 23).

## За третата прозба

**409. Што значи прозбата „да биде волјата Твоја“?**

Прозбата *да биде волјата Твоја* значи дека преку таа прозба треба од Бога да просиме сето она што го правиме и што се случува со нас, да не се случува на начинот на кој тоа го посакуваме ние, туку така како што Му е *угодно* на Бога.

**410. Зошто не треба да молиме да се**

**остварува, да биде нашата волја?**

Затоа што ние често грешиме во нашите желби, а Бог непогрешливо и повеќе од нас самите ни ја посакува секоја благодат и е спремен секогаш да ни ја дарува, доколку тоа не биде попречено преку нашето своеволие и тврдоглавост. *На Оној, Кој, според силата што во нас дејствува, може да се изврши изобилно сѐ, што бараме или помислиме, Нему нека Му е слава во Црквата* (Ефес. 3, 20-21)

**411. Зошто просиме исполнување на Божјата волја на земјата?**

Просиме исполнување на Божјата волја на земјата токму така како што таа се исполнува и на небесата, затоа што на небесата светите ангели и блажените луѓе – сите без исклучок, секогаш и во сѐ ја исполнуваат Божјата волја.

## За четвртата прозба

**412. Што се подразбира кога велиме: „Лебот наш натсуштен“?**

*Лебот насушен*, тоа е Лебот кој е неопходен за **да се постои**, да се живее.

**413. Што треба да помниме кога од Бога просиме за нашиот натсуштен леб?**

Неопходно е на Бога да Му принесуваме прозба за *натсушниот Леб* со вакви мисли. Согласно на учењето на нашиот Господ Исус Христос, неопходно е да не бараме ништо повеќе од натсушниот Леб, односно неопходната храна

и одејанието и живеалиштето кое ни е неопходно за живот; сè што е над тоа и што не ни е нужно, а служи за задоволство, да го предадеме на Божјата волја и, ако ни се даде, да Му благодариме на Бога; ако пак, не ни се даде – да не се грижиме за тоа (и да продолжиме да Му благодариме на Бога).

**414. Зошто го бараме единствено Лебот кој ни е натсуштен за денешниот ден?**

Треба да го бараме само денешниот натсуштен леб, односно денот кој ни е потребен само за денес, за да не се грижиме премногу за иднината, туку истата да ја довериме на Бога. *Немојте да се грижите за утре, зашто утрешниот ден ќе се грижи за своето; на секој ден му е доволно неговото зло* (Мт. 6, 34). *Вашиот Отец небесен знае дека за сето тоа имате потреба* (Мт. 6, 32).

**415. А што уште просиме кога молиме за нашиот натсуштен леб?**

Со молитвата за добивање на нашиот **натсуштен леб** ние можеме да просиме и за потребите на душата. Со оглед на тоа дека човекот се состои од телесен и душевен дел, а душата е далеку поважна од телото, можеме и треба да го просиме и натсуштниот Леб за душата, оти без душевниот Леб внатрешниот човек умира од глад (свети Кирил Ерусалимски, *Тајноведствено поучение*, 4, 15; *Православно исповедање* д. 2, прашање 19).

**416. Што е натсуштен Леб за душата?**

Натсуштен Леб за душата се Божјото слово и Телото и Крвта Христови. *Не само од леб ќе живее човекот, а и од секој збор што излегува од устата на Бога* (Мт. 4, 4). *Зашто Моето Тело е вистинска храна, и*

*Мојата Крв - вистинско питие* (Јн. 6, 55).

## За петата прозба

**417. Што подразбираме под наши долгови?**

Под зборовите **нашите долгови** во Господовата молитва се мисли на нашите гревови, затоа што сè добивме од Бога и сè треба да Му предадеме на Бога, односно сè треба да потчиниме на Неговата волја и на Неговиот закон; доколку не го исполниме тоа, ќе останеме должници пред Неговото правосудие.

**418. Кои се нашите должници?**

**Нашите должници** се луѓето кои нè ни го дале она што требало да ни го дадат според Божјиот Закон. Такви се, на пример, луѓето кои не ни пројавиле љубов, туку непријателство.

**419. Како можеме да се надеваме за простување на нашите долгови?**

При Божјото правосудие можеме да се надеваме на прошка за нашите долгови преку застапништво и посредништво од Господ Исус Христос. *Зашто еден е Бог, и еден е Посредникот помеѓу Бог и луѓето - Човекот Христос Исус, Кој се даде себеси како откуп за сите* (1 Тим. 2, 5-6).

**420. Зошто можеме да се лишиме од барање на долговите кои другите ги имаат кон нас?**

Ако бараме прошка за нашите гревови, а

самите не им ги простуваме гревовите на оние кои ни згрешиле, тогаш ниту ние нема да добиеме простување. *Бидејќи, ако им ги простите на луѓето гревовите нивни и вам ќе ви ги прости вашиот Отец небесен, ако, пак, не им ги простите гревовите на луѓето и вашиот Отец нема да ви ги прости вашите* (Мт. 6, 14-15).

**421. Зошто Бог нема да ни прости ако не им простиме и ние на нашите должници?**

Бог нема да ни прости ако и ние не им простиме на другите, затоа што на тој начин се покажуваме зли и со тоа ги оттргнуваме од себе Божјото милосрдие и благост.

**422. Што треба да помниме во моментите на изговарањето на прозбата за простување на нашите долгови?**

Зборовите на Господовата молитва: *како што и ние им простуваме на нашите должници* несомнено бараат од оној што се моли да нема никакво непријателство и гнев, туку со сите да биде во мир и љубов. *Ако принесуваш дар на жртвеникот и таму се сетиш дека брат ти има нешто против тебе, тогаш остави го дарот таму, пред жртвеникот, па отиди и најнапред помири се со брата си, а потоа дојди и принесе го дарот* (Мт. 5, 23-24).

**423. Што треба да правиме ако оној од кого бараме земна прошка не сака примирување?**

Ако оној што има нешто против нас не можеме да го пронајдеме бргу или ако тој се покаже како нерасположен за примирје, тогаш, во таков случај доволно е да се помириме со него во своето срце, пред очите на севидливиот Бог. *Ако е можно,*

*доколку тоа зависи од вас, бидете во мир со сите луѓе* (Рим. 12, 18).

## За шестата прозба

**424. Што подразбираме под „искушение"?**

Во Господовата молитва под поимот **искушение** треба да се разбере состојба при која постои блиска опасност да се загуби верата, или да се падне во тежок грев.

**425. Од каде доаѓаат искушенијата?**

Искушенијата ни доаѓаат од **нашата плот**, од **светот**, од други луѓе, и од **ѓаволот**.

**426. Што просиме кога ги изговараме зборовите „не нѐ воведувај во искушение"?**

Со зборовите на молитвата *не нѐ воведувај во искушение* просиме, најнапред, Бог да не допушти да дојдеме во искушение; како второ, ако е неопходно да бидеме искушени и очистени со посредство на искушенијата, да не нѐ предаде целосно на тие искушенија и да не допушти да паднеме во грев.

## За седмата прозба

**427. Што просиме кога велиме „избави нѐ од лукавиот"?**

Со зборовите на молитвата *избави нѐ од лукавиот* просиме избавување од секакво зло кое може да нѐ стигне во светот, кој од времето на

извршувањето на првиот грев *во зло лежи* (1 Јн. 5, 19), а особено просиме избавување од злото и од лукавите внушенија и клевети кои ни доаѓаат од духот на злобата – ѓаволот.

## За славословието

**428. Зошто кон Господовата молитва е присоединето и славословие?**

Славословието е присоединето најнапред за ние, просејќи милостина од Небесниот Отец за себе, истовремено Нему да Му даваме справедливо почитување; како второ, за со одржување на мислата за Неговото вечно Царство, неизмерна сила и слава, сѐ повеќе и повеќе да се утврдуваме во надежта дека Тој ќе ни го даде она што го измолуваме, затоа што тоа е во Негова власт и се однесува на Неговата слава.

**429. Што значи зборот „амин“?**

Зборот **амин** значи **вистина** или **така нека биде**.

**430.** Тој збор е присоединет кон славословието затоа што со тоа се покажува дека молитвата се принесува со вера и без никакво сомневање, како што учи апостол Јаков (Јак. 1, 6).

## Учење за блаженствата

**431. Што, освен молитва, ни е потребно за**

**утврдување во надежта за спасението?**

За да се увериме и увериме во надежта за спасението и за блаженството, кон молитвата треба да се присоедини сопствен подвиг за достигнување на блаженството. За тоа ни говори Самиот Господ: *зошто Ми велите: 'Господи, Господи!' а не го извршувате она што ви го кажувам?* (Лк. 6, 46). *Не секој што Ми вели: 'Господи, Господи', ќе влезе во Царството небесно, а оној што ја исполнува волјата на Мојот Отец небесен* (Мт. 7, 21).

**432. Што ни е раководство во личниот подвиг?**

Раководство во тој подвиг може да ни биде учењето на нашиот Господ Исус Христос, кое го наоѓаме изложено во скратен облик во неговото учење за блаженствата.

**433. Кои се заповедите на блаженствата?**

Тоа се девет Господови изреки:

*1. Блажени се бедните по дух, зашто е нивно е Царството небесно!*

*2. Блажени се оние кои плачат, оти ќе се утешат!*

*3. Блажени се кроткиите, зашто тие ќе ја наследат земјата!*

*4. Блажени се гладните и жедните за правда, оти ќе се наситат!*

*5. Блажени се милостивите, зашто тие ќе бидат помилувани!*

*6. Блажени се чистите по срце, оти тие ќе Го видат Бога!*

*7. Блажени се миротворците, зашто тие ќе се наречат синови Божји!*

*8. Блажени се гонетите заради правда, бидејќи нивно е Царството небесно!*

*9. Блажени се оние, кога ќе ве срамат и прогонат и кога ќе говорат против вас секакви лоши зборови лажно - заради Мене! (Мт. 5, 3-12).*

**434. Што треба да помниме за да ги разбираме блаженствата?**

За правилно разбирање на сите тие изреки, треба да се забележи дека Господ во нив предложил учење за достигнување на блаженството, бидејќи, како што говори Евангелието: *отворајќи ја Својата уста, поучуваше*. Но, како кроток и смирен во срцето, Тој го предложил Своето учење, не наредувајќи, туку угодувајќи им на оние кои слободно ќе го примат и ќе го исполнат. Затоа, во секое од блаженствата треба да увидиме, најнапред учење, или заповед, а како второ угодување, односно ветување на награда.

## За првата заповед на блаженствата

**435. Која е првата Господова заповед за достигнување на блаженството?**

Првата Господова заповед за достигнување на блаженството гласи дека оние кои го посакуваат блаженството треба да бидат *бедни по дух*.

**436. Што всушност значи тоа да бидеме бедни по дух?**

Да се биде беден по дух значи да се има духовно убедување дека ние немаме ништо свое,

туку го имаме само она што ни го дава Бог, и дека не можеме да направиме ништо добро без Божјата помош и благодат; и, така, должни сме да сметаме дека ние сме ништо и во сè да прибегнуваме кон Божјото милосрдие. Накратко, според објаснувањето на свети Јован Златоуст, бедноста по дух е смиреномудрие (*Толкување на Евангелието според Матеј*, 15-та беседа).

**437. Дали можат богатите да бидат бедни по дух?**

Да, и богатите можат да бидат бедни по дух доколку дојдат на мисла дека видливото богатство е распадливо и брзоминувачко и дека тоа не го заменува недостатокот на духовни благодети. *Оти каква полза е за човека, ако го придобие целиот свет, а на душата своја и напакости? Или каков откуп ќе даде човек за својата душа?* (Мт. 16, 26).

**438. Дали телесната ништота (сиромаштија) може да послужи за достигнување на духовната ништота?**

Телесната беда и ништота може да послужи за совршенство на духовната беда, доколку христијанинот доброволно ја избира, за да дојде до Бога. За тоа Самиот Господ Исус Христос му рекол на богатиот: *Ако сакаш да бидеш совршен, оди, продај го имотот свој и раздели го на сиромаси, и ќе имаш сокровиште на небото; па дојди и врви по Мене!* (Мт. 19, 21).

**439. Што им ветува Господ на бедните по дух?**

На бедните по дух Господ им го ветува небесното Царство.

**440. Како на бедните по дух им припаѓа Царството небесно?**

Небесното Царство им доаѓа во сегашниот живот внатрешно и во зачеток, со посредство на верата и надежта, а во идниот живот ќе им припаѓа целосно односно совршено преку учество во вечното блаженство.

## За втората заповед на блаженствата

**441. Која е втората Господова заповед за достигнување на блаженството?**

Втората Господова заповед во блаженствата гласи дека оние кои го сакаат достигнувањето на блаженството треба да *плачат*.

**442. Што подразбираме под „плач“?**

Во таа заповед под називот плач треба да разбереме печал (тага за гревовите), сокрушение на срцето и вистински солзи за тоа дека несовршено и недостојно Му служиме на Господ, или дури и го заслужуваме Неговиот гнев заради нашите гревови. *Бидејќи скрбта по Бога предизвикува неопходно покајание за спасение, а световната мака доведува до смрт.* (2 Кор, 7, 10).

**443. Што им ветува Господ на оние што плачат?**

Господ особено им ветува на оние што плачат дека ќе се *утешат*.

**444. Во која смисла тука се разбира зборот утешение?**

Под утешение се подразбира благодатно утешение, кое се состои од простување на гревовите и во мир (смирување) на совеста.

**445. Зошто со заповедта за плач се соединува ветување за утеха?**

Тоа ветување е соединето со заповедта за плачот, со цел тагата, маката и гревовите да не нѐ доведат до очајание.

## За третата заповед на блаженствата

**446. Која е третата заповед од блаженствата?**

Третата Господова заповед од блаженствата гласи дека оние кои сакаат блаженство треба да бидат *кротки*.

**447.** Кроткоста е тивко расположение на духот, расположение кое е соединето со претпазливост, за никогаш да не раздразнува никого и да не се раздразнува од ништо.

**448.** Особени дејства на христијанската кротост се: да не роптаме, не само на Бога, туку и на луѓето, и кога се случува што било против нашите желби да не му се предаваме на гневот, да не се превознесуваме.

**449.** Господ им ветува на кротките дека ќе ја *наследат земјата*.

**450.** Тоа ветување бездруго треба да се разбере во смисла на тоа дека во однос на Христовите следбеници (христијаните), тоа претскажување се

исполнило буквално, затоа што кротките христијани, наместо да бидат истребени од бесот на јазичниците, ја наследиле земјата која претходно ја населувале многубошците.

Освен тоа, значењето на тоа ветување во однос на христијаните воопшто, и кон секој христијанин одделно, е во тоа дека тие ќе примат наследство, според зборовите на псалмопејачот *во земјата на живите* (Пс. 26, 13), таму каде живеат и не умираат, односно ќе добијат вечно блаженство.

## За четвртата заповед на блаженствата

**451. Која е четвртата Господова заповед за достигнување на блаженствата?**

Четвртата Господова заповед за блаженствата гласи дека оние кои сакаат блаженство треба да бидат гладни и жедни за правда.

**452. Што подразбираме под зборот „правда“?**

Иако под поимот правда треба да се подразбира секоја добродетел, затоа што христијанинот треба да ја посакува како храна и питие секоја добродетел, сепак, пред сѐ, тука треба да се подразбира онаа правда, за која во пророштвото на пророк Даниил е речено: *за да биде доведена вечната правда* (Дан. 9, 24), односно за да се изврши оправданието на човекот кој е виновен пред Бога – оправдание кое се добива со посредство на благодат и вера во Господ Исус Христос.

За таа правда апостол Павле вели: *Божјата правда преку вераta во Исуса Христос е во сите и врз сите оние што веруваат, зашто нема разлика: сите згрешија и се лишени од Божјата благодат, а преку откупот во Исус Христос. Но ќе се оправдаат преку дар, со Божјата благодат, а преку откупот на Христос Исус, Кого Бог Го определи со Крвта Своја да биде милостивна жртва преку верата, за да ја покаже Својата правда во простувањето на поранешните гревови, во времето на Божјото долготрпение* (Рим. 3, 22-25).

**453. Кои се гладните и жедните за правда?**

Гладните и жедните за правда се оние кои љубат да прават добро, а притоа не се сметаат себеси за праведни, не се ослонуваат на своите добри дела, туку се признаваат за грешни и виновни пред Бога. Оние кои со желбата и молитвата на верата како духовна храна и питие гладнуваат и жеднеат по благодатно оправдување преку Исус Христос.

**454. Што им ветува Господ на гладните и жедните за правда?**

Господ ним им ветува дека ќе се наситат.

**455. Што подразбираме под наситување?**

Да се наситат, во овој случај значи следново: Подобно на телесното наситување кое донесува, најнапред, прекратување на чувството за глад и жед, и поткрепување на телото со храна и вода, духовното наситување означува, најнапред, внатрешно успокојување на помилуваниот грешник, како второ, пронаоѓање на сили за правење на добро, сила која се добива преку благодатта

која оправдува. Впрочем, целосното наситување на душата која е создадена за наситување во бесконечната благодат се остварува во вечниот живот, според реченото на псалмопејачот: *Ќе се наситам кога ќе ми се покаже славата Твоја* (Пс. 16, 15).

## За петтата заповед на блаженствата

**456. Како гласи петтата заповед за достигнувањето на блаженството?**

Петата Господова заповед од блаженствата гласи дека оние кои сакаат да стекнат вечно блаженство треба да бидат милостиви.

**457. Како треба да ја исполнуваме таа заповед?**

Таа заповед може да се исполни преку дела на милостини – телесни и духовни, зашто, како што вели свети Јован Златоуст, различен е начинот на кој се дава милување и широка е оваа заповед (*Толкување на Евангелието од Матеј*, 15-та беседа).

**458. Кои се телесни дела на милостина?**

Телесните дела на давање милост се овие: 1. Да се нахрани гладниот; 2. Да се напои жедниот; 3. Да се облече голиот или оној кој има недостаток во неопходни облекла; 4. Да се посети оној што се наоѓа во темница (во затвор); 5. Да се посети болниот, да му се послужи, осносно да се помогне во правец на негово оздравување или на христијанско приготвување за смртта; 6. Да се прими во домот туѓинец и да му се подготви оддишка;

7. Да се помогнат оние кои починале во беда и сиромаштија.

**459. Кои се духовни дела на милост?**

Духовни дела на милост се следниве: 1. Преку проповед да се обрати грешникот од неговиот заблуден пат (од неговиот лажен пат) (види Јак. 5, 20); 2. Неукиот да се научи на вистина и добрина; 3. Да му се даде на ближниот добар и благовремен совет кога се наоѓа во тешкотии, или кога не може да ги препознае опасностите кои надоаѓаат кон него; 4. Да се молиме за него на Бога; 5. Да го утешиме оној што е во тага и печал; 6. Да не враќаме за злото кое ни го вратиле другите; 7. Од сè срце да ги простуваме навредите.

**460. Зарем казнувањето на грешните не ѝ противречи на заповедта за милост?**

Заповедите за милоста не противречат доколку го казнуваат виновниот според правосудието, ако тоа го прават по должност и со добра намера, односно за да го поправат или да ги зачуваат луѓето од неговиот престап.

**461. Што им ветува Господ на милостивите?**

Господ им ветува на милостивите дека ќе бидат помилувани.

**462. Какво помилување се подразбира во овој случај?**

Тука се подразбира помилување од вечна осуда за гревовите на Божјиот суд.

## За шестата заповед на блаженствата

**463. Како гласи шестата заповед од блаженствата?**

Шестата Господова заповед од блаженствата гласи дека оние кои сакаат блаженство треба да бидат чисти по срцето.

**464. Што е чистота на срцето?**

Чистотата на срцето не е сосема идентична со чистосрдноста. Чистосрдноста, или искреноста, согласно на која човекот не покажува лицемерно добри расположенија, тогаш кога нив ги нема во срцето, туку добрите расположенија на срцето се пројавуваат во добри постапки, е само понизок степен на чистота на срцето. Неа, пак, човекот ја достигнува преку постојан и силен подвиг на духовна будност над самиот себе, преку изгонување од срцето на секоја незаконска желба и помисла, преку отфрлање на секоја пристрасност кон земните предмети и преку непрестајно зачувување во срцето на сеќавањето за Бог и Господ Исус Христос со вера и љубов.

**465. Што им ветува Господ на чистите по срце?**

Господ им ветува на чистите по срце дека ќе го видат Бога.

**466. Како треба да го разбереме ветувањето дека чистите по срце ќе Го видат Бога?**

Тоа ветување треба да се разбере во смисла на тоа дека Божјото слово го уподобува човековото срце на окото. *Така, Тој и на совршените христијани*

*им припишува просветлување на очите на срцата ваши* (Ефес. 1, 18). Како што чистото око е способно да види светлина, така и чистото срце е способно да Го созерцува Бога. Со оглед на тоа што Божјото лицезрение е извор на вечно блаженство, ветувањето да се види Бог е ветување за висок степен на вечно блаженство.

## За седмата заповед од блаженствата

**467. Каква е седмата заповед од блаженствата?**

Седмата Господова заповед од блаженствата гласи: оние кои го сакаат блаженството треба да се миротворци.

**468. Што значи да бидеме миротворци?**

Таа заповед треба да се исповеда на следниов начин: со сите треба да постапуваме дружељубиво и да не даваме повод за несогласност; веќе случените несогласувања да ги прекратуваме со сите можни средства, дури и преку нарушување на нашето сопствено право, сè додека тоа не им противречи на нашите должности и доколку не е навредливо за никого; доколку имаме можност и да се обидуваме да ги помируваме оние кои не зборуваат помеѓу себе, а доколку не можеме да го сториме тоа, тогаш да Го молиме Бога за нивно помирување.

**469. Што им ветува Господ на миротворците?**

Господ им ветува на миротворците дека ќе се наречат Божји синови.

**470. Што значи тоа дека миротворците ќе се наречат синови Божји?**

Тоа ветување ја означува височината на подвигот на миротворците и на наградата која е приготвена за нив. Со оглед на тоа што тие со својот подвиг го подражаваат Единородниот Божји Син, Кој дојде на земјата за да го помири човекот што згреши, ним им се ветува најблагодатното име, односно им се ветува дека ќе станат Божји синови и, дополнително на добивањето на самото име, им се ветува и достоен степен на блаженство.

## За осмата заповед на блаженствата

**471. Која е осмата Господова заповед за достигнување на блаженството?**

Осмата Господова заповед од блаженствата гласи дека оние кои сакаат блаженство треба да се спремни да претрпат гонење за правдата, за да не ја изневерат.

**472. Какви квалитети ни се неопходни за да можеме стоички (храбро и непоколебливо) да ги истрпиме гонењата?**

Правдољубие, постојаност и утврденост во добродетелите, храброст и трпение, доколку некој се подвргнува на беда или опасност затоа што не сака да ја изневери и промени вистината и добродетелите.

**473. Што им ветува Господ на оние кои се прогонувани за правда?**

Ним, Тој им го ветува небесното Царство како замена за земното царство од кое тие се лишуваат преку гонењето, налик на тоа како што Царството им е ветено и на бедните по дух за исполнување на чувството за земен недостаток и оскудност.

## За деветтата заповед од блаженствата

**474. Која е деветтата Господова заповед за достигнување на блаженството?**

Деветтата Господова заповед од блаженствата гласи дека оние кои сакаат да бидат блажени треба да бидат спремни со радост да прифатат навредување, прогонување, беда, па дури и да ја прифатат и самата смрт заради Христовото име и заради вистинската православна вера.

**475. Како се нарекува подвигот кој е потребен за таа заповед?**

Подвигот, согласно на таа заповед се нарекува маченички подвиг.

**476. Каква награда ветува Господ за маченичкиот подвиг?**

Господ за тој подвиг ветува голема награда на небесата, односно прединствен и висок степен на блаженство.

ТРЕТ ДЕЛ

# ЗА ЉУБОВТА

## За сојузот на верата и љубовта

**477. Што е дејство и плод на вистинската вера?**

Дејство и плод на вистинската вера кај христијанинот треба да бидат љубовта и на неа сообразните добри дела: *ниту обрезанието има вредност, ниту необрезанието, туку верата која дејствува преку љубовта* (Гал. 5, 6).

**478. Дали е доволна само вера без љубов и добри дела?**

За христијанинот само верата без љубов и без добри дела е недоволна. Зашто верата без љубов и добри дела е невистинита и мртва, и затоа не може да нè приведе кон вечен живот. *Оној кој не љуби, тој останува во смрт* (1. Јн. 3, 14). *Каква е ползата, браќа мои, ако некој рече дека има вера, а нема дела? Може ли таквата вера да го спаси?... Зашто, како што телото без дух е мртво, така и верата без дела е мртва* (Јак. 2, 14; 2, 26).

**479. Дали се доволни љубовта и добрите дела без вера?**

Невозможно е да се спасиме преку љубов и добри дела без вера, бидејќи не може да се случи човек кој нема вера во Бога вистински да Го љуби. Притоа, човекот кој е оштетен од гревот не може да прави вистински добри дела, доколку преку

верата во Исус Христос не прими духовна сила или доколку не ја прими Божјата благодат. Без вера не е можно да Му се угоди на Бога; бидејќи оние, кои вистински веруваат, веруваат дека Тој постои и дека ги наградува оние, што Го бараат (Евр. 11, 6). Оние што не ги прават делата на Законот, проколнати се, бидејќи е пишано: *Проклет да е секој, кој не е постојан во сè што е напишано во книгата на Законот и не го исполнува тоа* (Гал. 3, 10). *Ние, преку Духот, по вера, ја очекуваме надежта на праведноста* (Гал. 5, 5). *Зашто по благодат сте спасени преку верата; и тоа не од вас - Божји дар е; не е од дела, да не би некој да се пофали* (Ефес. 2, 8-9)

**480. Може ли да постои вистинска љубов без добри дела?**

Љубовта која не е пропратена со добри дела не е вистинита. Затоа што вистинската љубов природно се пројавува себеси преку добри дела. Господ Исус Христос вели: *Кој ги има заповедите Мои и ги пази, тој е оној што Ме љуби... Ако некој Ме љуби, ќе го пази словото Мое* (Јн. 14, 21; 14, 23). Апостол Јован пишува: *Ова е Божјата љубов: да ги извршуваме Неговите заповеди* (1. Јн. 5, 3). *Да не љубиме со збор или со јазик, туку со дело и вистина* (1 Јн. 3, 18).

## За Божјиот закон и Божјите заповеди

**481. Како добрите дела се разликуваат од злите?**

Средства за распознавање на добрите и злите дела ни се: Божјиот внатрешен закон, односно

сведоштвото на совеста, и Божјиот надворешен закон, односно Божјите заповеди.

**482. Што се говори во Светото писмо за внатрешниот Божји закон?**

Во Светото писмо за внатрешниот закон се вели: *делото на законот е напишано во нивните срца, за што сведочат: нивната совест и нивните мисли, што меѓусебно се обвинуваат или се бранат* (Рим. 2, 15).

**483. Зошто ни е даден надворешен закон, кога во луѓето постои внатрешен закон?**

Иако во луѓето постои внатрешен закон, сепак ни е даден и надворешен. Тој ни е даден затоа што луѓето не го слушале внатрешниот закон и водејќи плотски и гревовен живот го заглушиле во себе духовниот закон, па затоа било неопходно да им се напомене надворешно, преку посредство на заповеди. Тогаш, зошто е Законот?... *Тој е додаден заради престапите* (Гал. 3, 19).

**484. На кој начин им е даден на луѓето надворешниот закон?**

Надворешно на луѓето им е даден Божји закон на следниов начин. Кога еврејскиот народ кој потекнува од Авраам на чудесен начин бил ослободен од египетското ропство, тогаш, на патот кон ветената им земја, во пустината, на гората Синај, Бог го објавил Своето присуство во вид на оган и облак, и дал закон преку израилскиот водач, пророкот Мојсеј.

**485. Кои се главните и сеопшти заповеди на тој закон?**

Главните и сеопшти заповеди на тој закон се следните десет заповеди кои биле напишани на две таблици, односно камени плочи:

**1.** *Јас сум Господ, твојот Бог, да немаш други богови освен Мене;*

**2.** *Не прави идол, ниту каква слика, од она што е горе на небото, и што е долу на земјата и што е во водата и под земјата; да не им се поклонуваш, ниту да им служиш;*

**3.** *Не изговарај го напразно името на Господ, твојот Бог;*

**4.** *Памти го денот за одмор, за да го прославуваш; шест дена работи и сврши ги во нив сите работи, а седмиот ден е одмор на Господ, твојот Бог;*

**5.** *Почитувај ги татка си и мајка си, за да ти биде добро и долго да поживееш на земјата;*

**6.** *Не убивај;*

**7.** *Не врши прељуба;*

**8.** *Не кради;*

**9.** *Не сведочи лажно против својот ближен;*

***10.*** *Не посакувај ништо што е туѓо.*

**486. Дали треба и ние да постапуваме според тие закони, со оглед на тоа што му се дадени на друг народ?**

Тие заповеди му се дадени на израилскиот народ, но и ние треба да постапуваме според нив, затоа што во суштина тие се законот кој според словата на апостол Павле е напишан во срцата на сите луѓе, за сите да постапуваат според него.

**487. Дали Христос нè учеше да постапуваме според тие закони?**

Да, Господ Исус Христос учеше да се постапува според десетте заповеди. Тој заповеда за добивање на вечниот живот да се сочуваат заповедите и учеше тие да се разбираат и исполнуваат подобро отколку што ги разбираа пред Него (Мт. 19, 17; 5, 1-48).

## За поделбата на заповедите на две камени плочи

**488. Зошто десетте заповеди биле дадени разделени на две плочи?**

Десетте заповеди биле разделени на две камени плочи затоа што во нив се состојат два вида на љубов, односно љубов кон Бога и љубов кон ближниот, и затоа се пропишуваат два вида на должности.

**489. Која е најголема од десетте Божји заповеди?**

За тоа говорел Господ Исус Христос. Имено, на прашањето: *Учителе која заповед е најголема во Законот?*, Тој одговорил: *Возљуби Го Господа, својот Бог, со сето свое срце, и со сета своја душа, и со сиот свој разум; тоа е прва и најголема заповед; а втората е слична на неа: Возљуби го својот ближен како себеси! На тие две заповеди се крепат целиот Закон и Пророците* (Мт. 22, 36-40).

**490. Кои се нашите ближни?**

Сите луѓе се наши ближни. Затоа што сите луѓе се созданија на Единиот Бог и сите потекнуваат

од еден човек. Но, оние кои се поврзани со нас по вера ни се сугубо (двојно, особено) блиски како чеда на Единиот небесен Отец преку вера во Господ Исус Христос.

**491. Зошто не постои заповед за љубов кон самите себе?**

Не постои заповед за љубов кон самите себеси, затоа што и без заповед, според самата природа на човекот никој никогаш не го замразил своето тело, туку го храни и го стоплува (Ефес. 5, 29).

**492. Каков треба да биде поредокот во љубовта кон Бог, ближните и кон себе?**

Себеси треба да се љубиме заради Бог, а делумно и заради нашата должност кон ближните, ближните, пак, треба да ги љубиме заради Бог, а да Го љубиме Бог треба заради Него Самиот, и тоа треба да го правиме повеќе од сѐ. Љубовта кон себе треба да ја принесуваме во жртва на љубовта кон Бога. Нема поголема љубов од оваа: *да ја положи душата своја за своите пријатели* (Јн. 15, 13). А љубовта кон себе и кон ближните нужно треба да се принесува во жртва на љубовта кон ближните. *Кој милува татко или мајка повеќе од Мене, не е достоен за Мене* – вели Исус Христос – *или кој милува син или ќерка повеќе од Мене, не е достоен за Мене* (Мт. 10, 37).

**493. Кога целиот закон може да се собере во две заповеди, тогаш зошто е поделен на десет заповеди?**

Макар што сиот закон се состои во две заповеди, тие, сепак, се разделени на десет, за појасно да се претставаат нашите должности кон Бога

и кон ближните.

**494. Во кои од заповедите се изнесени нашите должности кон Бога?**

Должностите во однос кон Бога се дадени во првите четири заповеди.

**495. Во што се состојат нашите должности кон Бога?**

Тоа се следните должности. Во првата заповед е пропишано да го познаваме и почитуваме вистинскиот Бог. Во втората да го избегнуваме лажното богопочитување. Во третата да не го нарушуваме богопочитувањето ниту преку зборови. Во четвртата да го зачувуваме поредокот во времето и во богопочитувањето.

**496. Во кои заповеди се опишани нашите должности кон ближните?**

Должностите кон ближните се пропишани во последните шест заповеди.

**497. Во што се состојат нашите должности кон ближните?**

Тие се следниве. Во петтата заповед се пропишува да ги љубиме и почитуваме ближните, а особено нашите блиски, започнувајќи од родителите. Во шестата да не го повредуваме животот на ближните. Во седмата да не ја повредуваме чистотата на нивниот морал. Во осмата да не ја повредуваме нивната сопственост. Во деветтата да не ги обесчестуваме ниту со збор. Во десеттата воопшто да не посакуваме да им наштетуваме во што било.

**498. Во што се состојат нашите должности кон самите себе?**

Што се однесува до должностите кон самите себе, тие се состојат во заповедта за должностите кон ближните, затоа што ближниот треба да го љубиме како што се љубиме себеси.

## За првата заповед

**499. Што значат зборовите „Јас сум Господ, твојот Бог“?**

Со зборовите „Јас сум Господ твојот Бог“, Бог како да му укажува на човекот за Самиот Себе и, следствено, заповеда да Го познаваме вистинскиот Господ Бог.

**500. Како треба да Го познаваме Бога?**

Од заповедта да Го познаваме Бога можеме да ги изведеме следниве особени должности:

1. Неопходно е да се учиме на богопознанието како на најважно од сите знаења; 2. Нужно е да приоѓаме во црква за да го слушаме учењето за Бога и за Неговите дела и да ги слушаме и благочестивите разговори за Бога во нашите домови; 3. Неопходно е да читаме или да слушаме книги кои нѐ поучуваат на богопознание, и тоа: најнапред Светото писмо, а потоа и делата на светите отци.

**501. Што значат зборовите „да немаш други богови освен Мене“?**

Со зборовите *Да немаш други богови освен Мене*

се пропишува да општиме и да се стремиме кон соединување со единствениот вистински Бог, и да Го почитуваме со вера и љубов.

**502. Кои должности се однесуваат на внатрешното богопочитување?**

Следниве обврски се однесуваат на внатрешното богопочитување: 1. Да веруваме во Бог; 2. Да одиме пред Него, односно да Го имаме Бога во мислите и во сѐ да постапуваме внимателно, затоа што Тој не ги гледа само делата, туку и најсокриените наши помисли; 3. Да имаме страв од Бога или да благоговееме (да имаме вера, љубов и почит) кон Него, односно да го сметаме гневот на небесниот Отец како најголема несреќа за себе, и затоа да се обидуваме да не Го прогневиме; 4. Да се надеваме на Бога; 5. Да Го љубиме Бога; 6. Да Му се оддаваме, односно секогаш да сме спремни да го правиме она што Тој го бара, и да не роптаме кога Тој не го прави со нас она што ние би го сакале; 7. Да Му се поклонуваме како на највисоко Суштество; 8. Да Го прославуваме Бог како Сесовршен; 9. Да Му благодариме на Бог како на Творец, Промислител и Спасител; 10. Да Го призиваме Бог како себлаг и семоќен помошник во секој добар почеток.

**503. Какви се должностите во однос на надворешното богопочитување?**

Следниве должности се однесуваат на надворешното богопочитување: 1. Да го исповедаме Бог, односно да признаваме дека Тој е наш Бог, и да не се одрекуваме (откажуваме) од Него, па макар и заради тоа признавање да треба да пострадаме

и умреме; 2. Да учествуваме во заедничкото богослужение, востановено од Бог и утврдено од Православната Црква.

**504. Кои се гревовите против првата заповед?**

За подобро да ја разбереме и поправилно да ја зачуваме првата заповед, неопходно е уште и да ги знаеме гревовите против неа: 1. Безбожие – кога луѓето кои псалмопејачот правилно ги нарекува безумни, сакајќи да се избават од стравот на Божјиот суд, велат во своето срце: *Нема Боī* (Не постои Бог) (Пс. 13, 1); 2. Многубожие – кога наместо единствениот вистинит Бог признаваат многубројни, лажни божества; 3. Неверие – кога признавајќи дека Бог постои, не веруваат во Неговото Провидение и Откровение; 4. Ерес – кога луѓето заедно со учењето на вистинската вера помешуваат и мненија кои ѝ противречат на Божествената вистина; 5. Раскол, односно своеволно отклонување од единството на богопочитување и од Православната Соборна Божја Црква; 6. Богоотстапување – кога се одрекнуваат од вистинската вера од човечки страв или заради световни ползи; 7. Очај(ание) – кога воопшто не се надеваат дека од Бога ќе примат благодат и спасение; 8. Волшепство – кога оставајќи ја верата во Божјата сила, веруваат во тајни и, во поголем број, во зли сили на тварите, и особено во зли духови, па се обидуваат да дејствуваат според нив; 9. Суеверие – кога веруваат во некакви обични предмети, небаре тие имаат Божествена сила, и на нив, наместо на Бога се надеваат, и од нив се бојат; така, на пример, веруваат во некоја стара книга, и веруваат

дека единствено преку неа можат да се спасат, а не ако е нова, иако и во новата се содржи истото тоа учење и богослужење; 10. Мрзливост во однос на учењето за благочестијата, во однос кон молитвите и кон заедничкото богослужење; 11. Поголема љубов за предметите отколку за Бог; 12. Човекоугодие – кога им угодуваат на луѓе, а притоа не се обидуват да му угодат на Бога; 13. Човеконадевање – кога некој се надева на својата способност и сили, или на способноста и силите на други луѓе, а не на Божјата милост и помош.

**505. Зошто човекоугодието и човеконадевањето ѝ противречат на првата заповед?**

Човекоугодувањето и човеконадевањето ѝ се спротивни на првата заповед, затоа што човекот, кому му угодуваме или на кого се надеваме, а притоа го заборавам Бог, на извесен начин за нас станува нов бог - бог наместо вистинскиот Бог.

**506.** Во Светото писмо за човекоугодието се вели следново: *настојувам ли да им угодам на луѓето? Ако уште би им угодувал на луѓето, немаше да бидам Христов слуга* (Гал. 1, 10).

**507.** Светото писмо говори за човеконадевањето: Така вели Господ: *проклет да е оној човек, што се надева на човек и кој телото свое го смета за сила, и чие срце се клони од Господа* (Ере, 17, 4-5).

**508. Како да ги исполниме своите должности кон Бог?**

За подобро да преуспее во исполнувањето на своите обврски кон Бога, човекот со самиот себе треба да постапи на следниов начин: треба да се

одрече од самиот себе. *Кој сака да врви по Мене, нека се одрече од себе, и нека го земе крстот свој и нека оди по Мене* (Мк. 8, 34), вели Господ.

**509. Што значи одрекувањето од самите себе?**

Да се одречеме од себе, значи, според објаснувањето на свети Василиј Велики, следново: „Сам од себе се одрекува оној кој ќе го слече стариот човек од неговите дела, зашто тој го приклонувал кон прелесни страсти (го растлејувал во лажни похоти). Тоа значи да се одрекуваме и од сите световни пристрасности, кои можат да го попречат стекнувањето на благочестието. Совршеното одрекување се состои во тоа да се биде беспристрасен дури и кон самиот живот, и да размислуваме за смртта, за да не се надеваме на себе“ (*Опширни етички одговори*, 8).

**510. Дали има утеха човекот кој се одрекува од себе?**

Кога човек се одрекува од себе и се лишува од многубројни природни задоволства, може да има благодатна, Божествена утеха која нема да можат да ја нарушат ниту самите страдања. *Оти, како што се умножуваат Христовите страдања во нас, така се умножува и утехата наша преку Христа* (2 Кор. 1, 5).

**511. Кого уште треба да почитуваме без да ја нарушуваме првата заповед?**

Првата заповед која препишува благоговејно да Го почитуваме единствениот Бог, целосно соодветствува и правилно почитување на ангелите и светите луѓе, затоа што во нив ние ја почитуваме

Божјата благодат, која се наоѓа и дејствува во нив, и преку нив просиме помош од Бога.

## За втората заповед

**512. Што е тоа идол?**

Во втората заповед се говори за идолите. Во самата заповед ни е објаснето дека идолот е изобразување на некаква твар, небесна, или земна, или која живее во водите, на која наместо на Бога ѝ се поклонуваат и ѝ служат.

**513. На што ни забранува да му се поклонуваме втората заповед?**

Втората заповед забранува да им се поклонуваме на идолите бидејќи тие се лажни божества, односно се изобразувања на лажни богови.

**514. Дали со тоа се забрануваат сите изобразувања?**

Не, со оваа заповед воопшто не ни се забрануваат сите видови на свештени изобразенија. Тоа е очигледно од тоа што пророкот Мојсеј, преку кого оваа заповед ни е дадена од Бога, забранувајќи ги идолите, истовремено примил од Бога заповед да постави во скинијата, односно во подвижниот еврејски храм, златни свештени изобразенија на херувимите, и, притоа, тоа да биде направено во внатрешниот дел на храмот, делот во кој народот одел за поклонение на Бог.

**515.** Тој пример ни ја објаснува правилноста на употребата на светите икони во Православната Црква.

**516. Што е икона?**

Зборот **икона** (во превод од грчки) значи **образ**, односно **изобразување**. Во Православната Црква со тоа име се нарекуваат свештените изобразувања на Бог, Кој се јави во плот – нашиот Господ Исус Христос, потоа изобразувањата на Неговата Пречиста Мајка и на Неговите светии.

**517. Дали употребата на икони ѝ противречи на втората заповед?**

Употребата на светите икони не би била согласна со втората Божја заповед, единствено во случај доколку некој започне да ги боготвори, да ги обожува иконите. Но, на таа заповед во никој случај не ѝ противречи почитувањето на иконите како свештени изобразувања и нивното употребување за благоговејно спомнување на Божјите дела и на Неговите светии, зашто во тој, правилно разбран случај иконите се книги, во кои наместо букви се нацртани ликови и предмети (свети Григориј Велики, *Писма*, кн. 9, Писмо 9, кон Серенскиот епископ).

**518. Како треба да им се поклонуваме на иконите?**

За време на поклонувањето на иконите треба да бидеме во следново расположение на духот: оној што гледа на нив треба со умот да гледа кон Бога и светиите коишто се претставени на нив.

**519. Како се нарекува гревот против втората заповед?**

Гревот против втората заповед се нарекува идолопоклонство.

**520. Кои други гревови ја нарушуваат

**втората заповед?**

Освен грубото идолопоклонство постојат и повеќе помали гревови против втората заповед. Кон тие гревови припаѓаат: 1) лакомство; 2) чревоугодие, или лакомост, прејадување и пијанство; 3) гордост, кон која припаѓа и суетата.

**521. Зошто користољубието ѝ противречи на втората заповед?**

Лакомството се однесува на идолопоклонство. Апостол Павле вели дека *лакомството е идолопоклонство* (Кол. 3, 5), затоа што лакомиот човек повеќе му служи на богатството отколку на Бога.

**522. Што му е спротивно на користољубието?**

Втората заповед го забранува користољубието, па со самото тоа нѐ учи на нелакомост и на штедрост (дарежливост).

**523. Зошто чревоугодието ѝ противречи на втората заповед?**

Чревоугодувањето се однесува на идолопоклонство затоа што чревоугодниците повеќе од сѐ ги љубат сетилните задоволства, и затоа апостол Павле вели дека *нивниот бог е стомакот* (Флп 3, 19), односно, поинаку кажано стомакот е нивен идол.

**524. Што му е спротивно на човекоугодието?**

Втората заповед го забранува стомакоугодувањето и со самото тоа нѐ учи на воздржание и пост.

**525. Зошто гордоста и суетатата ѝ противречат на втората заповед?**

Гордоста и суетата се однесуваат на идоло-

поклонството затоа што гордиот повеќе од сè ги цени своите способности и моќи, па така, тие за него се идоли. Суетниот сака и другите да го почитуваат тој идол. Такво расположение на гордост и суетност се пројавиле кај вавилонскиот цар Навуходоносор, кој самиот си поставил златен идол и заповедал да му се поклонуваат (Дан. 3).

**526. Кој порок му е близок на идолопоклонството?**

Постои и уште еден порок кој му е близок на идолопоклонството, а тоа е лицемерието. Лицемерието настанува кога кои било надворешни дела на благочестие, на пример, пост и строго зачувување на обредите се исползува за да се добие почит од народот, без да се размислува за внатрешно исправање, очистување на своето срце (Мт. 6, 5-7).

**527. Што им е спротивно на гордоста, суетноста и лицемерието?**

Втората заповед ги забранува гордоста, суетноста и лицемерието и со самото тоа нè учи на смирение и на вршење на добри дела во тајност.

## За третата заповед

**528. Кога Божјото име се произнесува напразно?**

Името Божјо напразно се прима, или напразно се произнесува кога се изговара во бесполезни и суетни разговори, а уште повеќе напраз-

но се произнесува кога се изговора лажливо или со нарушување на благоговенеието.

**529. Кои гревови се забрануваат со третата заповед?**

Со третата заповед се забрануваат следниве гревови: 1) богохулење, односно дрски слова против Бога; 2) ропот кон Бога, жалби на Неговото Провидение; 3) светогрдие, кога кон свештените предмети се обраќаме во шала или во бес; 4) невнимателност во молитвата; 5) лажна заклетва, кога со заклетва се утврдува нешто што не постои; 6) престапување на заклетвата, кога не се исполнува справедлива и законска заклетва; 7) нарушување на ветувањата кои сме му ги дале на Бога; 8) колнење односно лекомислена употреба на заклетви во обични разговори.

**530. Што ни говори Светото писмо за колнењата во зборовите?**

Во Светото писмо особено се забранети колнењата во разговорите. Спасителот вели: *Јас, пак, ви велам: не колнете се воопшто - ниту во небото, оти е престол Божји... Но зборот ваш да биде: да, да, - не, не, а се што е повеќе од лукавиот е* (Мт. 5, 34, 37)

**531. Дали заклетвите се однесуваат и на општествените дела?**

Не, секоја заклетва не е забранета во општествените дела. Апостол Павле вели: *Луѓето, пак, се колнат во погорно од себеси, и клетвата како потврда на секоја нивна препирка става крај. Затоа Бог, како на наследниците во ветувањето сакаше нарочно да им ја покаже Својата неименлива волја, посведочи со клетва* (Евр. 6, 16-17). Од тоа треба да се заклучи

дека кога веќе и Самиот Бог за непремостливо уверение употребил заклетва, дотолку повеќе ни е нам дозволено во важни и неопходни случаи, по побарување од законската власт, да употребиме заклетва, но со благоговение и со цврста намера да не ја прекршиме дадената заклетва.

## За четвртата заповед

**532. Зошто се заповеда токму седмиот ден да Му го посветиме на Бога?**

Точно седмиот, а не некој друг ден од седмицата треба да Му го посветиме на Бога, затоа што Бог во шест дена го создаде светот, а во седмиот отпочина од делото на создавање на светот.

**533. Како во Црквата се празнува старозаветниот ден на одморот – саботата?**

Саботата во Христијанската Црква не се прославува како совршен (вистински) благден. Сепак, во сеќавање за создавањето на светот, и како продолжение на првоначалното прославување, во сабота сме ослободени од пост.

**534. Како се исполнува четвртата заповед во Христијанската Црква?**

Таа се исполнува на следниов начин. Се прославува седмиот денот после секои шест дена, но не последниот од тој седумдневен циклус, односно не саботниот ден, туку првиот ден во секоја седмица – неделниот ден (денот на Воскресението).

**535. Од кога започнало прославувањето на неделата?**

Неделата (воскресниот ден) се празнува од времето на Христовото Воскресение.

**536. Што се вели во Светото писмо за прославувањето на седмиот ден?**

Во Светото писмо се говори за прославување на неделниот ден. Во книгата Дела апостолски се напоменува за соборот на христијаните во недела, односно во првиот ден на седмицата - воскресниот ден. Тоа било собор за прекршување на лебот, односно за извршување на Светата тајна Причест (Дела 20, 7). Кај апостолите и кај евангелистот Јован во Откровението, исто така, се напоменува неделниот или воскресен ден (Откровение 1, 10).

**537. Дали во Старозаветната црква под името сабота се подразбирале и други денови?**

Под името седми ден, односно сабота, во Старозаветната црква се подразбирале и другите денови, востановени за празнување или за пост, како на пример, благденот Пасха, денот на очистување. Па така и во христијанската Црква треба да ги запазуваме, освен неделниот ден и другите, во Божја слава и во чест на Пресвета Богородица и останатите свети востановени празници и пости. (*Православно исповедање*, дел. 1, прашање 88; дел 3, прашање 60).

**538. Кои се најважните воспоставени празници во Православната Црква?**

Најважните благдени се оние празници кои се востановени во сеќавање на најважните настани

кои се однесуваат на спасителното Воплотување на Божјиот Син и на јавување на Бог во тело, а исто така, и оние кои се востановени во чест на Пресвета Богородица, која неизмерно ја почитуваме како онаа која ѝ послужи на тајната на Воплотувањето. Такви се, според поредокот на настаните, следниве празници:

1. Рождество на Пресвета Богородица (8/21 септември);

2. Воведение во храмот на Пресвета Богородица за нејзино посветување на Бога (21 ноември/4 декември);

3. Денот на Благовештението на Пресвета Богородица, односно ангелското возвештение на Пресветата Дева за Воплотувањето на Божјиот Син од неа (25 март/ 7 април);

4. Христовото Рождество (25 декември/7 јануари);

5. Господовото Крштение и едновременото Свето Богојавление (6/19 јануари);

6. Сретението Господово во храмот со светиот праведен Симеон Богопримец (2/15 февруари);

7. Преображение Господово (6/19 август);

8. Влегувањето на Господ во Ерусалим (седум дни пред Пасха, во недела);

9. Велигден, празникот на Христовото Воскресение, празникот над празниците, претпочеток на вечниот празник, вечното блаженство;

10. Господовото Вознесение на небесата (во 40-тиот ден по Велигден, во четврток);

11. Благденот на Педесетница, во спомен на слегувањето на Светиот Дух над апостолите,

во слава на Пресвета Троица (во 50-тиот ден по Велигден, во недела);

12. Воздвижение на чесниот животворен Крст на Господ пронајден од светата царица Елена (14/ 27 септември);

13. Успение на Пресвета Богородица (15/28 август);

**539. Кој е најважниот пост во Православната Црква?**

Тоа е Великиот пост, односно светата четириесетница.

**540. Зошто тој пост се нарекува света четириесетница?**

Тој се нарекува четириесетница, затоа што трае во текот на четириесет дни, пред доаѓањето на седмицата на Христовите Страдања (односно Страсната седмица).

**541. Зошто тој трае четириесет дена?**

Великиот пост трае четириесет дни, зашто самиот Господ Исус Христос постел во тек на четириесет дена (Мт. 4, 2).

**542. Зошто треба да постиме во средите и во петоците?**

Наложено ни е да постиме во среда и во петок од следниве причини: во среда во спомен на предавањето на нашиот Господ Исус Христос на страдање, а во петок, во спомен на самото Негово страдање и крсна смрт.

**543. Зошто се наложени и други пости во Православната Црква?**

Божикниот и Успенскиот пост се утврдени за

преку подготвителен период на воздржание да се почитуваат празниците што следуваат, односно деновите посветени на Христовото Рождество и на Успението на Пресвета Богородица, а постот востановен во сеќавање на светите апостоли ни е даден заради подражавање на апостолите кои постеле, подготвувајќи се себеси за Евангелската проповед (Дела 13, 3).

**544. Како треба да ги минуваме празниците?**

Благдените според заповедта треба да ги минуваме на следниот начин. Најнапред, во тие денови не треба да работиме, или не треба да правиме световни и житејски дела; како второ, треба свето да ги чуваме, односно во тие денови да извршуваме свети и духовни дела во слава на Бога.

**545. Зошто ни е забрането да работиме на празниците?**

Во тие денови ни е забрането да работиме, за да можеме непречено да извршуваме свети и богоугодни дела.

**546. Што треба да правиме на празниците?**

Во деновите на прославување на празниците треба: 1) да одиме во црква за заедничко богослужење и поучување во Божјото слово; 2) и дома да се зафаќаме со молитва и читање односно со душеполезни разговори; 3) да Му посветуваме на Бога дел од својот имот и тоа да го употребуваме за потребите на Црквата, служејќи ѝ на Црквата и на благотворење на сиромашните; 4) да ги посетуваме болните и затворените во затвори и да правиме други дела на хистијанска љубов.

**547. Дали тоа треба да го правиме и во работните денови?**

Такви дела можеме да правиме и во останатите, работни денови, и добро е за оној кој може да ги прави. Треба непрестано да се молиме, секој ден, наутро и навечер, пред појадок, ручек и вечера и после нив, и по можност, на почетокот и на крајот на секое дело.

**548. Зошто во празниците се особено грешни порочните дела?**

Оние кои во празнични дни си дозволуваат нескромни игри (или разоноди), спектакли, световна музика, невоздржаност во храна и пиење, во огромна мера ја оскорбуваат светоста на благдениите. Затоа што ако невините и за времениот живот полезни работи не сообразуваат со деновите на светиите, тогаш уште помалку со нив се сообразни бесполезните, плотски и порочни дела.

**549. Дали четвртата заповед ги осудува празноста и расејаноста?**

Кога четвртата заповед говори за шестдневно делување, тогаш таа, без сомнеж, ги осудува оние кои во прости дни не се занимаваат со дела што соодветствуваат на нивното звание, туку времето го поминуваат во празнотија и расејаност.

## За петтата заповед

**550. Што нè учи Светото писмо за начинот на кој треба да се однесуваме кон родителите?**

Петата заповед пропишува особени должности за нашиот однос кон родителите, имено, таа нè учи да ги почитуваме на следниов начин: 1) со почит да разговараме со нив; 2) да им се покоруваме; 3) да ги чуваме и да им даваме помош и спокој во време на болест и во староста; 4) по нивната смрт, како и за време на нивниот живот, да се молиме за спасение на нивните души и верно да ги исполнуваме нивните завештанија, кои не му противречат на Божјиот и граѓански закон (2 Мак. 12, 43-44; Ере. 35, 18-19; преп. Јован Дамаскин, *Слово за починатите*).

**551. Колку е тежок гревот за непочитување на нашите родители?**

Колку што е природно да ги љубиме и да ги почитуваме родителите на кои им ги должиме нашите животи, во таа мера е тежок гревот на нивното непочитување. Затоа, во Мојсеевиот закон за злословие во однос кон таткото или кон мајката се заповеда смртна казна (Исх. 21, 16).

**552. Зошто кон оваа заповед е соединето и верување за добивање на добар, среќен и долг живот ?**

Тоа е направено за преку свесноста за очевидната награда уште повеќе да се поттикнеме кон исполнување на таквата заповед, на која се утврдува поредокот, најнапред во семејниот, а потоа и во општествениот живот.

**553. На кој начин се исполнува ветувањето за среќа, радост и долг живот?**

Тоа се исполнува на следниот начин. Примерите на древните патријарси или праотци

покажуваат дека Бог му дава особена сила на родителскиот благослов (1 Мојс. 27). Татковиот благослов го утврдува домот на неговите деца (Сир. 3, 9). Бог, според Своето праведно и премудро Провидение, особено го чува животот и им овозможува добробитие на оние кои ги почитуваат родителите, на земјата, и како особена награда за совршена добродетел дарува бесмртен и блажен живот во небесната Татковина.

**554. Зошто во заповедите за љубовта кон ближните, пред сè, се напоменуваат родителите?**

Во заповедите во кои се пропишува љубов кон ближните, пред сè, се напоменува за родителите, затоа што родителите ни се поблиски од сите.

**555. Кого треба да го почитуваме како наш родител?**

Во петтата заповед со зборот „родители“ треба да ги подразбереме сите кои ни се како родители.

**556. Кој може да ни биде како родител?**

Како родители нам ни се: 1) државната власт и татковината, затоа што државата е едно големо семејство, во кое сите ние сме деца на нашата татковина; 2) пастирите и духовните учители, затоа што тие преку учењето и Светите тајни нè раѓаат во духовен живот и нè образуваат во него; 3) постарите по возраст; 4) благодетелите; 5) началниците (управителите).

**557. Што ни вели Светото писмо за почитување на државната власт?**

Светото писмо за почитувањето на државната власт ни го говори следново: *Секоја душа да им се потчинува на предпоставените власти, зашто нема власт, што не е дадена од Бог. Затоа, оној што се противи на власта, се противи на Божјата наредба* (Рим. 13, 1-2). *Затоа треба да се покорувате, и тоа не само поради страв, туку според совеста своја* (Рим 13, 5). *Бој се, синко, од Господ и од царот; не востанувај ни против едниот ни против другиот* (Приказни 24, 21). *Почитувајте ги сите, негувајте братољубие, бојте се од Бог, почитувајте го царот!* (1 Птр. 2, 17).

**558. Колку далеку треба да се простира нашата љубов кон татковината?**

Нашата љубов кон татковината треба да биде толкава што ќе бидеме спремни и својот живот да го положиме за неа.

**559. Што ни вели Светото писмо за почитувањето на пастирите и духовните учители?**

Светото писмо за почитувањето на пастирите и духовните учители ни вели: *Покорувајте им се на наставниците ваши и бидете послушни, оти тие, бидејќи се задолжени да одговарааат, бдеат за вашите души, - та со радост тоа да го вршат, а не со воздишки, зашто тоа не е полезно за вас* (Евр. 13, 17).

**560. Што ни вели Светото писмо за почитувањето на постарите?**

Во Светото писмо постои посебен указ за тоа дека постарите по возраст треба да ги почитуваме подеднакво како што ги почитуваме нашите родители. Апостолот Павле се обраќа кон апостолот Тимотеј: *Не укорувај старец, туку почитувај го како*

*татко; помладите, пак, како да ти се браќа, старите жени - како мајки, младите - како сестри, со секаква чистота* (1 Тим. 5, 1-2). *Пред седо лице станувај, почитувај го лицето на старец и бој се од Господа, твојот Бог* (3 Мојс. 19, 32).

**561. Што ни говори за почитувањето на благодетелите?**

Можеме да се увериме за тоа дека благодателите треба да ги почитуваме како и нашите родители врз основа на примерот којшто ни го дава Самиот Господ Исус Христос, Кој му *беше послушен* (Лк. 2, 51) на Јосиф, без оглед на тоа што Јосиф не беше негов родител, туку само воспитател.

**562. Кого уште треба да го почитуваме како што ги почитуваме нашите родители?**

Тука се училишните раководители кои, исто така, треба да ги почитуваме, подобно на нашето почитување на родителите, бидејќи тие се оние што наместо родителите се грижат за нашето воспитание, односно оние што раководат со училиштата. Потоа и наставниците; оние што нè зачувуваат од беспоредоците и нè устројстваат во општеството, односно граѓанските раководители, оние што нè заштитуваат од повреди преку силата на законите, т.е. судиите, оние на кои државната власт им доверува зачувување и заштита на општествената сигурност од крадци, односно од воени началници.

**563. Што ни говори Светото писмо за должностите кон оние што раководат?**

Во Светото писмо за должителностите кон началниците од различен вид се вели: *дајте секому, што сте должни: кому данок - данок; кому давачка -*

*давачка; кому страв - страв; кому чест - чест* (Рим. 13, 7).

**564.** За потчинувањето на служителите и рабите кон господарите Светото писмо го вели следново: *вие, слугите, бидете им послушни на вашите господари по тело со страв и трепет, во простотата на срцето, како на Христос, не служете само пред очите, како оние кои им угодуваат на луѓето, туку како Христови служители, кои од сета душа ја извршуваат Божјата волја!* (Ефес. 6. 5-6). *Слуги, покорувајте им се на своите господари со целосна почит, но не само на добрите и кротките, туку и на суровите* (1 Птр. 2, 18).

**565. Какви должности ни се пропишуваат за нашиот однос кон децата?**

Светото писмо препишува должности кон децата, соодветно на должностите кон родителите. *Вие, татковците, не дразнете ги децата свои, туку воспитувајте ги во науката и стравот од Господ* (Ефес. 6, 4).

**566. Што ни пропишува Светото писмо во однос на тоа како пастирите треба да се однесуваат кон своето паство?**

Светото писмо за должностите (долгот, обврските) на пастирите (во однос) кон духовното паство вели: *пасете го Божјото стадо, кое е меѓу вас и надгледувајте го, не со принуда, туку доброволно, како што Бог сака; не со желба за нечесна печалба (не заради неправедна ваша корист), туку со искрено срце* (1 Птр. 5, 2-3).

**567. Што ни говори Светото писмо за должностите на управителите и владејачите?**

Светото писмо за нивните должностите го вели следново: *Вие, господарите, кон робовите свои бидете справедливи и давајте им го она што е правично, кога знаете дека и вие имате Господар на небесата!* (Кол. 4, 1).

**568. Како треба да постапуваме кога ни бараат нешто што му противречи на Светото писмо?**

Ако се случи родителите или началниците да побараат нешто противположно на верата или Божјиот закон, тогаш треба да им се каже, како што апостолите им кажале на јудејските началници: *Справедливо ли е пред Бога, да ве слушаме вас повеќе отколку Него? Сами пресудете!* (Дела 4, 19). Оттаму, треба да знаеме дека заради верата и Божјиот закон треба да претрпиме сè.

**569. Како се нарекува добродетелта која од нас ја бара петтата заповед?**

Квалитетот, односно добродетелта која ја бара петтата Божја заповед, се нарекува послушание.

## За шестата заповед

**570. Што се забранува со шестата заповед?**

Со шестата заповед се забранува убиството, или земањето на животот на ближниот, на каков било начин.

**571. Дали секое убиство е законопрестапление?**

Не секое одземање на живот е законопрес-

тапно убиство. Не е беззаконо убиство кога се одзема живот по должност, односно: 1) кога престапник е казнет со смрт согласно на правдата; 2) кога во војна се убива непријател во одбрана на татковината.

**572. Како да се однесуваме кон ненамерното убиство?**

За неволното убиство, односно кога се убива случајно, без намера, треба да го мислиме следново. Неволниот убиец не може да се смета за невин, доколку не се исползувал со сите предострожности кои можеле да го спасат од таа несреќа (да се избегне тоа несреќно убиство), во секој случај тој има потреба од чистење на совеста, според устројството на Црквата.

**573. Што уште се подразбира под законопрестапно убиство?**

Освен непосредното законопрестапно убиство, кое се извршува со какво и да било оружје, за законопрестапни можат да се сметаат и следниве случаи: 1) кога судијата осудува човек за чија невиност е свесен; 2) кога некој скрива или ослободува убиец, па со самото тоа му дава можност за извршување на нови убиства; 3) кога некој може да спаси ближен од смртта, но не го спасува, како, на пример, ако богат допушта сиромашните да умираат од глад; 4) кога некој ги истоштува своите потчинети со претерана работа и со жестоки казни, па со самото тоа го забрзува часот на нивната смрт; 5) кога некој со невоздржание или со други пороци го скратува својот сопствен живот.

**574. Зошто самоубиството е тежок грев?**

Самоубиство е најголемо убиство. Оти ако е спротивно на природата да се убие друг, нам подобен човек, тогаш уште попротивречно е да се убиеме самите себе. Нашиот живот не ни припаѓа како сопственост нам, туку на Бога, Кој ни го подарил животот.

**575. Зошто се тежок грев дуелите?**

Доколку разрешувањето на одделните спорови е дело на државната власт (односно правните органи - судот), но наместо тоа учесникот во двобојот своеволно се решава на двобој, дело, во кое очигледна смрт му се заканува и нему и на неговиот соперник, тогаш во дуелите се содржат три ужасни престапи: бунт против државата, убиство и самоубиство.

**576. Што е тоа духовно убиство?**

Освен телесното убиство постои и духовно убиство. Родум од духовното убиство е соблазната - кога некој го воведува својот ближен во неверие или го вовлекува во беззаконие и со самото тоа неговата душа ја подвргнува на духовна смрт. Спасителот вели: *кој соблазни едно од овие мали, за него е подобро да му се обеси воденички камен на вратот и да потоне во морска длабочина* (Мт. 18, 6).

**577. Што уште можеме да именуваме како убиство?**

Постојат уште суптилни облици на убиство. Имено, кон тој грев во одреден степен се однесуваат сите дела и зборови кои се направени и изговорени против љубовта и кои неправедно го нарушуваат спокојството и безбедноста на ближниот, и, на крај, тука припаѓа и внатрешната

омраза против ближниот, макар што таа не се открива. *Секој што го мрази својот брат е човекоубиец* (1 Јн. 3, 15).

**578. Како треба да постапуваме за да ја исполниме шестата заповед?**

Кога се забранува да се нанесува штета врз животот на ближниот, со самото тоа се заповеда, доколку е можно, да се заштитува неговиот живот и благосостојба.

**579.** Во врска со тоа треба да го правиме следново: 1) да им помагаме на сиромавите; 2) да им служиме на болните; 3) да ги утешуваме оние што се во тага; 4) да ја олеснуваме положбата на оние што доживуваат несреќи; 5) со сите да се однесуваме кротко, со љубов и поука; 6) да се помириме со оние што ни се гневат; 7) да ги простуваме навредите и делата и да им правиме добри дела на непријателите.

## За седмата заповед

**580. Што забранува седмата заповед?**

Со седмата заповед се забранува блудот.

**581. Кои гревови се забрануваат со името прељубодејание?**

Следните видови на гревови се забрануваат како блудни. Апостол Павле ги советува христијаните воопшто да не говорат за тие мерзости (Ефес. 5, 3). Само по неопходност, за зачувување од тие гревови, е нужно да напоменеме неколку

од нив: 1) блуд, или незауздана телесна љубов помеѓу луѓе кои не се во брак; 2) прељубодејство, кога сопружниците кои се наоѓаат во сопружничка љубов беззаконски општат со луѓе надвор од бракот; 3) крвосмешение, кога со сојуз подобен на сопружничкиот, се соединуваат блиски роднини.

**582. Што е прељубодејство и блуд?**

Спасителот за блудот го учи следново: *Јас, пак, ви велам дека секој што ќе погледне на жена со желба, тој веќе извршил прељуба со неа во срцето свое* (Мт. 5, 28).

**583. Како треба да се пазиме од внатрешно прељубодејство?**

За да не паднеме во суптилното, внатрешно прељубодејство, треба да го избегнуваме сето она може во срцето да ни разбуди нечисти чувства, како: сладострасни песни, сладострасни танци, скверbrowсловија, нескромни игри и шали, нескромни претстави, читање на книги во кои се опишува нечиста љубов, пијанство. Треба да се ослонуваме на Евангелието, и да не го гледаме она што нè соблазнува. *Ако те соблазнува десното око, извади го од себе; зашто подобро е да погине еден дел од твоето тело, отколку целото да биде фрлено во пеколот* (Мт. 5, 29).

**584. Што значи да се извади окото?**

Да го извадиме окото од себе, не значи дека треба да го извадиме со раце, ами со волја. Оној кој тврдо се решил и кој не му попушта на она што го соблазнува, тој веќе го извадил од себе окото кое го соблазнува.

**585. Што му е спротивно на гревот на**

**прељубодејството?**

Кога го забрануваме гревот на прељубодејството, тогаш преку тоа се пропишуваат следните добродетели: сопружничка љубов и верност, а за оние кои можат да постигнат – совршена чистота и целомудрие.

**586. Какви заемни односи треба да постојат помеѓу сопругот и сопругата?**

Светото писмо за должностите помеѓу сопругот и сопругата го вели следново: „*Вие, мажите, сакајте ги жените свои, како што и Христос ја засака Црквата и се предаде Себеси за неа*“ (Ефес. 5, 25); *вие, жените, покорувајте им се на мажите свои, како на Господа, зашто мажот е глава на жената, како што е и Христос глава на Црквата, и Он е Спасител на телото* (Ефес. 5, 22-23).

**587. Како треба да го избегнуваме блудот?**

За да го избегнуваме блудот и да живееме целомудрено, Светото писмо ни заповеда нашите тела да ги чуваме во чистота, бидејќи: *Зар не знаете, дека телата ваши се Христови членови?... а блудникот греши против своето сопствено тело* (односно го растлејува, го заразува со болести и ги повредува и неговите душевни способности, како што се: имагинацијата и меморијата) (1 Кор. 6, 15, 18).

## За осмата заповед

**588. Што се забранува со осмата заповед?**

Со осмата заповед се забранува кражбата, односно на кој било начин присвојување на она што им припаѓа на другите.

**589. Кои се главните гревови кои се забранети со осмата заповед?**

Постојат особени гревови кои се забранети со таа заповед. Главни се: 1) грабнувањето, односно одземањето на туѓи предмети преку сила; 2) кражба, односно скришно земање на туѓи предмети; 3) измама, или присвојување на нешто што му припаѓа на туѓ човек со употреба на итрина, кога, на пример, се даваат лажни (фалсификувани) пари наместо вистински, лош производ наместо убав, преку лажна вага, лажна мера - не се дава продаденото во целосна количина, се скрива својата имотна состојба за да не се платат долгови, не се исполнува ветеното според дадените услови или ветувања; кога се крие виновниот за кражба и преку тоа се лишува повредениот од тоа да се сретне со виновниот и да добие правда; 4) светогрдие, или присвојување на тоа што Му е посветено на Бога и што ѝ припаѓа на Црквата; 5) духовно светогрдие, кога едни ги оставаат, а други нечесно ги примаат свештените должности не по достоинство, туку заради корист: 6) подмитување, кога се зема награда од потчинетите или осудените и во зависност од корисноста која се добива се оправдуваат виновните, а се притеснуваат невиновните; 7) паразитизам, кога се прима плата за својата должност или плата за своето дело, но должностите и делата не се исполнуваат и, на таков начин, всушност се краде и плата, и полза која со труд би можела да му се принесе

на општеството или на оној за кого требало да се работи; исто така, и кога постои реална сила за стекнување на опстанок со труд, но наместо тоа се живее од милостина; 8) изнудување, кога, небаре, заради некакви права, но во суштина преку нарушување на праведливоста и човекољубието, во своја полза присвојуваат туѓа сопственост, или туѓ труд, или бедна положба на ближните кога, на пример, заемодавците ги обременуваат должниците со раст на заемот, кога владетелите ги истоштуваат оние коишто зависат од нив со излишни задачи и работа, ако во време на глад продаваат леб по превисока цена.

**590. Кои добродетели ѝ соодветствуваат на осмата заповед?**

Така како што се забрануваат тие гревови, така се препишуваат следниве добродетели: 1) незлоупотреба; 2) верност; 3) правосудие; 4) милосрдие кон бедните.

**591. Дали грев против осмата заповед е и немилосрдието кон сиромавите?**

Немилосрдниот кон сиромавите, исто така, греши и против осмата заповед, доколку има со што да им помогне, а не го прави тоа. Бидејќи сето она што го имаме му припаѓа на Бога и повеќе од нашите потреби ни се дава по Божјото провидение за помош на сиромавите, па затоа, ако не им оддeлуваме од нашиот вишок, тогаш на тој начин крадеме или ја сокриваме нивната сопственост и Божјиот дар.

**592. Која добродетел им е спротивна на гревовите против осмата заповед?**

Постои и виша добродетел, спротивна на гревовите против осмата заповед. Таквата добродетел, предложена од Евангелието, не како обврска за сите, туку како совет за оние кои ревнуваат за подвизи на благочестие, е совршено нестекнување, односно одрекување од секаква сопственост. *Ако сакаш да бидеш совршен, оди, продај го имотот свој и раздели го на сиромаси, и ќе имаш сокровиште на небото; па дојди и врви по Мене* (Мт. 19, 21).

## За деветтата заповед

**593. Што се забранува со деветтата заповед?**

Со деветтата заповед се забранува лажно сведочење против ближниот, и секаква лага.

**594. Какви видови на лажно сведочење постојат?**

Под лажно сведоштво се забранува: 1) лажно судско сведоштво, кога некој се донесува на суд, или се жалат на него, или сведочат лажно против него; 2) лажно сведоштво надвор од судот – кога некого клеветат во негово отсуство или кога некого во лице неправедно го обвинуваат.

**595. Треба ли да се укоруваат другите за нивните пороци?**

Недозволиво е да ги укоруваме другите кога имаат пороци. Евангелието не ни дозволува да судиме и за вистински пороци или недостатоци

на ближните, доколку самите по обврска не сме повикани да ги разобличуваме, да ги поправаме преку пример на кроткост: *Не судете за да не ви се суди* (Мт. 7, 1).

**596. Дали е грев лагата која се произнесува без желба да му се наштети никому?**

Лагата во која нема намера да му се напакости на ближниот е, исто така, недозволива, затоа што таа е несогласна со љубовта и почитта кон ближниот и е недостојна за човекот, а особено за христијанинот кој е создаден за да живее живот во вистина и љубов. *Поради тоа, откако ја отфрливте лагата, кажувајте си ја вистината секој на својот ближен, бидејќи сме членови еден на друг* (Ефес. 4, 25).

**597. Како да го избегнуваме гревот против деветтата заповед?**

За да ги избегнуваме гревовите против деветтата заповед треба да сме внимателни *Зашто кој сака да го љуби животот и да види добри денови, нека си го воздржува јазикот од зло и усните од измама* (1 Пет 3, 10). *Ако некој мисли дека е побожен, а не го заудзува својот јазик, туку го мами своето срце, неговата побожност е суетна* (Јак. 1, 26).

## За десеттата заповед

**598. Што се забранува со десеттата заповед?**

Со десеттата заповед се забрануваат желбите кои ѝ противречат на љубовта кон ближниот,

и помислите, кои ѝ противречат на таа љубов.

**599. Зошто се забрануваат не само делата, туку и желбите?**

Не се забрануваат само зли дела, туку и лоши желби и помисли. Тоа е така, најнапред, затоа што кога во душата има лоши желби и помисли, душата веќе станува нечиста пред Бога и недостојна за Него, како што вели Соломон: *Омразени му се на Господа лошите мисли, а чистите зборови му се мили* (Прик. 15, 26). И затоа неопходно е да се очистиме себеси и од тие внатрешни нечистотии, како што учи апостол Павле: *И така, возљубени, имајќи вакви верувања, да се очистиме од секаква скверност на телото и на духот, па да твориме дела свети и со страв од Бога* (2 Кор. 7, 1). Како второ, за да не подлегнеме под грешни дела треба да ги потиснеме гревовните желби и помисли, од кои, како од семе, се раѓаат гревовни желби и помисли, како што е кажано: *оти од срцето излегуваат лоши помисли, убиства, прељубодејства, блудства, кражби, лажни сведоштва, хули* (Мт. 15, 19). *Секој е искушуван кога го влече и го мами неговата сопствена похот. А откако ќе се зачне страста, таа раѓа грев, а извршениот грев раѓа смрт* (Јак. 1, 14-15).

**600. Која страст се забранува со десеттата заповед?**

Кога престануваме да посакуваме нешто што му припаѓа на ближниот, тогаш, преку тоа сопираме голема страст – зависта.

**601. Кои мисли и дела се забрануваат со десеттата заповед?**

Со зборовите „не ја посакувај жената на ближниот твој“ се забрануваат сладострасни мисли и желби, односно внатрешно прељубодејствие.

**602.** Со зборовите „не го посакувај домот на твојот ближен, ниту неговиот имот, ниту неговата робинка ни слуги, ни вол, ниту осле, ниту кое било негово животно, ниту што било што му припаѓа на твојот ближен“ се забрануваат користољубиви и властољубиви мисли и желби.

**603. Кои должности треба да ги исполнуваме согласно на десеттата заповед?**

Соодветно на таа забрана, десеттата заповед ни ги наложува следниве должности: 1) да ја зачуваме чистотата на срцето; 2) да бидеме задоволни со она што го имаме.

**604. Што е особено неопходно за очистување на срцето?**

За очистување на срцето ни е особено неопходно често и усрдно (истрајно) призивање на името на нашиот Господ Исус Христос.

# ЗАКЛУЧОК

## Како да го исползуваме учењето за верата и благочестието

**605.** За да се ползуваме правилно со учењето за верата и благочестието, треба да го исполуваме она што сме го познале под страв за тешко осудување во случај на неисполнување. *Кога го знаете ова, блажени сте, ако го извршувате* (Јн. 13, 7). *А оној слуга, кој ја знае волјата на својот господар и не се подготвил и не постапил според неговата волја ќе биде многу биен* (Лк. 12, 47).

**606. Што треба да правиме кога во себеси ќе увидиме грев?**

Кога во себе гледаме грев, тогаш не само што треба веднаш да принесеме покајание и цврсто да се решиме повеќе да не грешиме, туку и да се обидуваме, доколку е можно, да ја поправиме соблазната на која нè наведува гревот со тоа што ќе правиме спротивни дела. Така постапил митарот Закхеј, кога Му рекол на Господ: *Господи, еве половината од својот имот ќе го дадам на сиромаси; и ако сум зел од некого нешто неправедливо, четворно ќе го вратам* (Лк. 19, 8).

**607. Како треба да постапуваме ако почнеме да си замислуваме дека сме ја исполниле секоја можна заповед?**

Следната претпазливост е неопходна во случај

ако ни се чини дека сме исполниле некаква заповед. Имено, своето срце, своите чувства и мисли треба да ги прилагодуваме согласно на зборовите на нашиот Господ Исус Христос: *Па така и вие, кога исполните сѐ, што ви е заповедано, речете: ‘Ние сме неполезни слуги, оти само го извршивме она, што бевме должни да го извршиме’* (Лк. 17, 10).

ИЗДАНИЕ НА ЕПАРХИСКИОТ ЦРКОВНО-ПРОСВЕТЕН
СОВЕТ НА КУМАНОВСКО-ОСОГОВСКАТА ЕПАРХИЈА